МИРОСЛАВ БОШКОВИЌ ДАНЧЕ МАЧЕВСКА

# ИСТОРИЈА

## ЗА
## I ГОДИНА

средно стручно образование

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. Д-р. Маргарита Пешевска
Проф. Сашко Корчовски
Проф. Славчо Марковски

Лектор
Виолета Јовановска

**Издавач**: Министерство за образование и наука за Република Македонија

**Печати**: Графички центар дооел, Скопје

**Тираж**: 8.000

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија бр. 22-5318/1 од 30.11.2010 година се одобрува употребата на овој учебник.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" , Скопје
94 (100) (075.3)

БОШКОВИЌ, Мирослав
Историја за I година средно стручно образование / Мирослав Бошковиќ, Данче Мачевска. - Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010, - 163 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-226-197-3
1. Манчевска, Данче [автор]
COBISS.MK-ID 85373706

## ПРЕДГОВОР

Учебникот по историја за прва година средно стручно образование е напишан според ФАРЕ- наставната програма за сите струки средно стручно образование за предвидените 2 часа неделен фонд, или 72 часа годишен фонд. Наставната програма опфаќа 40 наставни единици поделени на пет тематски целини од општата историја: Предисторија, Стар век, Среден век, Нов век и Најново време.

Во изготвувањето на содржините во учебникот, настојувавме да дадеме што попрегледна слика на темите кои се обработуваат, со цел поцелисходно да се согледаат историските факти и причинско-последичните односи и врски на историските настани.

Во прилог на основниот текст во учебников се дадени и бројни прилози на дидактичка апаратура, како: историски карти, илустрации, прашања и задачи, истражувачки активности, приспособени според возраста на ученичката популација на која ѝ е наменет учебников, кои сметаме со помош на објасненијата на наставниците по историја, многу ќе помогнат за подобро разбирање на содржините во учебников од страна на учениците.

Се надеваме дека учебников ќе ги задоволи поставените цели и задачи предвидени во наставната програма за прва година, а сите уочени недостатоци со задоволство ќе ги прифатиме и вградиме во наредното издание.

Авторите

# ТЕМА 1.
# ПРЕДИСТОРИЈА

# ЧОВЕКОТ ВО НАЈРАНИОТ ПЕРИОД КАМЕНО И МЕТАЛНО ВРЕМЕ

## НАСТАНУВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ

Уште од најстарите времиња луѓето си го поставувале прашањето како и кога настанал човекот. Со текот на времето се изградиле две мислења: според религијата и според науката. На пример, христијанството и неговата верска книга Библија проповедаат дека човекот бил создаден од Бога, кој го направил од глина и му вдахнал бесмртна душа. А потоа, за да не биде сам и за да остави потомство, од реброто на човекот ја создал и жената. На сличен начин постанокот на човекот го толкувале и другите религиозни учења.


*Чарлс Дарвин (1809-1882)*

Според научната теорија на англискиот научник Чарлс Дарвин во трудот *Потекло на човекот* прв укажал дека човекот не води потекло од некоја виша сила, туку дека и тој е дел од живата природа и дека и тој има свој далечен предок - човеколикиот мајмун, подложен на постојани промени низ развојниот процес, во еволуцијата. Најновите наоди зборуваат, дека директните предци на човековиот род се појавиле пред четири или повеќе милиони години. Во потрага по храна и подобри услови за живот, со текот на времето, прачовекот го променил својот физички изглед. За меѓусебно разбирање првите луѓе ги искажувале своите мисли со разни гестови, мимики и извици. Постепено под влијание на работата и начинот на живеење, се развило мислењето и свеста, а тоа, пак, довело и до појава на говорот кај луѓето.

*Како во минатото било толкувано настанувањето на човекот?*

## КАМЕНО ВРЕМЕ

Најстариот период од развојот на човечкото општество се вика камено време. Каменото време се дели на старо камено време (палеолит) и младо камено време (неолит).



*Пештера*

Во старото камено време, првобитниот човек бил принуден да живее во групи, наречени сурии или орди. Првобитните орди не биле цврсто роднински поврзани ниту организирани. Во постојаната борба за својот опстанок луѓето стекнувале сè повеќе искуства, така што дошло време кога се научиле сами да прават орудија од камен. Во понатамошната борба за живот, луѓето го пронашле и почнале да го употребуваат огнот, што претставува ново нивно постигнување. Пронаоѓањето на огнот им го олеснил животот на првобитните луѓе. Тие почнале да се населуваат и во постудените краишта, за живеење почнале да ги користат пештерите, и со помош на огнот да приготвуваат храна, што се одразило и на нивниот еволутивен развиток. Луѓето веќе почнале да си прават облека од животински кожи, имале исправено тело и развиени раце.



*Наколно живеалиште*



*Камени орудија*

Во младото камено време, луѓето научиле да го обработуваат каменот при правењето орудија и оружја. Научиле да прават и дрвени чунови и сл. Тогаш луѓето научиле да прават и живеалишта. За да бидат поблиску до изворите на храна, своите населби ги правеле покрај шумите, реките и езерата. Живеалиштата покрај водите ги правеле на колци (наколни живеалишта). Почнале да градат и колиби и земјанки. Тогаш, луѓето ги пронашле и лакот и стрелата, а ловот и риболовот станале главно занимање на луѓето во каменото време.

*Со што се карактеризира ордата - првата заедница на луѓето?*

## МЕТАЛНО ВРЕМЕ

По долготрајниот период на каменото време, доаѓа вториот и повисок степен од развојот на првобитното општество, а тоа е металното време. Човекот најпрвин го пронашол бакарот, а потоа бронзата и железото. Според овие метали и одделните периоди од историјата на човештвото се именуваат како: бакарно, бронзено и железно време.

Во металното време луѓето почнале да прават глинени садови. Појавата на грнчарството одиграла значајна улога во животот на луѓето, кое овозможило луѓето покрај печена, да употребуваат и варена храна. Во металното време луѓето научиле да ги припитомуваат животните и свесно да ги размножуваат и одгледуваат. Тоа е почеток на сточарството. Исто така, луѓето научиле да ја обработуваат земјата со мотика, тоа е почеток на полјоделството.

Со употребата на металите, поединци постојано го усовршувале производството и професионално се оддавале на таа дејност. Така започнало појавувањето на првите професионални занаетчии и занаетчиство.Поделбата на трудот и појавата на вишокот на производи, овозможиле да се појави и трговијата.

*Какви промени предизвикала појавата на првите метали во животот на луѓето?*



*Лов на мамути*

## РОДОВСКО УРЕДУВАЊЕ. МАТРИЈАРХАТ И ПАТРИЈАРХАТ.

Во почетокот луѓето живееле во мали групи наречени орди. Подоцна, со развојот на орудијата за работа, се појавиле поголеми заедници на луѓе, крвно поврзани по мајчина линија. Тие поголеми заедници се наречени родови. На чело на родот стоел избран старешина. Во почетокот на чело на родот, како старешина, стоела жена, бидејќи родот, главно зависел од работата на жените. Овој период од развитокот на родовската заедница е наречен матријархат. Со пронаоѓањето на металите и развивањето на полјоделството, сточарството и занаетчиството, постепено мажот ја презел главната улога во родот. Овој период од развојот на родовската заедница, се нарекува патријархат.



Во првобитната заедница постоела заедничка сопственост на целокупниот имот, заеднички работеле и подеднакво делеле. Не постоела приватна сопственост и експлоатација. Родовите што биле во крвно сродство се здружувале во племиња, на чело со племенски старешини или племенски совет составен од сите родовски старешини.

*Објаснете ги разликите меѓу матријархатот и патријархатот.*

## ПОЈАВА НА ДРЖАВАТА

Со развојот на производството, почнало да се распаѓа родовското општество. Сега луѓето можеле не само солидно да живеат, туку и да создаваат вишок на производи. Со вишокот на производи се јавила потреба од нова работна сила, која ја пополнувале со заробеници кои работеле кај старешините. Семејствата на старешините постојано се збогатувале и се издвојувале од другите семејства на родот според имотната положба. Така се појавила имотната нееднаквост. Семејствата кои не биле крвно поврзани се организирале во општини. Со појавата на имотната нееднаквост се издвоиле два слоја: богати и сиромашни. Поради страв од бунтови, а за да ги зачуваат своите имоти, богатите создале организирана јавна власт наречена држава на чело со владетелот. Значи, државата претставува организирана власт, односно политички апарат кој се наоѓа во рацете на богатите.

*Како настанала државата?*

# ДУХОВНИ И КУЛТУРНИ ПОТРЕБИ НА ЛУЃЕТО ВО ПРВОБИТНАТА ЗАЕДНИЦА


*Тотем*

## НАЈСТАРИТЕ ВЕРУВАЊА КАЈ ПРВОБИТНИТЕ ЛУЃЕ

При раскопувањата на населбите, т.е. живеалиштата на првобитните луѓе археолозите пронашле голем број предмети, кои биле сврзани со нивните претстави за животот, за светот, т.е. за нивните верувања. Пред се тоа биле цртани ликови на ѕидовите од пештерите, најмногу на диви животни, потоа на птици, како и фигури изработени од камен, коска, па и од друг материјал.

Сè што се случувало околу нив првобитните луѓе си го објаснувале со дејствувањето на некакви натприродни сили. Оттука кај нив, а и денес кај некои заостанати човечки заедници, се распространети најразлични верувања. Едно од најраспространетите верувања кај првобитните луѓе е што тие си претставувале дека кај луѓето, животните, растенијата, предметите, небото, земјата итн. е присутен духот - душата.

Посебно бил раширен култот кон животните, птиците. Имено, првобитните луѓе верувале дека водат потекло од некое животно и дека нивниот опстанок, особено успехот или неуспехот во ловот и сл. зависи од тоа животно. Такво верување во животно се нарекува тотемизам. Покрај култот кон животните, кај некои заедници на првобитниот човек бил развиен и култот кон черепот. Тоа се заклучува од верувањата дека по смртта душата го напушта телото и останува близу до местото каде што е погребан човекот, односно каде што покојникот живеел порано. Оттука и мртвите, или само нивните черепи, ги закопувале близу до местото на живеалиштето.

Во тесна врска со ова распространето верување кај родовските заедници многу бил развиен и култот кон предците. Имено, луѓето од родот го почитувале духот на нивниот предок, од кого сметале дека потекнуваат

и кој е присутен меѓу нив и по смртта. Тие мислеле дека тој и понатаму ги заштитува од злото и несреќ ите и се грижи за нив и по смртта.

Нашите далечни предци најмногу ја почитувале богинката-мајка, која ја сметале за прародителка на живиот свет на земјата. Тие изработувале многубројни фигури и статуетки на богинката-мајка, верувајќи дека во нив е вселен духот на предокот и дека ги заштитува.

*Проследи го развојот на религиозните верувања во првобитната заедница.*



*Фигура на божицата-мајка од Маџари (Скопско)*



*Цртежи во пештера*

## МАТЕРИЈАЛНИ ОСТАТОЦИ

Нашите далечни предци, почнувајќи уште од старото камено време, биле многу вешти во сликањето. Нивни слики и цртежи се пронајдени по ѕидовите на некои пештери како што е Ласко во Франција, Алтамира во Шпанија и на други места. Тоа се најчесто бикови, кои старите мајстори на каменот ги насликале. Некои од нив се и во боја. Освен биковите, откриени се и слики на бизони, мамути, елени и други животни, со прикази на сцени од лов.

Во нив се прикажани глетки од ловот, дури и магични игри, преку кои тогашните луѓе - ловци ја изразувале својата желба за успешен лов или радоста од ловот. Тука се гледаат најстарите верувања кај првобитните луѓе, сврзани со обожавање на животните - тотемизмот.

Траги од сликарството наоѓаме и во новото камено време. Луѓето особено ги украсувале со цртежи и своите орудија, а посебно оние што биле изработени од коски. Со појавата на грнчарството цртежите биле пренесени и на глинените садови. Шари од едноставни геометриски линии ги краселе и тие предмети.



*Прободен бизон*

Исто така, најдени се и фигури извајани од раката на палеолитскиот и неолитскиот човек. Тоа се фигури на животни што го опкружувале човекот, или фигури на глави, па дури и цели мали фигури на жени, извајани од стеатит (мек камен) или глина. Вајарските работи на првобитните луѓе ги гледаме и во бројните фигури што ги претставуваат разните нивни идоли.

Покрај тоа што најстарите уметнички дела се во тесна врска со примитивните претстави за природата и животот и ни овозможуваат да ги објасниме најстарите верски сфаќања, сепак тие откритија се сведоштво за првите почетоци на уметничкото творештво, со кое човекот не престанува да се занимава откако постои. Преку него тој ги изразува своите сфаќања, својот вкус, желбата и чувствата кон убавото и благородното.

*Како ја објаснуваш појавата на уметноста кај старите луѓе?*
*Истражи и осознај! Што означува фигурата на божицата-мајка од Маџари (Скопско)*

# ТЕМА 2.
# СТАР ВЕК

# НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА СТАРИОТ ИСТОК

## ПРИРОДНИ УСЛОВИ И НАСЕЛЕНИЕ

Најстарите подрачја на светот каде пред околу 6000 години се појавиле првите држави биле плодните долини на големите реки: Нил во Египет, Тигар и Еуфрат во Месопотамија, Инд и Ганг во Индија, како и Жолтата и Сината Река во Кина. Плодноста на овие долини се должела, главно, на редовните поплави што ги предизвикувале реките во определени периоди на годината. Поплавите на реките го правеле земјиштето поплодно, но истовремено тие им нанесувале и штети на луѓето. За да се одбранат од водената стихија, луѓето граделе големи насипи, брани, канали и иригациони системи.

Изградбата на вакви големи објекти, нивното одржување, како и обработката на земјата со тогашните примитивни орудија за работа, барала употреба на масовна работна сила. Оттаму во овие долини дошло до брзо групирање на родовите. Сѐ почесто се воделе меѓусебни војни за заграбување на поплодното земјиште и изградените канали и насипи. Тоа го забрзало процесот на распаѓањето на родовските заедници, така што дошло до создавање на првите држави.

*Каде се појавиле првите цивилизации?*




*Стариот Исток*

## СОЗДАВАЊЕ НА ПРВИТЕ ДРЖАВИ

Најстарите држави на Стариот Исток биле мали и обично опфаќале град со пошироката околина, па затоа се нарекувале градови-држави. Со обединувањето на повеќе мали држави, се создавале поголеми држави. На чело на државата стоел владетелот кој имал неограничени права и бил врховен господар на земјата и луѓето. Владетелот живеел во убава и раскошна куќа со расшно украсен престол. Во управувањето со државата на владетелот му помагале свештениците, чиновниците, судиите и сл. Во старите источни држави населението се делело на три слоја: богати, сиромашн и робови. Во честите војни што ги водел против другите племиња и народи, владетелот се стекнувал со многу робови, кои биле должни да работат на имотот на владетелот и храмот.

*Како била организирана власта на најстарите држави?*

## НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ ВО ИНДИЈА И КИНА



*Градот Мохенџо-Даро реконструкција*

Најстарите познати жители на Индија биле Дравидите, кои главно се занимавале со земјоделство. Во II милениум пред н.е. тие биле покорени од номадските племиња од индоевропско потекло Ариевци, кои навлегле од северозапад, на чело со своите племенски водачи-раџи. На чело на повеќ е државички се наоѓале Махараџи Усовршувањето на производството овозможил рана појава на ропството, па искористувањето на бесплатниот робовски труд го забрзало процесот на имотното раслојување на населението кое живеело во селски и градски населби. Меѓу најстарите градови најпознати биле Харапа и Махенџо-Даро. Археолошките остатоци од овие градови потврдуваат дека во Индија градежништвото било особено развиено. Во нив цветало занаетчиството, а полињата биле испресечени со иригациони системи од насипи, канали и брани. По полињата одгледувале разни житни растенија, шеќерна трска и памук. Од домашните животни најмногу била одгледувана кравата која ја сметале за свето животно.

Во стара Кина, по течението на големите реки се биле создадени првите мали-градови држави, и со нивното обединување, околу 2 200 години пред н.е. била

создадена единствена кинеска држава. Првите владетели биле од династијата Хсиа, во чие време се појавило и кинеското сликовно писмо. Околу 1 750 година пред н.е. владетелскиот престол преминал на династијата Шанг на реката Хоангхо. Првиот владетел од оваа династија Танг ја зацврстил својата власт до таа мерка што бил сметан за божество.

*Како изгледале најстарите градови во Индија?*

## ПРВИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ ВО МЕСОПОТАМИЈА

Една од најстарите цивилизации во светот настанала во пространата мочварна низина Месопотамија, во долниот слив на реките Еуфрат и Тигар. Најстарите жители на тоа подрачје биле Сумерците и Акадците, кои создале поголем број градови-држави кои често меѓусебно војувале за превласт. Околу 2 400 години пред н.е. кралот на Акад Саргон I ги освоил сумерските област и ја обединил цела Месопотамија. За разлика од Сумер, во акадските градови дошло до забрзан развој на занаетчиството и трговијата, биле градени и нови градови, богати дворци и храмови, а со канали и иригациони системи ги поврзале и реките Тигар и Еуфрат. Сумерците и Акадците оставиле длабоки траги во историјата на човештвото и оставиле во наследство многу значајни придобивки. Знаеле да ги обработуваат металите и имале развиена трговија. Имале свое клинесто писмо и се здобивале со првите сознанија од астрономијата. По смртта на кралот Нарам-Син, планинскиот народ Гути навлегол во Месопотамија и го зазел Акадското кралство.



*Големиот вавилонски владетел Хамураби*

Наскоро како центар на новообразуваното Вавилонско царство, станува градот Вавилон, на реката Еуфрат. Владетелите на Вавилон воделе постојани борби за превласт во Месопотамија, и по еден век, царот Хамураби (1792-1750) успеал да ја обедини цела Месопотамија. Во своето долгогодишно владеење тој извршил значајни социјални реформи, а за правното регулирање на односите во државата, донел и посебен зборник на законски прописи, познат како Хамурабиев законик. Според законикот, царот бил врховен господар на земјата, од чие користење го собирал данокот преку големите земјопоседници, а

големи поседи имале и градовите. По смртта на Хамураби, земјата потпаднала под власта на Хетите и Каситите.

*Откриј и осознај! Дали Хамурабиевиот законик важел подеднакво за сите слоеви во државата?*



Нинива (остатоци)

Во текот на подоцнежната историја, Месопотамија потпаднала под власта на Асирците, кои таму создале своја држава - Асирско Царство, со престолнина во градот Нинива. Асирските цареви преземале големи јавни работи-големи иригациони системи, дворци и храмови. Во текот на VIII век пред н.е., царот Саргон II го зазел Израел и државата Урарту. Асирската престолнина Нинива била надалеку прочуена. За време на владеењето на асирскиот цар Асурбанипал (VII век п.н.е.), земјата започнала да опаѓа. Ова го искористиле соседните Меѓани од Иран кои во 612 година пред н.е. ја зазеле престолнината Нинива, а седум години подоцна го зазеле целото Асирско царство.

*Изработете проект: Најстарите цивилизации на Стариот исток*



Висечките градини во Вавилон

# СТАРИОТ ЕГИПЕТ

## ПРИРОДНИ УСЛОВИ И НАСЕЛЕНИЕ

Египет се наоѓа во североисточниот дел на Африка, во долниот тек на реката Нил, која се влева во Средоземното Море. Таму ретко врнеле дождови, додека во горниот тек на реката Нил врнеле поројни тропски дождови. Тогаш (во јули) коритото на реката не можело да ја собере водата и таа се излевала и ја поплавувала долината. По три месеци водата се враќала во своето корито и оставала во нивите дебел слој плоден талог. Веднаш потоа Египќаните почнувале да го обработуваат земјиштето. Тоа било толку плодно, што можело да даде и три жетви во годината. За заштита од поплавите и за наводнување на земјиштето во сушните месеци, Египќаните граделе насипи, канали и вештачки езера.

Египет бил населен уште од најдалечните времиња, минувајќи ги сите развојни етапи на родовското општество до употребата металите. Покрај развиеното земјоделство, Египќаните имале и занаетчиство и трговија.

*Какви биле йриродниіте услови во Еѓийеій?*




*Египет*

## СОЗДАВАЊЕ ДРЖАВИ И НИВНО ОБЕДИНУВАЊЕ

Првите луѓе во Египет живееле во родови, но подоцна поради појавата на приватната сопственост, настанал и кај нив процесот на распаѓање на родови на семејства. За извршување на големите иригациони работи биле потребни повеќ е луѓе. Затоа одделни семејства што живееле на иста територија, почнале да се соединуваат во поголеми територијални заедници - општини, а општините во номи (окрузи). Со текот на времето номите се претвориле во мали државички, кои постепено војувале меѓусебе за добивање земја и бесплатна работна сила - робови. На чело на номите стоел номарх. Тој бил врховен војсководач, свештеник и судија. По долго време во Египет се оформиле две држави: Горен Египет - во средниот тек на реката Нил и Долен Египет - околу утоката на Нил.

И овие две големи држви воделе постојани меѓусебни војни за превласт и обединување во една држава. Околу 3 200 години пред н.е. владетелот на Горен Египет, Менес, успеал да ги обедини двете држави во една. Престолнина на обединетиопт Египет станал градот Мемфис, близу до денешниот град Каиро. Во подоцнечниот период, престолнина на египетската држава станал градот Теба.

*Како дошло до создавање на старата египетска држава?*



*Пирамидите во Гиза*

## ДРЖАВНО И ОПШТЕСТВЕНО УРЕДУВАЊЕ

Египетската држава била централизирана робовладетелска монархија. На чело на државата стоел наследен владетел, наречен фараон. Фараонот бил неограничен, апсолутен господар на државата. Египќаните верувале дека фараонот е син на богот на сонцето Ра. Целата земја заедно со народот се сметале за сопственост на фараонот. Во управувањето со државата нему му служеле голем број чиновници и свештеници.

Народот во египетската држава се делел на слободни и неслободни луѓе. Слободното население го сочинувале: воените аристократи, свештениците, службениците, трговците, занаетчиите и селаните. Неслободното население биле робовите. Положбата на робовите била многу тешка. Тие биле употребувани за најтешки и најгруби физички работи. Иако имало многу робови, сепак нивниот број бил помал од бројот на слободното население.

*Какво било општественото и државното уредување во Египет?*

## ВОЕНИТЕ ПОХОДИ НА ФАРАОНИТЕ ВО ВРЕМЕТО НА СТАРОТО И СРЕДНОТО ЦАРСТВО

Староегипетската држава траела речиси 3 000 години. За ова време владееле 31 фараонски династии. Нејзината историја се дели на три големи периоди: Старо царство, Средно царство и Ново царство. Постои и период на таканаречено Доцно Египетско Царство.

Во текот на Старото царство (3100-2160 год. пред н.е.), египетската држава водела освојувачки војни. Во тој период фараоните Снофру и Кеопс ги освоиле териториите на Етиопија и Нубија, кои биле богати со злато. Походи од ваков карактер биле преземани и кон Либија, Феникија и Синајскиот Полуостров, од каде што го носеле бакарот.

Меѓутоа, од средината на III милениум пред н.е., настанал период на слабеењето на фараоновата власт. Причината е во зајакнувањето на номарсите, кои веќе се одвојувале од централната власт. Тоа довело до распаѓање на Старото царство. Но, тоа му нанело голема штета на иригационият систем во Египет. Во земјата дошло до меѓусебни пљачкашки војни.

Поради ваквата положба се јавил стремеж за обединување на Египет, со што би се поправиле оштетените и запуштените канали и насипи. По долготрајни настојувања и обиди, здружените номарси од југ околу градот Теба повторно го обединиле Египет. Така, во времето на Средното царство Теба станала центар на Египет.

Иако Египет бил природно заштитен од упадите на други номадски племиња, сепак околу 1710 година пред н.е., од североисток упаднале скитничките племиња Хикси. Пред тоа тие ја освоиле Сирија и Палестина, а во северниот дел од Египет владееле повеќе од 150 години.

*Зошто се распаднало Старото царство?*



## НОВОТО ЦАРСТВО



*Тутмес III*

Од Јужен Египет, на чело со фараоните на Теба почнало движење за ослободување од Хиксите. По долги борби ослободувањето и обединувањето завршило во 1570 година пред н.е. Благодарение на развојот на занаетите, како и на борбата со Хиксите, египетските фараони од Новото царство успеале да создадат јака војска, со понапредната воена техника. Со таквата војска фараоните преземале воени походи покрај источното крајбрежје на Средоземното Море, во Палестина и Сирија. Еден од нив бил Тутмес III кој успеал да ја прошири египетската држава сè до реката Еуфрат. Исто така и фараонот Рамзес II војувал во Сирија, но таму бил поразен од Хетите.

Освојувачките походи и востанијата на сиромашните и робовите, ја ослабнале државата. Таа ги изгубила освоените територии во Сирија и Палестина. Во 671 година пред н.е. Асирците го нападнале Египет, кој морал да ја признае нивната власт. По ослободувањето од асирската власт, Египет бил конечно покорен од Персиското царство во 525 година пред н.е. По потпаѓањето на Персија под власта на Александар Македонски, и Египет станал дел од тоа царство во 332 година пред н.е.



*Рамзес II*

*Направете проект: Стариот Египет.*

# КУЛТУРНИТЕ И НАУЧНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА НА НАРОДИТЕ ОД СТАРИОТ ИСТОК

## РЕЛИГИЈА

Со формирањето на првите држави кај старите источни народи се оформувала и официјалната религија, а со тоа се формирало свештенството кое играло значајна економска и политичка улога во источните држави.

Во стариот Египет долго време се задржале остатоците од магијата, анимизмот и тотемизмот. Во секоја нома постоел локален бог, а понекогаш и повеќе богови. Покрај локалните божества, постоеле и општоегипетски божества меѓу кои биле: Амон-Ра бог на сонцето, Озирис и неговата жена Изида - богови на растителноста и плодородието, Гор - бог на мртвите, Пта - создател на светот и др. Голема улога во египетската религија имал култот на фараонот, кој се сметал за син на богот Амон-Ра. Старите Египќани верувале дека по смртта душата повторно се враќа во телото. Затоа, за да го зачуваат телото од распаѓање го балсамирале и го погребувале во величенствени гробници-пирамиди.

Кај народите на Месопотамија, слични биле верувањата како кај Египќаните. Најпознати богови кај Сумерците биле: Ану - бог на небото, Шамаш - бог на сонцето, Син - бог на месечината. Врховен бог во Вавилонската држава бил Мардук, како и Иштар - божица на растителноста и плодородието.

Старите Евреи биле монотеисти и верувале во еден бог, во богот Јахве (Јехова). Еврејското вероучение било разработено во Светата книга, Писмо на Стариот завет или Библијата која подоцна влијаела на христијанското учење.

Во VI век пред н.е. дошло до големо движење во Индија што било предизвикано од учењето на Буда, кое претставува појавата на новата религија која се вика будизам. Буда учел дека сите луѓе се еднакви без обѕир на која каста ѝ припаѓаат. Будизмот се раширил во повеќе земји на далечниот исток во Индија, Кина, Монголија, Јапонија и други земји.



*Богот Амон Ра*

*Зошто Египќаните ги балсамирале телата на мртвите?*

**ТЕМА 2**

# ПОЧЕТОЦИ НА ПИСМЕНОСТА

Кај старите источни народи многу одамна, околу 4000 години пред н.е. се појавило писмото. Писмото на старите Египќани е наречено хиероглифско писмо. Хиероглифите претставуваат разни знаци, цртежи и слики, затоа е наречено сликовно писмо. Секој знак означува еден збор или слог. Со текот на времето египетското писмо било упростено, така што тогаш се појавиле и знаци што означуваат букви. Египетското писмо имало околу 700 знаци, затоа многу тешко можело да се научи. Египќаните, бидејќ и не им била позната хартијата, пишувале на папирус. Египетските хиероглифи ги дешифрирал во 1822 година францускиот научник Шамполион.



*Клинесто писмо*

Во Месопотамија се оформило клинестото писмо што го пронашле Сумерците. Ова име го добило поради тоа што формата на неговите знаци личи на клин. Во Месопотамија немало папирус како во Египет, затоа се пишувало со остро стапче на пресни глинени плочки. Секој знак означувал еден збор или слог. Имало околу 500 знаци.

Први од старите источни народи кои создале гласовна азбука биле Феникијците. Нивното гласовно писмо (азбука) било составено од 22 букви. За секој глас имале одделен знак (буква). По примерот на феникијската азбука била составена и грчката, а од грчката произлегле и сите подоцнежни европски писма.

*Какви видови писма постоеле кај старите источни народи?*



*Хиероглифско писмо*

## НАУКА

Кај старите источни народи се развиле и повеќе научни дисциплини. Кај нив од практични потреби, поради честите премерувања на земјата, каналите и насипите, што морале да ги прават по секоја поплава, се развила математиката и геометријата. Во врска пак со развојот на земјоделството, а како резултат од повеќевековно набљудување на небесните тела, за да се предвиди поплава или суша, кај нив се развила и астрономијата. Врз база на астрономските проучувања бил составен и годишен календар, многу сличен на денешниот. Кај источните народи се појавиле и хемијата и медицината, а во врска со балсамирањето, Египќаните станале големи познавачи на анатомијата.

Со појавата и развојот на писмото кај овие стари цивилизации се забележуваат и првите литературни родови - песни, раскази, басни, и особено епот. Еден од најстарите епови е сумерскиот еп за јунакот Гилгамеш. Во епот главно се истакнува зависноста на човекот од вишите сили - боговите и од судбината, која не можел никој да ја избегне. Богата литература имале и Индусите. Најпознати индиски епови се Махабхарата и Рамајана, во кои се слават богови, херои и војсководители, а содржат доста умни поговорки и мисли.

*Кои гранки на науката се развиле кај старите источни народи?*



*Вавилонската кула*

## АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ

Кај старите источни се развиле и одделните гранки на уметноста, како на пример, сликарството, вајарството, архитектурата и др. Насекаде се ѕидало во чест на боговите и царевите. Во Египет се ѕидале големи дворци, храмови и пирамиди -гробници од камен, кои од внатрешноста биле украсени со слики и натписи. Меѓу 70 сочувани пирамиди, најголема е на фараонот Кеопс. Таа е висока 146 метри, а секоја нејзина страна во основата е долга по 230 метри. Близу до Кеопсовата пирамида се наоѓа огромната статуа наречена сфинга, изделкана во камен. Сфингата претставува лав, со човечка глава, кој лежи со испружени нозе. Се верувало дека таа ги чува пирамидите. Висока е 20 метри, а долга 72 метра.

Во Месопотамија, бидејќи немало камен, се ѕидало со печени тули. Храмовите ги ѕидале во форма на четвртеста пирамида обично на седум ката и биле високи колку египетските пирамиди. Најпозната и најголема од овие градби била седумкатната кула во Вавилон, висока 90 метри.

*Истражи и осознај! Како се градела Кеопсовата пирамида?*



*Кеопсова пирамида*

# СТАРА ХЕЛАДА

## ПРИРОДНИ УСЛОВИ

Стара Хелада се простирала на јужниот дел од Балканскиот Полуостров, островите по Егејското Море и крајбрежјето на Мала Азија. Континенталниот дел на Хелада е повеќе планинска земја. Планинските масиви ја разделувале Хелада на три дела: Северна, Средна и Јужна Хелада. Во Северна Хелада поголеми области биле: Епир, на запад и Тесалија на исток. Во Средна Хелада најпознати области биле: Атика и Беотија. Во Јужна Хелада, на полуостровот Пелопонез, најзначајна област била Лаконија.

Во Егејското Море, најпознати острови во хеленската историја се: Евбеја и Егина на бреговите на европска Хелада, потоа, Хиос, Лезбос, Самос и Родос крај бреговите на Мала Азија, и островите Итака, Леукас и Коркира (Крф) на западниот брег, како и Крит во Јужна Хелада.

*Опиши ги природните услови на Стара Хелада.*




*Карта за населување на хеленските племиња*

## НАСЕЛЕНИЕ

Територијата на Стара Хелада била населена уште од најстари времиња. Според хеленскиот историчар Тукидит, најстари жители во Хелада биле Пелазгите, Коријците и Лелегите. Нивната цивилизација постоела во Хелада пред доаѓањето на хеленските племиња, и во историјата е позната под името критско-микенска култура.Така е наречена според местата каде што се пронајдени најмногу остатоци од тоа време. Таа култура постоела во времето од 3000 до 1400 година пред н.е., а се совпаѓа кога постоеле и источните култури.

Хеленските племиња почнале да се населуваат во стара Хелада во вториот милениум пред н.е. Најнапред од северните делови на Хелада се населиле Ахајците, кои постепено продирале кон јужниот дел на Хелада - Пелопонез. Околу 1 200 година пред н.е. во Хелада пристигнале и хеленските племиња Јонци, Дорци и Еолци. Тие постепено ја населиле цела Хелада со островите и крајбрежјето на Мала Азија. Притоа наполно го покориле староседелското население, го уништиле или асимилирале.

*Опиши го процесот на населувањето на хеленските племиња во Хелада.*



*Микена*

## СОЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВИ (ПОЛИСИ) КАЈ СТАРИТЕ ХЕЛЕНИ

Во стара Хелада не се создала единствена држава како на Стариот Исток, туку се создале повеќе мали државички (полиси), кои биле независни една од друга.

Хеленските полиси биле мали. Тие ја опфаќале територијата на еден град со најблиската околина, и затоа се нарекувале град-држава (полис). На нивно чело стоел крал кого Хелените го нарекувале базилеус. Кралот во исто време бил војсководач, судија и прв свештеник. За сите важни прашања тој бил должен да се советува со советот на старешините составен од членови на аристократските семејства, и со народното собрание, кое го сочинувале сите возрасни мажи од слободните граѓани. Најголеми и најпознати хеленски полиси биле: Спарта, Атина и Теба. Полисите живееле како посебни држави, често војувале меѓу себе, и по потреба се обединувале во сојузи.



*Карта на хеленските полиси*

*Како биле организирани малите хеленски држави (полиси)?*

## СПАРТА

Спартанската држава е создадена во VIII век пред н.е. во плодната област Лаконија во јужниот дел на Пелопонез. Градот го основале Дорците, откако претходно ги покориле Ахајците.

Населението на Спарта се делело на слободни (спартијати и периеци) и неслободни (хелоти). Господари и управувачи биле спартијатите кои се занимавале со војничка служба. Периеците биле староседелци кои главно се занимавале со полјоделство, а подоцна и со занаетчиство и трговија. Иако биле слободни, тие немале статус на граѓани одн. немале политички права. Хелотите биле во положба на државни робови. Тие немале никакви права и обавувале најтешки физички работи.

На чело на државата се наоѓале два крала. Нивната власт била неограничена само во време на војна, кога биле и команданти на војската. Инаку највисок орган на власта во државата бил Советот на старешините

(герусија), што го сочинувале двата крала и 28 Спартијати постари од 60 години. Советот објавувал војни, склучувал мир, подготвувал закони и сл. Постоело и Народно собрание што го сочинувале сите Спартијати постари од 30 години. Контролната власт во државата била во рацете на петте ефори (ефорат). По своето општествено и државно уредување Спарта била робовладетелска аристократска монархија.

Спартанците посветувале посебна грижа на воспитувањето, чија главна цел била да обезбедат на Спарта здрави и силни војници. По седмата година грижата за децата ја преземала државата со државни учители. Воспитувањето главно се состоело во телесни вежби. Во привикнувањето на најстрога дисциплина и секакви напори, главно оделе боси, со оскудна облека, а зиме се бањале со студена вода. Машките деца биле школувани 10 години, од 7-та до 17-та а потоа добивале свое оружје и биле распоредувани по дружини наречени сиссии. За воспитувањето на женските деца постоеле посебни гимназии, каде учеле гимнастички вежби, музика и пеење. Благодарение на ваквото воспитување, Спартанците станале храбри, дисциплинирани и издржливи војници, а Спарта најсилна војничка држава во цела Хелада.

*Каква била целта на спартанското воспитување?*

## АТИНА

Атинската држава е создадена во VIII век пред н.е. околу градот Атина, според кој и го добила името Атина. Населението во Атина се делело на слободни и неслободни луѓе. Слободните луѓе се делеле на евпатриди (аристократи) и демос (народ). Евпатридите биле богати и видни граѓани, а демосот го сочинувале селаните, занаетчиите и трговците. Во прво време на чело на атинската држава бил крал (базилеус) на кого во управувањето му помагал Совет на старешини (ареопаг). Постоело и Народно собрание, кое го сочинувале сите полнолетни мажи во државата. Подоцна евпатридите ја укинале монархијата и воделе република, а извршната власт ја предале на Советот од девет архонти. При тоа ја приграбиле сета власт, а народот (демос) го оставиле без каква и да



*Перикле*

било политичка власт.

Демосот не бил задоволен од власта на евпатридите. Голем број на демосот биле претворени во робови поради неплатен долг. За да се подобри положбата на сиромасите, во 594 година пред н.е. архонтот Солон го укинал должничкото ропство, а граѓаните, според имотната состојба ги поделил во четири групи. Луѓето од првата група добивале најголеми политички права, додека оние од четвртата група добиле најмали. Поради незадоволството на демосот од овие реформи, во 509 година пред н.е. Клистен извршил нови реформи во државата. Според местото на живеење, народот на Атина го поделил на десет области со широка месна самоуправа. Сите слободни луѓе, без разлика на потеклото и богатството добиле еднакви права. Така атинската држава од аристократска станала демократска робовладетелска република.

Најголем подем атинската држава го доживеала во V век пред н.е кога на нејзино чело се наоѓал најистакнатиот грчки државник Перикле. Перикле ја унапредил и ја зацврстил демократијата. Во негово време Народното собрание претставувало највисок законодавен орган во државата и ги избирало сите должности во државата.

*Какво било општественото и државното уредување на Атина?*
*Направи проект: Атинската држава за време на владеењето на Перикле.*



*Акропол*

## ОДНОСИТЕ СО СОСЕДИТЕ

Кон крајот на VI век пред н.е. Персијците почнале да навлегуваат на Балканскиот Полуостров заземајќи ја Тракија и Визант. Со тоа била прекината трговијата на Хелените со нивните црноморски колонии. Стремежот на Хелените да ги ослободат поморските патишта како и да ја одбранат својата независност од персиската опасност, биле главна причина за Хеленско-персиските војни (500-449 година пред н.е.). Во 490 година пред н.е. здружените сили на Атина и Спарта, а потоа и на другите хеленски држави, ја разбиле персиската војска кај Маратонското Поле кај Атина. По победите кај Саламинскиот Залив и крај островот Кипар, Хеленско-персиските војни завршиле со победа на Хелените.

По победата против Персија, кај Хелените се оформиле два големи воени сојузи, со различно државно и општествено уредување. Тоа биле Пелопонескиот сојуз на чело со Спарта и Атинскиот поморски сојуз на чело со Атина. Поради меѓусебното соперништво за економска и политичка превласт, меѓу нив избувнала војна, позната како Пелопонеска војна која траела околу 30 години (431-404 година пред н.е.) при што било уништено и атинското демократско уредување. Но оваа војна ги ослабнала сите хеленски држави, така што тие лесно паднале под власта на Македонија во IV век пред н.е.

*Зошто се воделе Хеленско-персиските војни?*



*Спартански војник*

# СТАРИОТ РИМ

## ТЕРИТОРИЈА И НАСЕЛЕНИЕ

Римската држава се создала на Апенинскиот Полуостров, што е познат под името Италија. Италија е главно планинска земја. Крајбрежјето на Италија многу слабо е разгрането, и не е погодно за пристаништа. Низ неа течат неколку големи реки како По, Тибар и Арно. Во близина на Италија се наоѓаат и големите острови Сицилија, Сардинија и Корзика.

Во далечното минато на територијата на Апенинскиот Полуостров живееле разни племиња и народи. Меѓу нив најбројни биле Италците, според кои целиот полуостров подоцна бил наречен Италија. На северниот дел на полуостровот живееле Гали, Лигури и Венети. Северно од реката Тибар живееле Етрурци, Умбри и Сабини, а јужно од неа Латини и Самнити. Во Јужна Италија постоеле повеќе хеленски колонии, а на Сицилија Картагинци.

*Кои се најстарите народи и племиња кои живееле на Апенинскиот Полуостров?*




*Апенинскиот Полуостров и најстарите жители*

## НАСТАНУВАЊЕ НА РИМ И СОЗДАВАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА

Градот Рим се создал на левиот брег на реката Тибар во областа Лациум. Интересна е легендата за постанокот на градот Рим. Браќата Ромул и Рем имале злобен чичко, кој сакал да го наследи престолот, па затоа ги фрлил децата во реката Тибар. Но децата имале среќа водата да ги исфрли на брегот, каде што ги пронашла една волчица и ги задоила. Затоа и денес скулптурата на волчица што дои две деца е симбол на градот Рим. Потоа децата ги земал и одгледал еден овчар, а кога тие пораснале одлучиле да изградат град на местото каде што ги пронашол овчарот. Така на 21 март 753 година пред н.е. настанал градот Рим.

Во почетокот градот Рим бил мала населба и држава. Градот Рим постепено економски зајакнувал, ја проширувал својата власт над околните населби, и околу VI век пред н.е. прераснал во политички центар и се оформил како град-држава.

Во почетокот на чело на државата стоел избран крал, кој владеел доживотно. Власта на кралот била ограничена од Советот на старешините наречен Сенат. Најголема власт во државата имало Народното собрание. Населението се делело



*Волчицата ги дои Ромул и Рем*

на слободни луѓе (патриции и плебејци) и неслободни луѓе (робови). Патрициите биле потомци на старите римскиродови, луѓе од познати фамилии, а Рим бил нивна татковина. Плебејците биле доселеници кои се занимавале со трговија, занаетчиство и земјоделство. Тие биле лично слободни но без политички права. Робовите биле неслободни. Во прво време нив ги имало малку, но подоцна Рим станал најголема робовладетелска држава во светот.

*Какво било најстарото општествено и државно уредување на римската држава?*

## РИМСКАТА РЕПУБЛИКА КАКО СВЕТСКА СИЛА

Бидејќи римските кралеви не го почитувале Сенатот, во 509 година пред н.е патрициите го протерале последниот римски крал Тарквини Горделивиот и прогласиле република. Така, римската држава станала аристократска република, во која сета власт ја имале патрициите. На чело на републиката секоја година избирале по два конзула, кои за својата работа одговарале пред Народното собрание.

Во времето на римската република биле извршени најголемите римски освојувања. Во почетокот Римјаните војувале со Етрурците, Галите и Самнитите, по што успеале да ја освојат Северна и Средна Италија. По овие освојувања, Рим војувал во Јужна Италија каде имало многу старогрчки колонии. Најсилен отпор давал градот Тарент. Сепак, со големи загуби, Римјаните го освоиле и овој град.

Во текот на освојувачките походи, Римјаните војувале и против Картагина, во војните познати како Пунски војни (264-146 год. пред н.е.). Овие војни се воделе со променлив успех, за на крај во Третата пунска војна Картагина да биде уништена како држава. Со тоа Рим станал единствен господар на западниот дел на Средоземното Море.

Паралелно со Пунските војни, Римјаните почнале да го освојуваат Балканот. Прво биле потчинети Илирите, а потоа во средината на II век пред н.е. и Македонија и Хелада. Во следните освојувачки војни Римјаните ги освоиле Сирија, Месопотамија и Мала Азија, потоа Голема Галија (денешна Франција), а во 30 година пред н.е. го освоиле и Египет. Со тоа Рим станал светска робовладетелска држава која се простирала на три континенти (Европа, Азија и Африка).

*Како се одвивале римските освојувања?*
*Изработи проект: Пунските војни.*

## ПРОПАЃАЊЕ НА РИМСКАТА РЕПУБЛИКА

Многубројните востанија на робовите кои се ширеле низ римската држава, како и незадоволствата на потчинетите народи, ги поттикнале политичките борби за превласт во државата. Во 60-та година пред н.е. тројца команданти Цезар, Помпеј и Крас склучиле сојуз - триумвират за да воспостават ред во државата. Триумвирите извршиле пресврт и сета власт ја зеле во свои раце. Така во Рим се јавила диктатура на тројца. Најважна личност меѓу диктаторите наскоро станал Цезар, кој вовел своја диктатура. Пред опасноста од укинување на републиката, дел од најблиските сенатори - републиканци, на чело со Брут и Касиј, во 44 година пред н.е. организирале заговор и го убиле Цезар.



*Октавијан Август*

По убиството на Цезар, во 43 година пред н.е. бил формиран Вториот триумвират во кој влегле Марко Антониј, Лепид и Октавијан, внук на Цезар. Вториот триумвират за разлика од првиот бил потврден и од Сенатот. Наскоро триумвирите за полесно да владеат со државата ја поделиле власта. По кратко време Лепид бил принуден својата територија да му ја предаде на Октавијан. Но набрзо дошло до војна меѓу Октавијан и Антониј, кој во источниот дел на државата владеел како неограничен владетел. Решавачката битка помеѓу морнарицата на Октавијан и здружената морнарица на Антониј и египетската кралица Клеопатра се одиграла кај Акциј во 31 година пред н.е. По победата во оваа битка Октавијан го освоил Египет. Со тоа Октавијан станал единствен владетел и бил ставен крај на Римската република и почеток на Римската империја.

*Зошто биле формирани Првиот и Вториот триумвират?*



*Римски војници*

## РИМСКОТО ЦАРСТВО

Октавијан Август (30 година пред н.е. до 14 година од н.е.) од страна на Сенатот ја добил титулата принцес, што значи прв римски граѓанин. Оттука и произлегло името принципат за системот на управување во државата што тој го вовел, а кое траело околу три века. Принципатот бил таков систем на владеење во кој само по форма биле зачувани републиканските установи, а фактички постоела неграничена власт на императорот. Покрај редовната војска, Октавијан формирал и императорска дворска гарда наречена преторијанска гарда. За време на неговото владеење биле освоени нови територии во: Словенија, дел од Австрија, дел од Панонија и денешна Србија и Бугарија. Октавијан Август го разубавил Рим со многу палати и споменици, па затоа неговото време е познато како Августов златен век.

Во времето на императорот Трајан (98-117 година), Римската Империја достигнала најголемо територијално проширување. Тој ја освоил Дакија (денешна Романија), на Исток ја освоил Месопотамија, Јемен и Арабија.

Кон крајот на III век, римските ипeратори за да ја стабилизираат и зајакнат државата, воведуваат неограничена власт. Старата титула принцес ја замениле со нова - доминус (господар), а владеењето било наречено доминат, и траело во наредните два века. Првиот римски император од ова време Диоклецијан, целата територија на државата ја поделил на четири дела, со кои управувале четворица владетели (тетрархија), но само наредбите на Диоклецијан важеле за целата држава.

Поради силни напади на варварските племиња врз Римската Империја, во 395 година императорот Теодосиј I го поделил царството на Источно и Западно. Западното Римско Царство било урнато во 476 година кога еден од платеничките водачи Одоакар го симнал од престолот римскиот цар Ромул Августул и се прогласил за крал на Италија. Источното Римско Царство продолжило да живее уште 1000 години, до паѓањето на Цариград под власта на Османлиите.

*Објаснете го принципатот и доминатот како систем на владеење.*




*Римската Империја во времето на Трајан*

# ХРИСТИЈАНСТВОТО - НОВА РЕЛИГИЈА

## ПОЈАВА НА ХРИСТИЈАНСТВОТО



*Катакомби*

Остриите внатрешни спротивности и судири во кои се нашла римската држава, предизвикале голем број востанија на еврејскиот народ во римската провинција Палестина. Многубоштвото во кое верувале не можело да им даде на масите одговор за неправдите, или надеж за подобар живот. Во такви услови во I век пред н.е. во Палестина се појавило христијанството како ново религиозно учење. Проповедниците верувале дека во 30- тата година од владеењето на римскиот император Октавијан Август, во Витлеем во Палестина се родил синот Божји Исус Христос, кој ќе ги спаси луѓето од нивните страдања и ќе се жртвува за нив. Исус Христос ги учел луѓето да прават добри дела, да се помагаат меѓу себе. Сите оние што го прифатиле неговото учење се нарекувале христијани. Според верувањето на христијаните, сите оние кои што во текот на животот прават добри дела и живеат праведен живот, по смртта ќе одат во рајот на небото каде што ќе добијат вечен среќен живот, а оние што грешеле ќе одат во пеколот каде ќе бидат казнети со вечни маки.

Како проповедник, Исус Христос бил наклеветен од страна на Римјаните и еврејските свештеници пред римскиот управник Понтиј Пилат дека е бунтовник. Тој бил фатен и осуден со распнување на крст. На третиот ден по смртта, Исус Христос воскреснал, а потоа отишол на небо кај татко му. Раѓањето на Исус Христос христијаните го слават како празник Божиќ, неговото воскреснување како празник Велигден, а неговото заминување на небо како Спасовден.

Од годината на раѓањето на Исус Христос, христијаните започнале да го сметаат времето. Од тогаш започнува христијанската ера, или новата ера, според која денес го сметаме времето.

*Во какви услови се појавило и развило христијанството?*
*Истражи и осознај! Во кои четири евангелија наоѓаме податоци за животот на Исус Христос и неговата дејност?*

## ШИРЕЊЕ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО


Свето Писмо (Библија)

Во ширењето на учењето на Исус Христос му помагале неговите ученици - 12 апостоли. Апостолите патувале низ државата и формирале христијански општини, па затоа биле и најзаслужни за ширењето на христијанството во римската држава. Меѓу апостолите најпознати биле: Петар, Павле, Јосиф, Марко, Јаков и др.

Отпрвин, христијаните се собирале на заеднички трпези, проповеди и молитви. Заедниците на верниците се викале христијански општини. Имотот на општината бил заеднички, со него располагале сите и меѓусебно се помагале. Со оглед дека во прво време кон христијанските општини припаѓале само сиромаси, имотот што тие го поседувале бил мошне скромен. Во вториот и третиот век кон христијанските општини пристапувале и римски богати и обаразовани луѓе со својата земја и имот. Кон крајот на II век сите христијански општини се здружиле во една зае-


Гробот на Исус Христос во Ерусалим

дница, на чие чело се наоѓал римскиот епископ. Нему му биле потчинети сите епископи и свештеници. Така настанала христијанската црква.

*Каква била улогата на апостолите во ширењето на Христијанството?*
*Задача: Прочитајте ги Десетте божји заповеди. Согледајте ги нивните пораки.*

## ХРИСТИЈАНСТВОТО СТАНУВА ДРЖАВНА РЕЛИГИЈА



*Императорот Константин Велики*

Христијанството брзо се ширело во римската држава, најнапред во Палестина и Мала Азија, а потоа и во другите области на Империјата. Иако христијаните не се бореле против државната римска власт, во почетокот таа гледала со голема недоверба кон нив и нивното учење го сметала за опасно. Затоа христијаните биле прогонувани, па тајно се собирале во подземни засолништа кои се викале катакомби. Првите прогони на христијаните биле во времето на Нерон, кој ги обвинил за пожарот во Рим. Последните прогони, но од поголеми размери, биле во III век, особено за време на императорот Диоклецијан. Тој бил последниот владетел кој во христијанската црква гледал опасност за државната власт. Римските императори во ова време гледале на христијаните како бунтовници, противници на императорот и на државата. Затоа ги растурале нивните општини, имотите им ги конфискувале и ги казнувале со смрт.

Римскиот император Константин I - еден од наследниците на Диоклецијан, увидувајќи дека христијанската црква не претставува опасност за државата, во 313 година го издал Миланскиот едикт, со кој христијанството било признаено за рамноправна религија со другите религии во државата. Со тоа за прв пат на христијаните им било дозволено слободно да ја проповедаат својата религија и да градат свои цркви.

По Миланскиот едикт, се јавила потребата од одржување собор на кој ќе се расправа за црковни прашања и за организација на христијанската црква. Во 325 година во Никеја се одржал Првиот вселенски собор на кој присуствувал и императорот Коснтанин I Велики. На Вториот вселенски собор, одржан во 381 година во Цариград, бил изработен симболот на верата - крстот, како и основните догми на христијанската црква. Непосредно по овој собор, христијанството станало и државна религија.

*Како христијанството станало државна религија?*

# ХЕЛЕНСКА И РИМСКА КУЛТУРА

## ХЕЛЕНСКА КУЛТУРА

### РЕЛИГИЈА

Како и другите стари народи така и Хелените не биле во состојба да ги објаснат природните појави, па ги поврзувале со влијанието на натприродни сили. Верувањата се развивале од анимизам и тотемизам до политеизам. Подоцна тотемите и духовите биле заменети со богови кои ги претставувале во човечки ликови, со добри и лоши особини какви што ги имале обичните луѓе. Според преданието боговите живееле на планината Олимп.

Главен бог бил Зевс, кого Хелените го замислувале како претставник на највисоката власт. Тој бил господар на небото, ги собирал и гонел облаците, фрлал молњи - затоа го нарекувале и громовник. Браќа на Зевс биле Посејдон -



*Богот Зевс*

бог на морињата, водите и океанот и Ад - бог на подземното царство. Жената на Зевс, Хера била заштитничка на бракот, а ќерката Атина - божица на мудроста. Афродита била божица на убавината и љубовта. Аполон бил бог на сонцето, светлината и поезијата. Дионис бил бог на виното и веселбата.

На своите богови Хелените им принесувале жртви и подароци и граделе раскошни храмови. Хелените верувале и во демони, духови, музи, нимфи, сатири и во други сили. Приказните за тие сили се викаат митови, а сите митови заедно се нарекуваат митологија.

*Како ги претставувале Старите Хелени своите богови?*

## ОЛИМПИСКИ ИГРИ

Хелените организирале различни свечености и спортски натпревари од локален и општохеленски карактер, а биле посветени на своите богови. Од спортските игри најпознати биле Олимписките игри, кои се одржувале во градот Олимпија на Пелопонез. Првите олимписки игри се одржале во 776 година пред н.е. За време на одржувањето на игрите се прекинувале сите војни и се прогласувал свет мир. Учесниците се натпреварувале во различни спортски дисциплини: атлетика, вежбање, фрлање диск, копје, стрела и др. Победниците добивале ловоров венец, а потоа ги прославувале во цела Хелада.



*Фрлач на диск (дискоболос)*

## КНИЖЕВНОСТ

Старите Хелени создале богата епска, лирска и драмска поезија и проза. Најпознати епски дела во хеленската литература се Илијада и Одисеја кои, според преданието ги испеал слепиот поет Хомер. Во текот на V век пред н.е. се пишувале трагедии и комедии. Најпознати писатели на трагедии биле: Есхил, Софокле и Еврипид, а најпознат писател на комедии бил Аристофан.

Во чест на богот Дионис се одржувале театарски претстави. Местото каде што се одржувале претставите го нарекувале театар. Во прво време претставите ги одржувале на плоштадите,



*Антички театар*



Сократ

а подоцна граделе театри во плукружен-амфитеатарски облик.

*Што се опишува во Илијадата и Одисејата?*

## НАУКА

Од повеќе научни дисциплини кај Хелените особено значење се придавало на филозофијата. Во филозофијата се создале два основни правци: материјализам и идеализам. Најистакнати филозофи-материјалисти биле: Талес, Демокрит и Хераклит. Најпознати филозофи-идеалисти биле: Сократ, Платон и Аристотел. Од другите науки кај Хелените повеќе се развиле математиката, астрономијата и медицината. Најпознати математичари биле Питагора и Анаксагора, а најпознат лекар бил Хипократ, наречен татко на медицината. Најпознати историчари биле Херодот и Тукидит.



Партенон

## АРХИТЕКТУРА, СКУЛПТУРА И СЛИКАРСТВО

Хелените оствариле големи резултати во архитектурата. Нивните храмови и јавните згради достигнале големо уметничко совршенство и хармонија. Во архитектурата разликуваме столбови во три стила. Дорски, јонски и коринтски. Најубава градба бил храмот Партенон изграден на Акропол во Атина во чест на божицата Атина. Хелените биле врвни мајстори во претставувањето на убавината на човечкото тело. Најпознати хеленски скулптори биле Фидиј и Мирон. Сликарството достигнало совршенство, особено во сликањето на керамички вази.

*Кои биле најзначајните остварувања во хеленската архитектура и скулптура?*

## РИМСКА КУЛТУРА

## РЕЛИГИЈА

Римјаните верувале во повеќе богови кои ги сметале за зашитници на сточарството, земјоделството, домашното огниште и др. Секое римско семејство имало свои домашни богови-заштитници. Тие ги викале лари и пенати. Кога Римјаните дошле во допир со други народи, со Етрурците и Хелените, своите божества почнале да ги претставуваат по углед на етрурските, а особено на хел-



*Колосеумот во Рим*



*Јупитер, врховен бог на Римјаните*

енските богови.

Најзначајни римски богови биле: Јупитер, врховен бог-бог на небото и земјата, неговата жена Јунона била заштитничка на бракот, Минерва била божица на занаетчиството и мудроста, Венера била божица на убавината, Марс бил бог на војната, Вулкан бог на громот итн.

*Направете споредба меѓу римските и хеленските богови.*

## КНИЖЕВНОСТ И НАУКА

Римската книжевност се развила под силно влијание на хеленската литература. Времето на Октавијан Август за римската книжевност претставува златен век. Во тоа време живееле и твореле познатите римски поети Вергилиј, Хорациј и Овидиј. Најпознато дело на Вергилиј е епот Енеида, Хорациј пишувал лирска поезија, а Овидиј пишувал тажни песни-елегии.

Од науките во Рим посебно се развиле: историјата, правната наука, филозофијата и географијата. Римското право во минатото станало основа на правната наука и затоа се изучува на сите правни факултети во светот. Најпознати историчари биле: Тит Ливиј, Плиниј Постариот, Плутарх, Тацит, Цезар и др. Во филозофијата на стариот Рим познати се Лукрециј Кар, Цицерон и Сенека.

Римјаните особено го ценеле и негувале говорништвото (ораторството). Најпознати римски говорници биле Цицерон и Цезар.

## АРХИТЕКТУРА, ВАЈАРСТВО И СЛИКАРСТВО

Во римската држава особено многу се развило градежништвото. Римјаните граделе дворци, јавни бањи, триумфални порти, амфитеатри, мостови, патишта водоводи и сл. Градбите не се одликувале по својата оригиналност, туку по својата монументалност. Најмонументални градби во градот Рим биле храмот Пантеон посветен на сите богови и амфитеатарот Колосеум, каде што се одржувале гладијаторски борби.

Во римската држава биле развиени и вајарството и сликарството. Биле вајани статуи на владетели и други истакнати личности. Најубавите слики-фрески се пронајдени во градот Помпеја.

# БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК

## ИЛИРИ

Илирите биле старобалкански народ и го населувале западниот дел на Балканскиот Полуостров, покрај Јадранското Море. Полуостровот Истра била најрана нивна татковина. Подоцна се спуштиле кон јужниот брег на јадранското крајбрежје, до денешна средна Албанија и Епир. Од бројните илирски племиња најпознати биле: Хистрите, Либурните, Далматите, Јаподите, Дарданците, Таулантите и др.

Илирите се занимавале со земјоделство, сточарство, а подоцна со занаетчиство и трговија. Од домашните животни одгледувале: овци, кози, говеда, коњи и др., а од житните култури: пченица, јачмен, просо и др. Поради поволната географска положба на илирските земји кои имале излез на Јадранско и дел од Јонското Море, тие биле добри морепловци. Граделе и бродови кои ги нарекувале Либурни.

На чело на секое племе стоел племенски старешина. За време на надворешна опасност, се здружувале во племенски сојузи. Кон крајот на V век пред н.е. илирските племиња на територијата на источното крајбрежје на Јадранското Море биле обединети во племенска заедница - кралство на чело со кралот Граб.

Во IV на територијата на Косово било создадено кралството на Дарданците. Кралството на Дарданците имало многу силна и добро организирана војска. Кон средината на III век пред н.е. со Дарданија владеел кралот Логар.

Во III век пред н.е. било создадено големото илирско кралство на Ардиеите со престолнина во градот Скадар. На чело на кралството застанал кралот Агрон. Него го наследила неговата жена Теута. Поради територијалното проширување во Јадранското Море, Римјаните



*Либурна*

ги нападнеле нејзините сили со што започнала Првата римско-илирска војна. Кралицата Теута била поразена и била принудена да ја признае римската власт. Во Втората римско-илирска војна Римјаните повторно извојувале победа. Во Третата римско-илирска војна, во 168 година пред н.е. илирскиот крал Гентиј бил поразен од Римјаните, по што неговите територии биле претворени во римска провинција.

*Кои биле најпознатите илирски кралства?*

## ТРАКИЈЦИ



*Тракиски шлем*

Тракијците биле старобалкански народ од индоевропско потекло.Тие ги населувале источните делови на Балканскиот Полуостров. Од тракиските племиња најпознати се: Бесите, Одризите, Медите, Сердите и др. На чело на секое племе стоел племенски старешина, а за време на надворешна опасност се здружувале во племенски сојузи.

Тракијците се занимавале со лов, риболов, сточарство, а најмногу со полјоделство. Одгледувале повеќе домашни животни, а особено биле познати по одгледувањето бели коњи. Имале развиено грнчарство, а знаеле да ги обработуваат металите. Биле вешти трговци, а најмногу тргувале со Хелените.

Во V век пред н.е. започнало обединувањето на тракиските племиња во државна организација. Поради водечката улога на тракиското племе Одризи во формирањето на државата, таа е позната како Одриско Кралство. Основач на Кралството бил кралот Одриз. Во IV век пред н.е. Одризите ја признале врховната власт на македонскиот крал Филип II, но задржале извесна самоуправа. Во средината на I век од н.е. римскиот император Клаудиј ги освоил териториите на Одриското Кралство и ја формирал римската провинција Тракија.

Тракијците немале пишани литературни сведоштва. Нивната литература се пренесувала усно, од колено на колено. Имале сопствен јазик, но како Македонците и Илирите, не создале свое писмо, туку се служеле со хеленското писмо.

*Како настанало Одриското Кралство?*

## ПАЈОНЦИ

Пајонците како старобалканско население од индоевропско потекло, ги населувале областите во јужниот и централниот дел на Балканот, од долините на реките Вардар и Струма, областите на запад до Пелагонија, на север до изворите на Струма, а на југ до Егејското Море. Најрано се спомнуваат во Илијадата на Хомер, како сојузници на Тројанците. Од пајонските племиња, најпознати се: Агријаните, Сиропајонците, Пајоплите, Доберите, Дероните и др.

Со засилувањето на македонската држава, Пајонците како сродни племиња со Македонците, ги загубиле јужните територии. Во IV век пред н.е. пајонските племиња формирале држава предводена од кралот Агис. По неговата смрт, Пајонците ја признале врховната власт на македонскиот крал Филип II. Околу 230 година пред н.е. пајонската држава престанала да постои. Јужните делови на пајонското кралство паднале под македонска власт, а северните делови ги освоиле Даеданците.

*Кои области на Балканот ги населувале Пајонците?*

## МАКЕДОНЦИ

Античка Македонија го зафаќала средишниот дел на Блканскиот Полуостров, на север од планинатаа Јакупица, реката Пчиња, Скопска Црна Гора, кон Осоговските планини, на југ до планината Пинд и Олимп, на исток до планината Пирин и реката Марица, а на запад до планините Кораб, Галичица, Јабланица и Шар Планина. Античките писатели ја делеле Македонија на Горна Македонија и Долна Македонија. Македонија била богата со шуми, плодни долини, реки, езера, а имала излез и на Егејско Море. Македонците се занимавале со зем-



*Македонска фаланга*



*Филип II*

јоделство, сточарство, лов и риболов. Ловот претставувал испит на храброста и зрелоста на младите воини, а ловот на лавови се сметал за најголема храброст.

Македонците биле старобалкански народ од индоевропско потекло. Живееле северно од Хелените, источно и југоисточно од Илирите и југозападно од Тракијците. Имале посебен јазик, религија и култура, која се разликувала од хеленската. Во нивната етногенеза голема улога имале Бригите и Пајонците. Позначајни македонски племиња биле: Орестите, Елимејците, Пиеријците, Линкеститите, Пелагонците, Енхелеите, Дасаретите и др.

Според преданието, Македонците воделе потекло од Македон, нивниот митски крал. Во VIII век пред н.е. започнало обединувањето на македонските племиња во единствена држава, под водство на династијата Аргеади. Основањето на првата држава, традицијата му ја припишува на кралот Пердика I. Првата македонска престолнина се наоѓала во градот Ајга во долното течение на реката Бистрица, а подоцна била преместена во градот Пела.

Во времето на кралот Филип II (359-336 г.п.н.е.) македонската држава станала најголема сила на Балканот. Филип II спровел финансиски и воени реформи во државата. Војувал против Илирите, Хелените, Пајонците и Тракијците. Во битката кај Хајронеја во 338 година пред н.е. тој ги поразил Хелените, кои потоа ја признале врховната македонска власт.

Најголеми територијални проширувања македонската држава доживеала за време на владеењето на синот на Филип, кралот Александар III Македонски. Во походот против Персија, Александар успеал да ја уништи персиската држава. Потоа успеал да ги освои западните делови на Индија, но поради преморот на неговата војска морал да го прекине походот и да се врати во Вавилон. Неговата огромна држава се протегала на три континенти: Европа, Азија и Африка.

*Како се ширела македонската држава?*



*Александар Македонски*

# ТЕМА 3.
# СРЕДЕН ВЕК

# ПОЧЕТОЦИ НА ЕВРОПА - ДРЖАВАТА НА ФРАНКИТЕ

## ГОЛЕМАТА ПРЕСЕЛБА НА НАРОДИТЕ




*Големата преселба на народите*

Во втората половина на IV и во почетокот на V век во Европа започнале од Азија да навлегуваат варварските племиња - Хуни, Авари и др., кои предизвикале големо раздвижување на варварските народи и племиња кое е познато како Голема преселба на народите. Преселбата ја започнале Хуните. Тие биле скитачко племе од монголско потекло. Во IV век живееле во областите меѓу Касписко Езеро и реката Волга, каде што се судриле со Готите. Кога на чело на хунскиот племенски сојуз дошол Атила, притисокот на Хуните уште повеќе се засилил. Тоа предизвикало раздвижување на повеќе племиња во кое најбројни биле германските племиња: Остроготи, Франки, Вандали, Визиготи, Лангобарди и др. Богатството на Римската Империја ги привлекувало овие племиња, кои во V и VI век на нејзина територија основале повеќе свои држави.

*Како била предизвикана Големата преселба на народите?*

## СОЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВАТА НА ФРАНКИТЕ

Франките биле германско племе, кое за време на Големата преселба на народите живееле по бреговите на средна и долна Рајна. Во потрага по нова земја се населиле во римската провинција Галија. Во освојувачките војни најмногу се истакнал кнезот Клодовик (481-511), кој ги обединил Франките и формирал своја држава, а потоа се прогласил за крал на сите Франки. Со цел да обезбеди поддршка од црквата во натамошните освојувања во Галија, кон крајот на V век Клодовик го примал христијанството. По смртта на Клодовик државата почнала да слабее. Неговите синови, а потоа и внуци ја делеле државата меѓу себе, и таа се распаднала на повеќе кралства.

Кралството на Франките повторно почнало да зајакнува во VIII век кога на чело на државата дошол Карло Мартел, кој ја основал новата кралска династија во Франската држава - Каролинзи. Во 732 година во битката кај Поатје

ги победил Арабјаните, и го спречил нивното навлегување од Шпанија во Западна Европа. Карло Мартел спровел воени реформи со кои ѝ дал предност на коњаницата. Затоа на сите војници кои сакале да служат во овој род на војска, им доделувал парцели на земја на доживотно користење. Овие земјишни поседи биле наречени бенефиција, а војниците што ја добивале се викале вазали. Така биле создадени услови за создавање на идното рицарство.

*Зошто Франките го примиле христијанството?*

## ФРАНКСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕТО НА КАРЛО ВЕЛИКИ

Најголема моќ и територијално проширување Франкската држава постигнала за време на Карло Велики (768-814). Тој војувал со Лангобардите, Арабјаните, Словените и др. Со овие војни тој ја проширил државата на север до Балтичкото Море, на запад до Атлантскиот Океан и реката Ебро во Шпанија, и на исток до реките Лаба, Сава и Бохемските Планини. Територијата на државата на Карло Велики ги опфаќала речиси сите земји, кои порано ѝ припаѓале на Западната Римска Империја. Затоа Карло Велики побарал од папата да го прогласи за римски император. Во 800 година папата Лав III го прогласил за император на Светата Римска Империја.



*Карло Велики*

За да ја зголеми вазалната војска, Карло Велики го зголемил давањето бенефиции за време на војните. Императорот од нив барал не само лично да учествуваат во воените походи, туку со себе да водат и вооружена дружина. За да дојдат до повеќе војници, кралските вазали и сами почнале да раздаваат бенефиции, така што се појавиле и нивни вазали. Кралските вазали во однос на своите вазали се нарекувале сениори. Врховен сениор во државата бил кралот. Со текот на времето кралските вазали добиените земји како бенефиција почнале да ја прогласуваат



*Карло Велики*

за наследна. Наследената земја со која владеел вазалот била наречена феуд, а сопственикот феудалец. Така била создадена цврста зависност на пониските феудалци од повисоките. Така настанала феудалната хиерархија. На чело на феудалната хиерархија стоел кралот. По него доаѓале кралските вазали и црквата, крупните земјопоседници, барони, грофови  и други, а под нив се наоѓале рицарите. За сите феудални господари работеле крепосните селани.

*Како била уредена државата на Карло Велики?*

## РАСПАЃАЊЕ НА ФРАНКСКАТА ДРЖАВА

По смртта на Карло Велики, на престолот се искачил неговиот син Лудвиг наречен „Побожен“. Со оглед дека  ги немал способностите на татко му, Лудвиг уште додека бил жив, ја поделил земјата на своите три сина - Лотар, Лудвиг и Карло, а за себе ја задржал врховната власт. Тие воделе меѓусебни борби кои завршиле со Верденскиот договор во 843 година. Според договорот, Франкската држава била конечно поделена на три дела, од кои се формирале три кралства: Западно Франкско Кралство кое почнало да се вика Франција, Источно Франкско Кралство кое почнало да се вика Германија и Јужно Франкско Кралство кое почнало да се вика Италија.

*Зошто се распаднала Франкската држава по смртта на Карло Велики?*




*Државата на Франките во времето на Карло Велики*

# АРАБЈАНИТЕ И ИСЛАМОТ

## ТЕРИТОРИЈА И НАСЕЛЕНИЕ

Територијата на која живееле старите Арабјани се простирала на Арабискиот Полуостров. Повеќе од една третина од оваа територија претставува безводна и тешко проодна пустинска земја. Само во јужниот дел, наречен Јемен и крајбрежјето на Црвеното Море кое се викало Хеџас имало плодни краеви (оази) богати со тропски растенија и погодни за земјоделство. Низ оваа област поминувал најважниот каравански пат од Византија за Индија. На тој пат се развиле повеќе градови од кои позначајни биле Мека и Медина.



*Арабискиот полуостров*

На Арабискиот Полуостров живееле повеќе племиња меѓу кои најбројни биле Бедуините. Бедуините одгледувале камили, овци и кози и прочуените арапски коњи. Тие живееле номадски живот. Биле групирани во родови и племиња. Во VI век кај Арабјаните почнало да се распаѓа родовското уредување, и се појавила родовската аристократија.

*Какви биле природните услови на Арабискиот Полуостров?*

## ПОЈАВА И ШИРЕЊЕ НА ИСЛАМОТ

За обединувањето на Арабјаните од големо значење претставува појавата на новата религија наречена ислам, чиј основач бил Мухамед (570-632). Новата вера што ја проповедал Мухамед била верување во еден бог Алах, чиј пророк -пратеник на земјата бил тој. Приврзаниците на исламот се викале муслимани. Мухамедовото учење подоцна било изложено во Коранот (света исламска книга). Од своите верници исламот барал одредени верски обреди: молитва пет пати дневно, постење во Рамазан, давање милостина, одење на аџилак во Мека барем еднаш во животот).

Поради судирот со аристократијата во Мека, во 622 година Мухамед бил при-



*Страници од Коранот*

нуден да се пресели од Мека во Медина. Таа година муслиманите ја нарекуваат хиџра и оттогаш ги бројат годините. Откако учењето на Мухамед се зацврстило и проширило и во Медина, Мухамед со своите приврзаници ја освоил Мека, со што станал духовен и световен поглавар на идната Арабиска држава.

*Што претставува исламот?*

## ШИРЕЊЕ НА АРАБИСКАТА ДРЖАВА

По смртта на Мухамед со арабиската држава управувале неговите наследници -халифи, Абу-Бекир, Омар, Осман и Али. Првите двајца халифи не само што го обединиле арабискиот свет, туку успеале осетно да ја прошират арабиската територија. Најпрвин Арабјаните ја освоиле Сирија, Палестина, Персија, а потоа и Месопотамија и Египет. По смртта на Омар во Арабија дошло до династички борби во кои победила династијата на Омаидите. Тие ја преместиле престолнината од Мека во Дамаск, и владееле со Арабија од 661 до 750 година. Во тој период Арабјаните освоиле поголем дел од Мала Азија, Грузија а навлегле дури до Средна Азија, сè до реката Инд. На запад тие ја освоиле цела Северна Африка, а завладеале и со Пиринејскиот Полуостров во Европа.

*Со помош на картата проследи го ширењето на Арабиската држава.*

## СЛАБЕЕЊЕ И ПРОПАЃАЊЕ НА АРАБИСКАТА ДРЖАВА

Внатрешните борби и различниот состав на населението ја ослабувале државата. Веќе во VIII век арабиската држава се распаднала на два дела: Багдадски и Кордовски Калифат. Слабеењето на државата продолжило и во наредните два века, при што се одвојувале и осамостојувале муслиманските држави од кои се формирале Мароко, Египет, Сирија, како и земјите во Средна Азија. Во средината на XI Турците - Селџуци го освоиле Багдад и со тоа ставиле крај на постоењето на Багдадскиот калифат. Кордовскиот калифат во XI век се




*Арабиската држава*

распаднал на повеќе државички. Ваквата положба ја искористиле Шпанците и во 1492 година го зазеле Кордовскиот калифат.

*Кои биле причините за слабеењето на арабиската држава?*

## КУЛТУРАТА НА АРАБЈАНИТЕ

По обединувањето на арабискиот свет од Мухамед и освојувањето на повеќе земји во Азија, Африка и Европа, дошло до забрзан развој на арабиската култура. Под влијание на исламската религија бил изграден оригинален архитектонски стил. Тој особено дошол до израз во изградените величествени храмови, наречени џамии. Најубав споменик на арабиската архитектура претставува џамијата во Кордова во Шпанија. Од другите градби се истакнуваат дворците во Севилја и Гренада. Во духот на исламската архитектура биле изградени и многу други градби: палати, бањи, куќи и др. Сите тие биле богато украсувани со орнаменти - арабески.

Во духот на исламот била развиена и богата арабиска литература. На арабиски јазик биле напишани голем број оригинални литературни дела. Особено популарна била збирката приказни *Илјада и една ноќ*, која била преведена и на повеќе други јазици.

Значајни научни остварувања Арабјаните имале и во областа на филозофијата, астрономијата, медицината, геометријата итн. Арабиските филозофи одлично ги познавале делата на Аристотел и другите хеленски филозофи. Најистакнат арабиски филозоф бил Авицена, кој исто така ја познавал и медицината.

Арабјаните покажувале голем интерес за математиката. Тие ги усовршиле аритметиката, геометријата и аритметиката. Од Индусите ги зеле цифрите и ги усовршиле со додавање на нулата. Арабјаните многу ја ценеле астрономијата и први почнале да прават разлика меѓу сончевата и месечевата година.



*Џамија*

# ИСТОЧНО РИМСКО ЦАРСТВО (ВИЗАНТИЈА)

## СОЗДАВАЊЕ НА ВИЗАНТИСКАТА ИМПЕРИЈА

Во 395 година Римската Империја била поделена на два дела кои, кои во текот на V век се оформиле како посебни држави: Источна Римска Империја (Византија), со престолнина во Константинопол и Западна Римска Империја со престолнина во Рим. Константинопол кој бил граден по примерот на стариот Рим во сè го имитирал и затоа бил нарекуван Новиот Рим. И самата Византија се сметала за продолжувачка на Римската Империја. Називите Византија и Византијци, пак, добиени по името на гратчето Византион, се наложиле многу подоцна во употреба. Византија иако ја сочувала и негувала хеленско-римската цивилизација и култура, сепак таа била и христијански центар.

*Како била создадена Византиската Империја?*




*Византија во времето на Јустинијан I*

## ТЕРИТОРИЈА И НАСЕЛЕНИЕ

Уште од првите векови од своето постоење Византија се протегала на три континенти: азискиот, европскиот и африканскиот. Во рамките на Византија тогаш влегувале Балканскиот Полуостров, Северна Африка, Египет, Сирија, Палестина, дел од Месопотамија, делови од Арабија, Мала Азија, дел од Ерменија, Црноморското крајбрежје, Кавказ и полуостровот Крим.

Во Византија живееле разни народи: Тракијци, Илири, Грци, Македонци, Копти, Сирijци, Евреи, Ерменци, Грузијци итн. Службениот јазик отпрвин бил латинскиот, а потоа хеленскиот. На чело на Византија стоел цар (император). Тој имал неограничена власт и се потпирал на многубројните чиновници, војската и црквата. Императорот бил сметан за свето лице, и го почитувале како бог. Главно занимање на населението во Византија било земјоделството. Византија одржувала трговски врски како со Кина и Индија на Исток, така и со народите на Европа. Благодарејќи на огромните приходи што ги остварувала, Византија можела да располага со голема војска и флота, со која ги штитела границите на својата држава.

*На кои територии се протегала Византиската Империја?*

## ВИЗАНТИЈА ВО ВРЕМЕТО НА ЈУСТИНИЈАН I

Најголем подем во својот развиток Византија достигнала за време на императорот Јустинијан I (527-565). Во тоа време оптовареното селско и градско население со разни даноци и задолженија, почнало сè почесто да се крева на бунтови. Од сите побуни против Јустинијановата власт најмасовно било востанието кренато од населението на Цариград во 532 година, познато по името „Ника“ („Победувај“).

По средувањето на внатрешната состојба, Јустинијан I ги започнал своите освојувања за обновување на Римската Империја. Така, во 555 година Јустинијан I ги освоил Вандалското Кралство во Северна Африка и Остроготското Кралство (Источно Готско царство) во Италија. Потоа војувал со Визиготите во Шпанија, и го зазел југоисточниот дел од Пиринејскиот Полуостров. Но покрај освојувачките војни, Јустинијан I морал да ја брани Византија од нападите на надворешните непријатели, какви што биле Сло-



*Царот Јустинијан*


*Царицата Теодора*

вените, Персиското Царство, Аварите и други. За да го заштити Балканскиот Полуостров од нападите на Словените и другите варварски племиња Јустинијан ги обновил граничните крепости по Дунав и изградил многу други. Во 558 година Јустинијан I именувал комисија од правници со задача да изработи зборник од закони кои ќе важат на целата територија на империјата. Тој зборник на закони содржел правни акти од сите области на правото, и го добил името Јустинијанов кодекс. Во близина на неговото родно место Таурисион (Таор) императорот го изградил градот Јустинијана Прима кој претставувал административно и црковно седиште на истоимената Архиепископија.

*На кои територии се проширила Византија за време на владеењето на Јустинијан I?*
*Истражи и осознај! Како изгледала Јустинијана Прима според описот на византискиот историчар Прокопиј Кесариски?*

## СЛАБЕЕЊЕ И ПРОПАЃАЊЕ НА ВИЗАНТИСКАТА ДРЖАВА

По смртта на Јустинијан I Византија почнала забрзано да слабее. Покрај многубројните востанија на покорените народи, на Византија постојано напаѓале и надворешни непријатели. Царската власт била заслабната и од честите прсврти во Цариград. Од крајот на IV век, па сè до паѓањето на државата во 1453 година владееле 109 императори, од кои само 34 ја задржале власта до својата смрт. Во текот на Четвртата крстоносна војна (1202-1204), крстоносците го зазеле Цариград и ја укинале Византиската Империја, која била обновена во 1261 година. Кон крајот на XIII век Византија се соочувала со нападите на Турците Османлии, кои започнале да ги освојуваат прво византиските владенија во Мала Азија, а во 1453 година Османлиите го зазеле и Цариград. Со тоа дефинитивно пропаднало Византиското Царство.

*Како пропаднала Византиската Империја?*

## ВИЗАНТИСКА КУЛТУРА

Во раниот среден век Византија била најголем центар на културата во Европа. Таа се создаваала врз темелите на античката култура. За развивањето на културата многу придонесла и развиената трговија. За одржување на трговски и дипломатски врски со другите земји нејзе ѝ биле потребни многу образовани луѓе. Затоа за образованието не се грижела само црквата, туку и трговците и занаетчиите. Во многу училишта, покрај читање и пишување, се изучувале аритметика, географија и делата на старите антички писатели. Највисока школа била Магнаурската, отворена во Цариград уште во VI век.

Литературата во Византија била под силно влијание на црквата. Било многу раширено пишувањето на житија на светци. Но историската наука заземала најзначајно место. Византиските историчари даваат многу податоци за Византија во времето на Јустинијан и неговите следбеници како и за Словените.

Во Византија било многу развиено градежништвото. Најубави градби биле црквите и дворците на императорите. Поголемиот дел од црквите биле градени во нов стил, наречен византиски. Во него доминирале куполите и сводовите над вратите и прозорците. Нјубав споменик од византиското градежништво е црквата Св. Софија во Цариград изградена во времето на Јустинијан. По својата големина и убавина таа ги надминала сите градби од тоа време. Внатрешните ѕидови биле украсени со разнобојни мозаици и фрески. Со доаѓањето на Турците-Османлии во Цариград, црквата била претворена во џамија а фреските биле премачкани со боја.

Византиската култура имала силно влијание врз развитокот на културата и културниот живот на сите народи во Европа. Кралевите, кнезовите и епископите од Европа долго време ги граделе и украсувале црквите по углед на византиските дворци и цркви.

*На што се должела развиената култура во Византија?*



*Внатешноста на црквата Св.Софија во Цариград*



*Св. Софија во Цариград*

# ИСТОЧНА ЕВРОПА

## ЗАПАДНИ СЛОВЕНИ

## САМОВИОТ ПЛЕМЕНСКИ СОЈУЗ

Прва политичка заедница на Западните Словени претставува Самовиот племенски сојуз што постоел во првата половина на VII век (623-658). Неговото создавање било обусловено од потребата за одбрана од Аварите, а подоцна и од Баварците, односно Франките, како и од појавата на имотната диференцијација што настанала кај Западните Словени. Центарот на неговото настанување бил територијата на Чешка, кон кој се присоединиле и словенските племиња во Моравија и Словачка. Подоцна кон овој сојуз се присоединиле и словенските племиња во Источните Алпи и Панонија. По смртта на кнезот Само, сојузот се распаднал. Имено, со ширењето на христијанството и германизацијата во споменативе словенски земји, тие ја изгубиле својата независност и станале вазали најпрво на франечките, а подоцна на германските владетели.

*Како нстанал Самовиот племенски сојуз?*

## ВЕЛИКА МОРАВИЈА



*Кнезот Ростислав*

Во процесот на борбата против германската колонизација и воопшто против германските освојувачки воени походи, во почетокот на IX век се создал нов племенски сојуз кој прераснал во Великоморавско кнежевство. Тоа е создадено под водството на Моравските Словени, а кон кои се присоединиле и Словените во Чешка. Извесна самостојност создале и Полапските и Прибалтичките Словени.



*Покрсување на Русите*

Најзначаен владетел на Великоморавското кнежевство бил кнезот Ростислав. Тој, со цел да го зајакне осамостојувањето на кнежевството, опобарал од Византија проповедници да ја шират богослужбата на словенски јазик. Византискиот император Михајло III за таа цел ги испратил во Велика Моравија, Кирил и Методиј. Како резул-

тат на ширењето на христијанството на словенски јазик, тие во Моравија успеале да формираат посебна словенска црква. Германските феудалци како и крупното германско свештенство биле против ширењето на христијанството на словенски јазик, а со тоа и противници на самостојноста на Велика Моравија. Тие презеле нови завојувачки воени походи поради кои во почетокот на X век ова кнежевство се распаднало.

*Зошто Кирил и Методиј биле повикани во Велика Моравија?*



*Кнезот Владимир*

## ЧЕШКА ДРЖАВА

Во втората половина на XI век, се создала и Чешката држава. Словенските племиња во Чешка, кои најпрво биле во состав на Самовиот племенски сојуз, а потоа во рамките на Великоморавската држава и во вазален однос на германските цареви во почетокот на XI век почнале да се осамостојуваат. Нивните кнезови кои во тоа време ја признавале врховната власт на германските цареви сè повеќе се издигнувале. Во втората половина на XI век чешкиот кнез Вратослав ја искористил тешката положба на германскиот цар Хенрих IV, поради внатрешните борби, и го принудил да ја признае самостојноста на Чешката држава, во рамките на Германската империја. Тогаш чешкиот кнез бил признат за крал, а Чешка за кралство.

## ПОЛСКА ДРЖАВА

Речиси во исто време настанала и првата држава на Словените во Полска. Имено, во средината на X век кнезот Мешко ги обединил словенските племиња кои живееле по текот на реката Висла во Полска. Во текот на наредните воени походи под негова власт паднале и други полски племиња, иако и самиот тој ја признавал врховната власт на германскиот цар. Неговиот наследник, Болеслав И Храбар успеал Полска да ја ослободи од зависноста на германските цареви. Во 1000-та година во Полска била создадена самостојна Полска архиепископија која директно била поврзана со папата. За да ја зацврсти власта, на црквата и на благородниците им дарувал имоти и привилегии. Пред крајот на животот Болеслав се прогласил за крал. По неговата смрт Полска почнала да слабее по што наскоро паднала под германска власт.

*Објасни го процесот на создавањето на чешката и полската држава.*

## ИСТОЧНИ СЛОВЕНИ

## КИЕВСКА РУСИЈА

Оние Словени што се преселиле на територијата помеѓу реките Западна Двина и Буг, потоа по горниот тек на реките Волга и Ока и езерото Ладога до подрачјето на Днепар и Црното Море биле наречени Анти, односно Источни Словени. Подоцна, во текот на IX век за нив е утврдено името Руси, додека нивната земја е наречена Русија.



*Св. Софија во Новгород*

Во периодот на VII и VIII век кај Источните Словени доаѓа до засилување на општественото раслојување. Трговијата се одвојува од земјоделството и сточарството и се создале одделни градски центри, кои добивале сè поголемо стопанско значење. Најпознати меѓу нив биле Киев и Новгород. Преку нив се одржувале трговски врски со Византија и други земји. Наместо старите нестабилни племенски сојузи се создавале потрајни кнежевства. Во текот на IX век настанува Новгородското кнежевство чија војска под водството на кнезот Рурик успешно ги одбива пљачкашките походи на Варјагите, номадски племиња од Скандинавија. Кон крајот на истиот век се издигнува Киевското кнежевство кое било создадено под водството на кнезот Олег.

Во текот на втората половина на X век Киевска Русија достигнува најголема моќ. Олег го нападнал Цариград при што со Византија склучил поволен трговски договор. Киевска Русија станала и значаен меѓународен фактор, бидејќи тогаш одржувала трговски и дипломатски врски со Византија и други европски земји.

Во ова време во Киевска Русија преку Византија се ширело христијанството. Во 988 година кнезот Владимир го примал христијанството од Византија, го покрстил својот народ и се оженил со сестрата на византискиот цар. Во почетокот на XI век на кнежевскиот престол во Киевска Русија дошол Јарослав Мудриот (1019-1054). За време на неговото владеење, Русија заедно со Византија претставувала најсилна држава на Исток. Исто така, под негово раководство започнала работата и донесувањето на првиот руски законски зборник - Руска правда. По неговата смрт државата почнала да слабее. Во 1240 година Монголите навлегле на територијата на Киевска Русија а со тоа ја изгубила својата независност.

*Од кого кнезот Владимир го примал христијанството?*

# КРСТОНОСНИ ПОХОДИ

## ПРИЧИНИ И ПОВОД


*Крстоносци*

Во текот на XI век, натуралното стопанство започнало да преминува во стоково-парично стопанство. Тогаш трговците од Западна Европа оделе на Исток, и обратно, купувајќи и продавајќи разни производи. европските трговци и црковните луѓе кои оделе на исток се сретнувале со богати и раскошни градови, поразвиена култура, ненаселени места. По враќањето од Исток она што го гледале им го раскажувале на своите сонародници. Тоа предизвикало кај нив желба и стремеж за освојување на источните земји. Положбата на Исток ветувала голема добивка. Како повод за крстоносните војни послужило продирањето на Турците-Селџуци во Предна Азија и паѓањето на Ерусалим под нивна власт. Папата Урбан II, на Соборот во Клермон ги повикал бискупите, благородниците и многубројниот народ на крстоносна војна. Црквата на чело со папата гледала можност за проширување на своето влијание на Исток кое го изгубила во 1054 година по поделбата на црквата. Затоа ја земал иницијативата во свои раце и на походите им дала верски карактер.

*Кои биле причините за крстоносните војни?*

## ПОЧЕТОК И ТЕК НА КРСТОНОСНИТЕ ВОЈНИ

Покрај црквата, за учество во крстоносните војни биле заинтересирани и бароните со цел да заграбат земја, рицарите тргнале по богатства и авантура, а сиромашните селани за да се спасат од сиромаштијата. Според зашиените крстови на облеката, учесниците биле наречени крстоносци, а војните крстоносни.

Првата крстоносна војна започнала во 1096 година. Под водство на Петар Пустник крстоносната војска составена од сиромашните селани од Западна Европа, преку Унгарија и Балканскиот Полуостров стигнала во Цариград. Во Мала Азија крстоносците доживеале пораз од Турците -Селџуци. Наредната година добро организирани крстоносни војски на крупните феудалци и рицарите, предводени од францускиот гроф Рајмонд Тулуски, преку Македонија и Тра-

кија, пристигнале во Цариград. По неколкугодишни борби, крстоносците го освоиле Ерусалим. На освоените територии во Сирија и Палестина, крстоносците го формирале Ерусалимското кралство и уште неколку помали крстоносни државички.

За да ги одбранат и задржат придобивките од Првата крстоносна војна, францускиот крал Луј VII и германскиот цар Конрад III организирале Втора крстоносна војна (1147-1149), која не дала скоро никакви резултати. По 90 години Турците-Селџуци го зазеле Ерусалим и го уништиле Ерусалимското Кралство.

Третата крстоносна војна (1189-1196) се водела со цел да се ослободи Ерусалим. Во војната учествувале војски од Франција, Англија и Германија предводени од нивните владетели. Откако византискиот император ги префрлил крстоносците во Мала Азија тие не успеале да го ослободат Ерусалим.

*Како се водела Првата крстоносна војна?*



*Освојувањето на Ерусалим во 1099 година*

## ЧЕТВРТАТА КРСТОНОСНА ВОЈНА

Непомирен со неуспехот, тогашниот римски папа Инокентиј III организирал Четврта крстоносна војна (1202-1204). Таа наместо ослободување на Божјиот гроб во Ерусалим, била директно насочена кон освојувањето на византиската престолнина Цариград. Во 1204 година крстоносците со бродови го опсадиле градот и по жестоки улични борби го освоиле. Истовремено крстоносците освоиле и голем дел од Византиската Империја, каде што било создадено новото Латинско Кралство, со седиште во Цариград. Градот Солун пак станал седиште на Солунското Кралство. Биле создадени и други помали крстоносни држави на Балканот. Дури во 1261 година по паѓањето на Латинското Царство била возобновена Византиската Империја.



*Крстоносната војска на Петар Пустињак*

Католичката црква почнала да го шири мислењето дека грешните луѓе никогаш нема да можат да ги ослободат „светите места“. Тоа ќе можеле да го сторат само невините деца. Под влијание на таквото мислење, во 1212 година, во Германија и Франција почнале да организираат Детски крстоносен поход. И овој поход завршил катастрофално за крстоносците. Во XIII век биле организирани уште неколку походи, кои, исто така, завршиле со неуспех и со тешки последици.

*Против кого била насочена Четвртата крстоносна војна?*




*Крстоносни држави создадени со Првата крстоносна војна*

## ПОСЛЕДИЦИ ОД КРСТОНОСНИТЕ ВОЈНИ

Крстоносните војни не ја постигнале поставената цел. Крстоносците не ги задржале освоените земји на Исток. Сепак тие се значајни по тоа што се засилиле трговските врски со Исток, се развиле повеќе западноевропски трговски градови (Венеција, Џенова и др.) со што се зголемил бројот на градското население. Кралевите во западноевропските држави присвојувајќи ги земјите на загинатите феудалци и рицари создавале единствени феудални монархии со јака централна власт. Крстоносците се запознале со византиската и арабиската култура и ја пренеле во Европа. Пренеле и многу растенија и производи: памукот, оризот, лимонот, лубеницата и друго, потоа свила, накит, зачини, бои и се запознале со разни занаети. Во некои градови на Исток западноевропските трговци основале свои трговски колонии и загосподариле со трговијата на Средоземното Море. Со развитокот на трговијата се развива поморскиот и сувоземниот сообраќај. Сето тоа придонесло за уште поголем општествено-економски и културен развој на Европа.

*Кои се последиците од крстоносните војни?*



*Освојувањето на Цариград*

# ХУМАНИЗАМ И РЕНЕСАНСА

## ПОЈАВА НА ХУМАНИЗМОТ

Во текот на XIV век италијанските градови-републики прераснале во најразвиени економски и културни центри во Европа. Во нив забрзано се развивала трговијата, мануфактурното производство, банкарството, бродоградбата и др. Како резултат на тоа дошло до забрзан развиток на италијанското граѓанство. Тоа живеело во раскошни палати, чии што простории и дворови биле исполнети со скулптури и други споменици. Освен тоа, богатите италијански граѓани биле опкружени со професори, научници и уметници. Тие почнале сè повеќе да се ослободуваат од старите (феудални) погледи на свет, со кои човекот се насочувал кон достигнување блаженство на *другиот свет*. Богатото италијанско граѓанство раскинувајќи со таквите феудални стеги, почнало сè повеќе да се свртува кон култот на човековиот разум и кон човековото творештво. На тој начин во втората половина на XIV век во Италија се зародил и постепено станал доминантен новиот поглед на свет, кој бил наречен хуманизам (по латинскиот збор хуманус-човечен).




*Петрарка*

*Зошто хуманизмот прво се појавил во Италија?*

## РЕНЕСАНСА

Како резултат на новиот поглед на свет бил извршен епохален културен пресврт, што овозможило да се развие едно широко културно движење, кое е познато како ренесанса или преродба. Овој процут на уметноста и книжевноста меѓу XIV и XVI век се нарекува ренесанса. Со појавата на хуманизмот во Итали-



*Микеланџело*

ја, се зголемил интересот кон изучување на делата на старите хеленски и римски писатели, како и античките уметници и скулптори.

Развојот на ренесансата во Италија се одвивал низ три етапи. Тој бил нерамномерен во одделните градови и научни и уметнички дисциплини. Уште од почетокот градот Фиренца станал најразвиено хуманистичко средиште. Голема заслуга за тоа имал тамошниот универзитет и т.н. Платонова академија. Во рамките на универзитетот постоел и курс за изучување на делата на славниот хеленски филозоф Аристотел. Како резултат на тоа во втората половина на XV век во Фиренца забрзано почнале да се развиваат хуманитарните науки. Врз база на античкото наследство биле создадени повеќе литературни и уметнички дела, со световна содржина и во духот на новото преродбенско време.

Од Италија ренесансата брзо се проширила и во повеќето европски земји. Како резултат на тоа дошло до сè потесно културно зближување на одделните европски земји и народи.

*Шшо йреѿсѿавува ренесансаѿа?*

## РЕНЕСАНСНА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И НАУКА

Зародиш на ренесансата во Италија бил Данте Алигиери. Во неговото капитално дело *Божесѿвена комедија* кое било напишано на народен италијански јазик , се содржат доста хуманистички елементи, кои со право овој голем творец го вбројуваат во предвесниците на ренесансата.

За основоположник на хуманизмот се смета Франческо Петрарка. Неговите поетски и филозофски дела се исполнети со содржини за човекот и неговиот живот. Своите размислувања Петрарка ги градел врз делата на античките писатели Платон, Аристотел и др., внесувајќи го притоа духот на новото граѓанско општество. Значајна личност од овој период е и Џовани Бокачо кој напишал збирка од сто новели, собрани во делото Декамерон.

Ренесансната книжевност се шири и во другите европски земји, како што биле Улрих фон Хутен (Германија), Франсоа Рабле (Франција), Еразмо Ротердамски (Холандија), Мигуел Сервантес (Шпанија), Шекспир (Шпанија) и др.

Голема улога во формирањето и развојот на италијанскиот хуманизам, освен

градот Фиренца имале и културните центри-Рим, Милано, Неапол, Венеција и др. Во овие центри твореле и оставиле свои капитални дела голем број културни дејци. Меѓу нив челно место заземале Леонардо да Винчи, Микеланџело, Рафаел Санти, Тицијани др.

Најпознати сликарски дела на Леонардо да Винчи се *Мона Лиза* (Џоконда) и *Тајната вечера*. Микеланџело ја насликал композицијата во Сикстинската капела во Ватикан.

Познати скулптори кои посебно ја проучувале анатомијата на телото биле Донатело и Микеланџело. Донатело ја изработил скулптурата Давид, додека најпознатото остварување на Микеланџело е скулптурата Мојсеј.

*Направете компарација меѓу сликата Мона Лиза и средновековните фрески.*

## РАЗВОЈОТ НА НАУКАТА

Во епохата на хуманизмот и ренесансата осетно бил забрзан и развојот на науката. Ѓовани Бокачо го создал првиот психолошки роман во европската литература; писателот Никола Макијавели во своите капитални дела се залагал секој човек да се држи до стварноста; Томас Мор во делото *Утопија* создал измислена држава на еден од островите без приватна сопственост; подоцна за изградување општество врз база на колективна сопственост се залагал и Италијанецот Томазо Кампанела.

По 1440 година, кога во градот Мајнц Германецот Јохан Гутенберг ја пронашол печатницата, науката и уметноста добиле уште позабрзан од во својот развиток. Почнале да се печатат не само дела со современа содржина, туку и од античките писатели, филозофи и други творци. Едновремено со тоа биле откриени и нови пронајдоци: компасот, географската карта и друго.

Под влијание на хуманизмот бил направен силен пробив и во развојот на астрономијата и физиката, над кои природни науки продолжувала да има целосен монопол црквата. Во спротивност со црковните ставови, полскиот научник Никола Коперник дошол до заклучок дека планетата Земја заедно со другите планети во вселената се вртат околу Сонцето. Таквата теза подоцна со пронаоѓањето на нови астрономски инструменти била потврдена како исправна.

*Кои научни дисциплини се развиле во епохата на хуманизмот и ренесансата?*



*Гутенберг (гутенберговата печатница)*

# ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА

## ПРИЧИНИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ ОТКРИТИЈА

Кон крајот на XV и почетокот на XVI век доаѓа до големи географски откритија. Тие биле условени од значителниот стопански и културен напредок на Западна Европа. Тогаш и европските трговци ја зголемиле трговијата со Блискиот Исток, купувале стока дури од Индија и Кина (мирудии, накит, свила и др.). Меѓутоа тие не оделе во Индија и Кина, туку стоката ја прекупувале од арапските трговци многу скапо. За да го избегнат посредништвото, трговците и владетелите од средоземноморските земји веќе размислувале како да дојдат до Индија по морски пат. Барањето на морски пат за Индија особено се забрзало кога Турците-Османлии го освоиле Блискиот Исток и Балканскиот Полуостров и го пресекле патот преку Мала Азија и Сирија.

Техничкиот напредок во тоа време давал можност за преземање на далечни морски патувања. Морнарите веќе го користеле компасот и поголеми бродови - каравели. Во тоа време Тосканели, географ од Фиренца, учел дека Земјата




*Големите географски откритија*



*Една од каравелите на Кристифер Колумбо*

има облик на топка и изработил карта на светот. Во неа Индија ја поместил на другата страна од Атлантскиот Океан. Тоа го поттикнало Кристифер Колумбо да тргне на пат за Индија.

*Кои биле причините за географските откритија?*

## ОТКРИВАЊЕ НА АМЕРИКА

Кристифер Колумбо бил син на ткајач од Џенова. Уште како момче станал морнар и верувал, дека Земјата има форма на топка. Кога се запознал со новата карта на светот, Колумбо решил да го открие новиот пат за Индија пловејќи во западен правец. Со помош на шпанската кралица Изабела, Колумбо добил три каравели и 90 морнари, и во летото 1492 година отпловил од Шпанија, и по 43 дена долго и тешко патување експедицијата стасала до островот Сан Салвадор. По откривањето на островите Хаити и Куба, Колумбо се вратил во Шпанија со уверувањето дека го открил новиот пат за Индија. Колумбо не знаел дека помеѓу Европа и Азија се наоѓа друг континент. Тој организирал уште три патувања, но до крајот на својот живот верувал дека го открил источниот брег на Индија. Затоа и месните жители во откриените земји ги нарекол Индијанци.

Подоцна италијанскиот патописец Америго Веспучи, патувајќи низ истите земји, установил дека Колумбо открил нов дотогаш непознат континент. Новиот континент го добил неговото име - Америка.

*Како дошло до откривањето на Америка?*

## ОТКРИВАЊЕТО НА МОРСКИОТ ПАТ ЗА ИНДИЈА



*Кристофер Колумбо*

Додека Колумбо го барал новиот пат за Индија пловејќи во западен правец, португалските морепловци имале иста цел - да ја пронајдат Индија, но пловејќи во источен правец. Во втората половина на XV век португалскиот морепловец Диаз движејќи се околу Африка дошол до нејзиниот јужен дел и се запрел до тамошниот ‘рт кој бил наречен ‘Рт на Добра Надеж. Со тоа не престанал интересот на Португалците за Индија. Во 1498 година морепловецот Васко де Гама тргнал по патот на Диаз, ја заобиколил Африка, минал низ Индискиот Океан и стигнал до Индија. Така, тој прв од морепловците успеал да го открие морскиот пат за Индија.

*Како бил откриен морскиот пат за Индија?*

## ПРВОТО ПАТУВАЊЕ ОКОЛУ СВЕТОТ

По откривањето на Америка и морскиот пат за Индија, морепловците не престанале со нови трагања по непознатиот свет. Така во 1519 година португалскиот морепловец Френандо Магелан, кој бил во служба на Шпанија, го започнал своето прво патување околу светот. Со експедицијата составена од пет брода и 265 морнари посада тргнал од Шпанија. Во почетокот пловел низ Атланскиот Океан по патот на Колумбо, потоа по брегот на Јужна Америка и стигнал до нејзиниот најјужен дел навлегувајќи низ него во Тихиот Океан. По повеќе месеци патување на отворено море, трпејќи жед и глад, стигнале до Филипинските Острови. Тука Магелан загинал во една борба со домородците. Неговата експедиција го продолжила патот околу Азија и Африка. По три години патување (1519-1522) со останатата посада од само еден брод и 18 морнари се вратила назад во Шпанија. Така завршило првото патување околу земјата. Со тоа било и практично потврдено научното толкување, дека земјата има топчеста форма.

*Опиши го првото патување околу светот?*



*Фернандо Магелан*



*Васко де Гама*

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ГЕОГРАФСКИТЕ ОТКРИТИЈА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ

Уште од почетокот на XVI век започнала колонизацијата на земјите и народите од новиот свет. Многу луѓе од Европа, а особено осиромашените шпански рицари, желни за лесно збогатување, организирале освојувачки експедиции. Тие навлегле во Централна и Јужна Америка, во земјите што ги открил Колумбо. Шпанскиот освојувач Фернандо Кортез во 1521 година го освоил Мексико и ја уништил државата на Ацтеките. Друг шпански освојувач Франциско Пизаро во 1531 година го освоил Перу и ја освоил државата на тамошните Инки. Шпанските освојувачи домашното население го претворале во робови, а новооткриените земји биле претворени во колонии.

По откривањето на морскиот пат за Индија, Португалците први започнале да создаваат свои колонии во Индија и Кина. Португалците колонијални освојувања извршиле и во Јужна Америка. Колонијалните господари донесувале од освоените колонии злато, сребро и други скапоцености. Шпанците и Португалците од Америка во Европа донеле и нови непознати култури: компир, пченка, тутун, грав и друго. Од друга страна во Америка биле однесени повеќе домашни животни: коњи, крави, овци и друго, како и некои растенија кои таму ги немало како: памук, разно овошје и друго.

Географските откритија придонеле побрзо да се развива трговијата и

стоко-паричното стопанство. Градовите покрај брегот на западна Европа станале големи трговски центри. Процесот на првобитната акумулација на капиталот и развојот на буржоазијата се одвивале со побрзо темпо.

Како последица од големите географски откритија било и преместувањето на морскиот трговски пат од Средоземното Море на Атланскиот Океан. Тоа предизвикало опаѓање на земјите во Јужна Европа особено италијанските градови Венеција и Џенова.

*Какво значење имале големите географски откритија за Европа?*



*Колумбо на копно го пречекуваат домородците*

# УЛОГАТА НА ЦРКВАТА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА

## УЛОГАТА НА ЦРКВАТА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА

До почетокот на IV век римската држава имала непријателски односи со христијанските општини. Во 313 година Константин I Велики го издал Миланскиот едикт, со кој христијанската религија станала рамноправна со другите и добила легална слобода. Оттогаш христијанската црква почнала постепено да се претвора во привилегирана институција и како резултат на тоа до крајот на IV век христијанството се претворило во државна религија на Римската Империја. Бидејќи христијанската црква ги бранела интересите на државата, добивала од државата и од великодостојниците големи земјишни поседи и привилегии, а свештенството било ослободено од даноците. Во ширењето на христијанството, епископот на градот Рим стекнал голем углед меѓу свештенството и започнал да се нарекува папа, односно татко или глава на црквата. Прогласувајќи се за наследник на апостолот Петар, папата започнал да ги потчинува останатите епископи. На тој начин, римскиот папа станал врховен поглавар на западноевропските христијани.



*Монаси*

Ширењето на христијанството меѓу варварските народи одиграло прогресивна улога, бидејќи носело поразвиена цивилизација во однос на паганството (многубоштвото). Манастирите биле единствени центри и жаришта на средновековната писменост, а монасите единствени писмени луѓе. Кај некои народи, црквата одиграла значајна улога и во организирањето на отпор и народноослободителни движења. Меѓутоа, во одредени земји на Западна Европа црквата била организатор и на завојувачки походи и освојувачки војни, какви што биле на пример крстоносните.

*Зошто христијанската црква имала привилегирана положба во државата?*

## СОЗДАВАЊЕ НА ПАПСКАТА ДРЖАВА



*Продажба на индулгенции*

Во текот на VIII век римската црква била изложена на напади и ограбувања од страна на Лангобардите. Мајордомот на франкската држава Пипин Кусиот, на повик од папата, дошол во Италија и ги поразил Лангобардите. На териториите што биле одземени од Лангобардите, во Средна Италија, со центар во градот Рим, во 756 година била создадена папската држава. Остаток од световната држава на папата денес претставува Ватикан. Папската држава имала многу значајно место во европската историја, бидејќи папата како врховен поглавар на западното христијанство, помагал во разрешувањето на спорните прашања меѓу одделните држави.

*Опишете го создавањето на папската држава.*

## ПОДЕЛБА НА ХРИСТИЈАНСКАТА ЦРКВА

Со поделбата на Римската Империја наскоро се поделила и христијанската црква. Меѓу папите на запад и патријарсите на исток, постоело непријателство и нетрпеливост за превласт во црквата. Непријателството особено се засилило кога папите отворено го истакнале своето право на власт над целата христијанска црква. Против ваквите папски претензии биле и византиските императори, кои биле против мешањето на папите во нивните внатрешни работи. Папите и патријарсите се карале и при ширењето на христијанството меѓу словенските народи. Нивната борба се продлабочила и поради несогласувањето по некои верски прашања и обреди. Ривалството меѓу источната и западната црква толку се засилило што во 1054 година дошло до целосен расцеп. Црквите една на друга си фрлиле анатема -проклетство. Од тогаш западната црква почнува да се нарекува *римокатоличка* на чело со папа со седиште во Рим, а источната црква почнува да се нарекува *православна* на чело со патријарх со седиште во Цариград.

*Кои се причините за поделбата на христијанската црква?*

## БОРБАТА ПОМЕЃУ ЦАРСТВОТО И ПАПСТВОТО

Со јакнењето на црквата, започнала и отворена борба помеѓу Папството и Царството, која траела неколку века. Првиот судир настанал во XI век во времето на царот Хенрих IV и папата Grгур VII. Со оглед на големата финансиска моќ со која располагале, папите имале предност во однос на царевите. Во почетокот на XIII век, за време на папата Инокентие III, Папството ја достигнало највисоката моќ. Тогаш папата почнал да се меша во политиката на државите во Европа. Некои европски владетели биле дури и вазали на папата и му плаќале годишен данок.

Со зајакнувањето на европските држави во XIII и XIV век, влијанието на Папството полека се намалило. И покрај тоа, црквата сè уште претставувала силен фактор во историјата на Европа.

*Кои биле причините за борбата помеѓу Царството и Папството?*

### РЕФОРМАЦИЈА И ПРОТИВРЕФОРМАЦИЈА



*Истакнувањето на 95-те тези на Мартин Лутер*

Реформацијата е социјално, идеолошко и политичко движење од почетокот на XVI век што е насочено против Католичката црква. Ова движење ќе доведе до расцеп на Католичката црква и до формирање на Лутеранската (Протестантската) црква.

Реформацијата била предизвикана од повеќе причини. Една од причините е економската положба на црквата која преку разни финансиски давачки собирала големи парични средства. Друг значаен мотив за незадоволство бил и начинот на животот на свештенството. Мнозина од црковните великодостојници воделе раскошен и скандалозен живот. Незадоволството кулминирало кога Римокатоличката црква почнала да продава т.н. индулгенции. На оние што купувале индулгенции им се простувале сите гревови.



*Мартин Лутер*

Најголемото незадоволство против Католичката црква и лично против папата било изразено во Германија. Реформацијата започнала во 1517 година, кога Мартин Лутер на вратата на кат-



*Папата Инокентие III*

едралата во Витенберг ги истакнал своите 95 тези. Тој јавно ги критикувал злоупотребите на црквата и барал да се спроведат реформи во црквата. Лутер го прогласил Светото Писмо за единствен извор на верата. Неговото учење брзо се ширело и го зафатило поголемиот дел од Германија.

По долгогодишните војни помеѓу приврзаниците и противниците на реформацијата во Германија, во кои ниедна од страните не победила, во 1555 година во Аугсбург бил склучен верски мир помеѓу католиците и протестантите. Со мирот, на протестантите во Германија им била признаена рамноправноста со католичките верници.

Од Германија реформацијата се проширила и во повеќе други католички земји: Франција, Швајцарија, Англија и др.

Со цел да го спречи натамошното ширење на реформацијата и да ги врати верниците во своите редови, католичката црква преземала сурови и енергични мерки. Ова движење се нарекува противреформација или католичка реакција. Голема поддршка во борбата против реформацијата, католичката црква добила со основањето на монашкиот ред на језуитите на чело со шпанскиот благородник Игнацио Лојола. Иако противреформацијата постигнала извесни резултати, таа сепак не успеала да го уништи реформаторското движење во повеќе земји во Европа.

*Истражи и осознај! Издвојте ги и објаснете ги најважните барања на Мартин Лутер.*
*Што претставува противреформацијата?*

# ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА

## СОЗДАВАЊЕ НА ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА

Турците биле азиски сточарски народ од монголско потекло, кои живееле во степските области источно од Каспиското Езеро. Тие главно се занимавале со сточарство, а биле организирани во цврста воена организација. Еден дел од нив наречени Селџуци уште во XI век го нападнале Багдадскиот калифат и дошле до бреговите на Средоземното Море. Тука создале своја држава а во исто време се исламизирале.


*Осман*

Во XIII век, под притисок на Монголите, на просторот на селџучките султанати се населила друга голема маса на Турци, наречени Османлии. Еден од нивните водачи Осман (1288-1326), формирал независна држава, која што по неговото име е наречена Османска или Османлиска. Еден од наследниците Орхан, успеал да ја прошири државата на сметка на ослабената Византија. Во втората половина на XIV век Османлиите навлегле и на Балканот, при што воспоставиле своја власт во Бугарија, Македонија, Србија, Албанија, Босна, Херцеговина и др. Во 1453 година Турците Османлии, предводени од султанот Мехмед II Освојувач го освоиле Цариград, со што престанала да постои Византиската Империја.

За време на владеењето на турскиот султан Сулејман II Величествени, Османлиската држава го достигнала својот најголем развој. Но од тогаш моќта на државата почнала засилено да слабее.

*Како настанала Османлиската држава?*

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВАТА



*Сулејман II Величествениот*

Османлиската држава била централизирана држава на чело со врховниот владетел - султанот. Тој имал апсолутистичка политичка и верска власт. Во управувањето со државата на султанот му помагале високи државни службеници, кои го сочинувале државниот совет, наречен Диван. Главен помошник на султанот бил големиот везир. Тој го чувал државниот печат, а за време на војна бил главен командант на сите воени сили во државата. Сите високи чиновници заедно со султанот ја сочинувале високата порта (владата). Судењето во државата било во рацете на духовните судии - кадии. Кадиите суделе според верските (шеријатски) прописи и законски одредби издавани од султанот.

Целата држава била поделена на големи и мали области, со кои управувале крупни феудални господари кои истовремено биле административни управници и воени команданти. Најголеми административни единици биле беглербеглуци на чело со беглербегови, кои ги поставувал султанот. Беглербеглуците се делеле на помали административни единици наречени санџаци, а санџаците се делеле на вилаети и нахии и др.

Сите покорени народи, Османлиите ги нарекувале раја.

*Како била организирана власта во Османлиската држава?*

## ОСМАНЛИСКАТА ВОЈСКА



Спахија

Во Османлиската држава била воспоставена цврста воена организација, која овозможувала водење освојувачки војни, и ширење на државната територија. Нивната војска се состоела од спахии (коњаници) и јаничари (регуларна пешадија).

Спахиите биле коњаници-феудалци, кои добивале феуд (лено-спахилак) со обврска на повик на султанот да одат во војна, и да водат со себе определен број војници и опрема во зависност од големината на леното. Доколку не ја исполнувале воената обврска, спахиите можеле да го загубат лено-спахилакот.

Јаничарската војска била формирана во XIV век. На почетокот оваа војска била составена од млади заробеници, но подоцна во јаничари биле претварани одземени христијански деца преку т.н. данок во крв. Јаничарите биле воспитувани во муслимански дух, немале право да се женат и нивна основна должност била да се лојални на султанот и храбро да учествуваат во воените операции. Јаничарите ја претставувале ударната сила на османлиската војска и многу придонесувале за територијалното проширување на Османлиската Империја.

Турците-Османлии имале и силна флота, која што им овозможувала да водат и вооружени операции на море.

Долго време во османлиската војска преовладувало ладното оружје. Турскиот војник бил вооружен со лак и стрели, крива сабја, кратко копје, штит, а во определени случаи носеле панцир. Подоцна користеле огнострелни оружја и топови, кои особено голема ефикасност покажале при освојувањето на Цариград.

*Што претставувале спахиите?*
*Објасни го значењето на јаничарската војска во територијалното проширување на Османлиската Империја?*




*Османлиското царство кон средината на XVI век*

# БАЛКАНОТ ВО СРЕДНИОТ ВЕК

## ДОСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ НА БАЛКАНОТ

Словените припаѓаат во редот на најстарите жители на Европа. До средината на I век од н.е. Словените биле познати како Венети (Венеди), Анти и Склави. Тие живееле на територијата која се простирала меѓу Балтичкото Море, Карпатите и долините на реките Днестар и Днепар. Под влијание на Големата преселба на народите, Словените почнале да се раселуваат во три правци: кон исток, кон запад и кон југ. Јужните Словени ги населувале областите во Панонија и Влашката Низина. Реката Дунав им била јужна граница на со Византиската Империја. Словените често ја преминувале реката Дунав заради организирање на пљачкашки походи во Византија. Во втората половина на VI и почетокот на VII век започнале да се населуваат на Балканскиот Полуостров.

Кога Словените дошле на Балканот, затекнале голем број на староседелци: Келти, Македонци, Тракијци и Илири. Еден дел се асимилирале со Словените, додека други успеале да ги задржат своите обичаи, јазикот и културата.

*Со помош на картата следете го населувањето на Словените на Балканот.*




*Словенските племиња на Балканот*

## БУГАРСКА ДРЖАВА

Бугарите биле номадски племиња од турско-татарско потекло. Живееле на територијата околу Каспиското Езеро. Во VII век под водство на ханот Аспарух се населиле на просторот меѓу планината Балкан и реката Дунав. Во 681 година формирале своја држава со престолнина во Плиска. На тој простор живееле осум словенски племиња, кои ја признале врховната власт на Бугарите. Бидејќи биле помалубројни од Словените, тие се слеале со нив, го примиле словенскиот јазик, а го задржале името Бугари. Во 864 година, во времето на канот Борис, Бугарите го примиле христијанството од Византија.

Кон крајот на IX и почетокот на X век , за време на владеењето на царот Симеон, Бугарија станала најсилна држава на Балканот. По неговата смрт, Бугарија почнала забрзано да слабее, и во 971 година паднала под византиска власт. Извесно време со Бугарија владеел македонскиот цар Самуил.

Кон крајот на XII век, со востанието на Петар и Асен (1185 г.), Бугарите се ослободиле од власта на Византија, при што било создадено Второто бугарско царство. По смртта на царот Иван Асен, Бугарија започнала да слабее.

*Опишете го развојот на Бугарската држава.*



*Печатот и цртеж на монета на Иван Асен II*

## ЗЕТА (ДУКЉА)

Државата Дукља била создадена во X век на териториите околу реките Зета и Морача, Скадарското Езеро и Которскиот залив. Во текот на освојувачките војни на македонскиот цар Самуил, кнезот Владимир ја признал македонската власт и станал зет на македонскиот цар. По пропаѓањето на Самуиловото царство, Дукља привремено влегла во составот на Византија.

Во средината на XI век, Дукља се ослободила од Византија и станала независна држава. Кнезот Михајло успеал да ја присоедини Рашка, со што Дукља станала независна држава. Михајло го помагал востанието на Ѓорѓи Војтех во Македонија, а имал добри односи и со папата. Во 1077 година, Михајло од папата добил кралска круна, а Дукља станала кралство. По неговата смрт, во XII век државата ослабнала и паднала под власта на Византија.

*Истражи и осознај! Во што се состоела помошта што кнезот Михајло ја испратил на македонските востаници на чело со Ѓорѓи Војтех?*

## РАШКА (СРБИЈА)

Србите ги населувале областите по текот на реките Лим, Ибар, Дрина и Западна Морава. Во средината на IX век, српските племиња ја формирале државата Рашка, која што името го добила според градот Рас. Кон крајот на X век Рашка влегла во составот на македонската држава, а по пропаѓањето на Самуиловото Царство ја признала врховната власт на Византија.

Кон крајот на XII век српскиот велики жупан Стефан Немања ја отфрлил византиската власт и ја обновил српската држава. За време на владетелот Стефан Немањиќ, угледот на Србија се зголемил, а државата стекнала нови територии. Во 1217 година великиот жупан Стефан добил од папата кралска круна, и го добил името Првовенчани. Две години подоцна била формирана и независна српска црква, во ранг на архиепископија, на чело со првиот



*Царот Душан*

архиепископ Сава.

Најголема моќ српската држава постигнала во времето на кралот Душан (1331-1355), кој водел повеќе освојувачки војни, при што ги освоил: Македонија (без Солун), Тесалија, Епир и Албанија. Во 1346 година во Скопје, Душан се крунисал за цар, а Србија станала царство. По неговата смрт, српската држава почнала да слабее, што довело до нејзиното распаѓање на повеќе самостојни феудални владеења.

*Во чие време српската држава доживеала најголема моќ?*

## НЕЗАВИСНИ ВЛАДЕТЕЛИ ВО АЛБАНИЈА



*Тврдината Берат*

Еден дел од словенските племиња се населиле и во Албанија, каде што го затекнале старото романизирано, воглавно илирско население. Албанија често потпаѓала под власта на соседните држави: Бугарија, Самуиловото Царство, Византија и др. Од XI век започнале да се издвојуваат албанските благороднички семејства: Аријанити, Музаки, Згури и др. Било формирано и кнежевството Арберија, кое најголема моќ достигнало во првата половина на XIII во времето на кнезот Димитар.

Во втората половина на XIV век, по смртта на царот Душан некои албански благородници формирале независни кнежевства. Во областа на Драч и Кроја кнежевство создал Карло Топија. Во северниот дел на Албанија се осамостоиле Балшиќите. Подоцна и други феудалци се осамостоиле во Албанија, меѓу кои најпознати биле семејството Аријанити, Дукаѓини, Кастриоти и др.

*Каква била состојбата во Албанија по смртта на царот Душан?*

## ПАЃАЊЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ

Во средината на XIV век балканските земји биле значително ослабени од меѓусебните војни. Користејќи ги овие оклности, Османлиите преминале на Балканот и релативно лесно ги освоиле овие подрачја. Пресудни настани за успесите на Османлиите биле битката на Марица (1371) и битката на Косово Поле (1389). Наскоро, прва на удар се нашла Бугарија која во 1396 година потпаднала

под власта на Османлиите. По Косовската битка, Србија ја признала врховната власт на Османлиите, а 1459 година конечно ја изгубила независноста. Кон крајот на XIV век Османлиите почнале да навлегуваат во Албанија. Во битката на Саурското Поле (1385) Османлиите ја поразиле војската на Балша II и освоиле голем дел на Албанија. Византија во овој период ги изгубила речиси сите свои територии освен Царигра. Конечно во 1453 година султанот Мехмед II го освоил Цариград, со што престанала да постои Византиската Империја.

*Зошто балканските земји лесно паднале под османлиска власт?*



Османлиската опсада на Цариград




Османлиските освојувања на балканските земји

# ТЕМА 4.
# НОВ ВЕК

# ЗАБРЗАН СТОПАНСКИ РАЗВИТОК

## ТЕХНИЧКИ ПРОНАЈДОЦИ

Во текот на XVI и XVII век западноевропските држави забележувале силен општествено-економски напредок. Наместо застарениот феудален систем, сè повеќе се развивале новите капиталистички односи. Општествените промени кои биле воспоставени во земјите на Западна Европа предизвикале развој на земјоделството, сообраќајот, трговијата и др.

Во овој период земјоделството сè уште претставувало основна гранка на економијата. Со воведувањето нови земјоделски култури и појавата на првите земјоделски машини, значително се подобриле приносите од земјоделското производство. Со појавата на аграрната револуција, малите земјоделски поседи постепено исчезнувале и се формирале поголеми поседи, големи фарми од капиталистички тип.

Голем напредок во овој период бил направен во индустријата. Наместо малите работилници кои полека исчезнувале, во XVIII и XIX век се јавуваат фабрики, во кои се користат новите технички пронајдоци. Мануелното производство се заменува со машинско производство. Првите машини биле употребени во текстилната индустрија. Така Џејмс Харгрејвс ја усовршил машината за предење, а Едмунд Картрајд ја пронашол машината за ткаење. Во 1784 година Англичанецот Џејмс Ват ја пронашол и усовршил парната машина, и започнала



*Џејмс Ват и неговата парна машина*

нејзината примена во производството. Со овие откритија и промените во индустриското производство, во Англија во средината на XVIII век започнува индустриската револуција, т.е. заменувањето на рачното мануфактурно производство со машинско фабричко производство.



*Парнаѿа локомоѿива на Сѿивенсон*

Парната машина нашла практична примена и во транспортот. Во 1803 година Џорџ Стивенсон ја конструирал првата локомотива. Тоа овозможило да се изгради првата железничка линија Стоктон-Дарлингтон. Во САД научникот Роберт Фултон го конструирал првиот брод на парен погон.

Техничкиот напредок со несмалено темпо продолжил и во XIX век. Со употребата на електричната енергија како погонска сила започнала втората индустриска револуција. На тоа подрачје голем придонес дале Томас Едисон, кој ја усовршил светилката, а Сименс го конструирал електричниот трамвај. Нучникот Никола Тесла работел на конструирање на мотори за наизменична струја. Првиот телефон бил конструиран од американскиот научник Грахам Бел. Италијанскиот научник Гилермо Маркони ја испратил првата радиопорака од Велика Британија до Франција.

Во овој период промени настанале во речниот и поморскиот сообраќај. Бродовите со железна конструкција се заменувале со челична. За побрзо одвивање на поморскиот сообраќај и светската трговија, биле прокопани Суецкиот, Килскиот и Панамскиот канал. Со развојот на светската трговија, се остварувале големи профити што овозможиле државите да се збогатуваат, а со тоа да насочуваат нови инвестиции во производството, науката и културата.

*Објаснеѿе ја ӣојаваѿа на индусѿрискаѿа револуција.*
*Шѿо ӣодразбираѿе ӣод ӣоимоѿ вѿора индусѿриска индусѿриска револуција?*



*Прваѿа ӣарна локомоѿива*



*Прваѿа машина за ӣредење, 1764 г.*



*Суецки канал*

## ПОДЕМ НА ГРАЃАНСТВОТО

Индустриската револуција позитивно влијаела и на развојот на градовите. Со зголемувањето на производството, центарот на економскиот живот се пренесувал од селата во градовите. Започнала миграција од село во град. Се развиле новите градови како Лондон, Париз, Амстердам, Берлин, Њујорк и др. кои добивале нов лик и имале повеќе од еден милион жители.

Со развитокот на индустријата, трговијата и банкарството се развило и граѓанството. Збогатените слоеви од трговци, банкари, сопственици на претпријатија внесувале новини во начинот на живеење во градските средини. Побогатите граѓани ги школувале своите деца во подобри училишта. Значително се зголемил бројот на студентите.

Со цел да го зголеми своето влијание во општеството, граѓанството барало поголеми права и слободи како што се: еднаквост пред судот, слобода на печатот, слобода на говор, верски убедувања, еднаквост при плаќање на даноците, општо право на глас и др. Спротивностите меѓу политичарите и некои кралски дворови на една страна и граѓанската класа од друга страна, се повеќе се заострувале, што довело до остра политичка борба. Со тоа граѓанството се повеќе го зголемувало своето влијание во општеството, па покрај економската, тоа ќе ја преземе и политичката моќ.

*Какви биле барањата на граѓанството?*
*Зошто граѓанството го поттикнувало развојот на образованието?*

# ГОЛЕМАТА ФРАНЦУСКА БУРЖОАСКА РЕВОЛУЦИЈА

## ПРИЧИНИ ЗА РЕВОЛУЦИЈАТА

Во втората половина на XVIII век Франција била апсолутистичка монархија со сталешко претставништво. На чело на државата стоел кралот Луј XVI кој имал речиси неограничена власт. Населението се делело на три сталежи: свештенството и благородништвото биле привилегирани, а постоел и трет сталеж во кој влегувале различни припадници на граѓанството, селаните и работниците. Третиот сталеж иако ги плаќал своите давачки кон државата, немал одлучувачка положба во државата.



Луј XVI

Во овој период Франција западнала во сериозна финансиска криза. Кризата го зголемила незадоволството на третиот сталеж од апсолутистичкото владеење на кралот. Под притисок на третиот сталеж, кралот Луј XVI (1774-1792) на 5 мај 1789 година во Версај го свикал собранието на државните сталежи. Кога кралот објавил дека се воведуваат нови даноци кои требало да ги плаќа третиот сталеж, претставниците на овој сталеж веднаш се спротивставиле на овој предлог и се прогласиле за Народно собрание. Во јули истата година, Народното собрание се прогласило за Уставотворно собрание со цел да донесе Устав во државата.

*Објаснете го сталешкиот систем во Франција.*

## ПОЧЕТОК, ТЕК И ПОБЕДА НА РЕВОЛУЦИЈАТА



*Угнетување на селанецот*

Иако кралот се согласил со работата на Собранието, тајно се подготвувал со војска да го растури. Тоа предизвикало незадоволство кај народот, поради што на 14 јули 1789 година бил заземен затворот Бастилја-симболот на кралскиот апсолутизам. Тоа го означило почетокот на Француската буржоаска револуција. По примерот на Париз револуцијата победила и во другите делови на Франција. Победата ја искористила крупната буржоазија и ја презела власта. Преку Народното собрание била донесена Декларација за правата на човекот и граѓанинот. Во 1791 година Уставотворното собрание донело Устав со кој Франција била прогласена за уставна монархија и била укината поделбата на граѓаните на сталежи.

*Задача: Прочитајте ја Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот. Какво општествено уредување се зацврстило во Франција според неа?*



*Напад на Бастилја*

## ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА



*Погубувањето на кралот Луј XVI*

Стравот од ширењето на революцијата, во 1792 година предизвикал интервенција на неколку феудални држави против Франција. Војната против Феудалната коалиција ја влошила положбата на народот. Француската војска на фронтовите трпела порази. Во август месец 1792 година народот на Париз го нападнал кралскиот дворец Тилјери и го затворил кралот. По овие настани било свикано ново Народно собрание, наречено Конвент, кое ја прогласило Франција за република.

Конвентот работел во атмосфера на недоверба помеѓу две политички струи. Жирондистите сметале дека револуцијата е завршена и сакале да го спасат кралот. Јакобинците сметале дека револуцијата треба да продолжи се до уништувањето на феудално-апсолутистичкиот систем. Под притисок на Јакобинците, Конвентот ги осудил на смрт кралот и кралицата, кои потоа биле погубени.

*Објаснете ги разликите меѓу Жирондистите и Јакобинците.*

## ЈАКОБИНСКА ДИКТАТУРА

По погубувањето на кралот, Феудалната коалиција ја засилила борбата против буржоаската република, а во внатрешноста на Франција избувнала и контрареволуција. Поради незадоволството од владеењето на Жирондистите, власта ја презеле Јакобинците кои предводени од Максимилијан Робеспјер воведе диктатура позната како Јакобинска диктатура. По преземањето на власта и кај Јакобинците се јавиле разидувања. Тоа го искористиле нивните противници кои го убиле Робеспјер, со што во 1794 година Јакобинската диктатура била укината, а власта во Франција ја презела крупната буржоазија.

Француската буржоаска револуција го срушила феудалното општествено уредување и претставува вовед во еден нов период на општествениот развој во кој ќе владее слободата и рамноправноста на сите граѓани. Таа го забрзала развојот на капиталистичкото стопанство во Франција и другите земји, а исто така го овозможила развојот на демократијата.

*Какво е историското значење на Француската буржоаска револуција?*

## НАПОЛЕОН БОНАПАРТА



*Наполеон Бонапарта*

Во 1795 година бил донесен нов устав на Франција според кој законодавната власт ја имал Конвентот, а извршната Директориумот. Во исто време се водела војна со надворешните непријатели, во која особено се истакнал младиот генерал Наполеон Бонапарта (1769-1821). Користејќ и го незадоволството од владеењето на Директориумот, во 1799 година Наполеон извршил државен пресврт и на местото на Директориумот вовел ново извршно тело наречено Конзулат. Покрај Наполеон, имало уште двајца конзули, но Наполеон имал речиси неограничена власт. Во 1804 година Наполеон се крунисал за император на Франција.

По прогласувањето за цар Наполеон продолжил да војува против Австрија, Англија, Прусија, Шпанија, Русија и други земји. Во 1812 година со голема војска ја нападнал Русија. Во Бородинската битка Наполеон ја поразил руската војска и ја зазел Москва. Поради силниот отпор што го давале Русите, набрзо морал да се повлече од Русија. По поразот на неговата војска во битката кај Лајпциг (1813 г.) од здружените пруски, австриски и шведски сили, Наполеон се вратил во Париз. Тој бил принуден да го напушти престолот по што бил заточен на островот Елба. Во Франција била вратена феудалната власт, а за крал на Франција бил поставен Луј XVIII, братот на Луј т. Во 1815 година Наполеон бил ослободен, и краткотрајно ја презел власта, но истата година доживеал нов пораз во битката кај Ватерло. Потоа бил повторно затворен на островот Сета Елена каде што умрел во 1821 година.

По поразот на Наполеон Бонапарта, во Франција и во Европа завладеала феудална реакција. Државите кои војувале против Наполеон, во 1814 година свикале мировен конгрес во Виена. Биле донесени одлуки според кои во сите држави требало да се вратат на власт законските владетели. Со овој конгрес била извршена реставрација на феудализмот во европските држави и биле уништени придобивките од Францускатa буржоаска револуција.

*Истражувајте на интернет: Наполеон Бонапарта и неговите војни.*
*Направете проект: Француска буржоаска револуција.*

# НОВИ НАЦИОНАЛНИ ДРЖАВИ ВО ЕВРОПА

## ОБЕДИНУВАЊЕ НА ИТАЛИЈА




*Европа во 1815 година*

Во XIX век Италија се уште била економски и политички расцепкана на повеќе самостојни државички, а значителен дел од Северна Италија се наоѓал под власта на Хабсбуршката Монархија (Австрија). Во средна Италија постоела Папската држава, во јужна Неаполското кралство, додека на Сардинија и на дел од Северна Италија постоело Сардинското Кралство (Пиемонт). Политичката расцепканост и туѓинската власт претставувале пречка за нејзиниот развој. Во текот на револуцијата од 1848 година, Италијаните направиле обид да го извршат своето обединување, но во тоа не успеале.

Со развојот на капитализмот во Италија, се јавило и националното движење за обединување на Италија. Околу обединувањето на Италија постоеле две гледишта. Првото гледиште го предводеле Џузепе Мацини и Џузепе Гарибалди кои сметале дека обединувањето на Италија треба да се изврши преку револуционерната борба во која ќе се вклучи ситната буржоазија, интелигенцијата, работниците и селаните.

Второто гледиште го застапувал истакнатиот пиемонтски политичар, грофот Камило Кавур. Тој сметал дека обединувањето треба да го изврши Сардинското Кралство (Пиемонт) но со помош на голема сила која ќе помогне да се победи Хабсбуршката Монархија.

Откако Кавур станал претседател на владата на Пиемонт, почнал да ја остварува својата замисла. Со помош на Франција, во 1860 година Хабсбуршката Монархија била поразена и морала да се согласи со отстапување на дел од Северна Италија на Пиемонтското Кралство. Непосредно после тоа кон Пиемонт биле приклучени повеќе државички во Средна Италија: Парма, Модена, Romaња и Тоскана. Во исто време во Неаполското Кралство избувнало востание предводено од Џузепе Гарибалди. Со тоа Неаполското Кралство било уништено и приклучено кон Пиемонт. Во 1861 година било извршено обединувањето на Италија и прогласено Италијанското Кралство. Со навлегувањето на италијан-

ските војски во Папската држава во 1870 завршило политичкото обединување на Италија, со што италијанскиот народ за прв пат во својата историја бил обединет.

*Како се реализирало обединувањето на Италија?*
*Истражи и осознај! Како се развивала политичката кариера на Камило Кавур?*



*Камило Кавур*



*Џузепе Мацини*

## ОБЕДИНУВАЊЕ НА ГЕРМАНИЈА

Германија во првата половина на XIX била расцепкана на повеќе независни држави и државички. Некои од нив, како Баварија и Прусија, биле моќни држави. По Револуцијата од 1848 година, во германските држави настапиле реакционерните режими, кои дошле до најголем израз во Австрија и Прусија. Политичката расцепканост претставувала пречка за понатамошниот развој на капиталистичкото стопанство.



*Ото фон Бизмарк*

Секоја германска државичка имала свои царински граници, свои пари и мерки за мерење. Со текот на времето меѓу одделните држви се постигнувале меѓусебни договори за трговија, а во 1834 година бил формиран Царински сојуз. Со неговото формирање внатрешните царини меѓу државите биле укинати. Овие мерки придонеле за забрзан стопански и индустриски развиток на Германија. Царинскиот сојуз придонесол за порастот на крупната индустрија.

Околу прашањето за обединувањето на германските држави, постоело ривалство меѓу Прусија и Австрија. Нивното соперништво довело

до меѓусебна војна во 1866 година. Откако Австрија била поразена, Прусија започнала сама да го врши обединувањето на Германија. Најголем придонес во процесот на обединувањето на германските земји имал прускиот канцелар Ото фон Бизмарк. Како вешт дипломат и стратег, тој го создал Северногерманскиот сојуз, во кој главна улога имала Прусија. Надвор од Сојузот останале само неколку јужногермански државички на чие обединување со Северногерманскиот сојуз се спротивставила Франција. Во војната која што се водела во 1870 година Франција била поразена. Победата на Прусија го овозможила дефинитивното обединување на Германија. Во јануари 1871 година во Версај било прогласено Германското Царство (Германски Рајх) со главен град Берлин. Со тоа на европската сцена ќе стапи една нова и голема сила - Германија.

*Како било извршено обединувањето на Германија?*
*Истражи и осознај! Ото фон Бизмарк - државник и дипломат.*

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ОБЕДИНУВАЊЕТО НА ИТАЛИЈА И ГЕРМАНИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

Со обединувањето на Италија и Германија во Европа завршил процесот на создавање големи национални држави. Нивниот стопански развој им овозможил на владите на овие две земји да започнат агресивна и експанзионистичка надворешна политика. Со оглед на фактот дека светот веќе бил поделен помеѓу постарите капиталистички земји, во прв ред Англија, Франција и Русија, младите држави Германија и Италија барале нова поделба на светот и на колониите. За остварување на овие барања, Германија и Италија, заедно со Австро-Унгарија, во 1882 година создале воен сојуз, познат како Троен сојуз, или Сојуз на централните сили, кој претставувал еден од двата империјалистички блокови пред Првата светска војна.

*Зошто бил формиран Тројниот сојуз?*



*Прогласувањето на Вилхелм I император на Германија во Версај*

# СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ НОВА СВЕТСКА СИЛА

## КОЛОНИЗИРАЊЕ НА СЕВЕРНА АМЕРИКА И ВОЈНАТА ЗА НЕЗАВИСНОСТ



*Америндијанци*

По откривањето на Северна Америка, во неа почнале да се доселуваат Европејци, меѓу кои најповеќе од Англија, како и од Холандија, Франција, Германија и Ирска и тоа предимно сиромашни селани. Со текот на времето од мешањето на европските доселеници се создал американскиот народ, а официјален јазик станал англискиот. Во XVIII век Англија откако ги победила Франција и Холандија создала 13 колонии во кои главно живееле фармери - доселеници кои имале свои имоти. Реката Потомак ги делела овие колонии на Северни и Јужни.

Во северните колонии во кои постоеле подобри услови за живот, поголемиот дел од жителите биле фармери ситни сопственици на земја. Освен тоа, таму брзо се развивала и индустријата и трговијата. Во јужните колонии постоеле големи имоти - плантажи, на кои работеле робови - црнци доведувани од Африка.

Новите колонии економски брзо се развивале, но нивниот економски развој бил ограничуван од Англискиот парламент од кој колонистите биле незадоволни. На колонистите им се забранувало да отвораат претпријатија што ќ е ги конкурираат англиските стоки, немале право на слободна трговија и биле принудени да плаќаат многубројни даноци.

Во 1774 година бил свикан конгрес во Филаделфија на кој била разгледана настанатата положба. Конгресот барал од англискиот крал да ги укине сите ограничувања во трговијата и индустријата и да не им наложува данок без нивна согласност. Но наместо задоволување на нивните барања кралот ги прогласил за бунтовници. Поради овие причини во 1775 година колонистите предводени од богатиот плантажер од Вирџинија и голем патриот Џорџ Вашингтон започнале вооружена борба за слобода и независност. Во текот на војната, на 4 јули 1776 година американскиот конгрес ја усвоил Декларацијата за независ-

ност, со која поранешните англиски колонии во Северна Америка се прогласиле за независна држава под името Соединети Американски Држави (САД). По поразот на англиската војска, во 1783 година, во Версај биле водени преговори и бил склучен мир, со кој Англија ја признала независноста на САД.


*Џорџ Вашингтон*

*Кои биле причините за американската војна за независноста?*

## ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ НА САД

Во 1781 година бил донесен првиот устав на САД. Според уставот во прво време државата претставувала конфедерација, при што секоја држава имала своја војска, финансии и царински граници. Ваквото државно уредување се покажало непрактично, поради што во 1787 година бил донесен нов устав според кој државата се прокламира за федеративна заедница со претседателски систем. Извршната власт му припаѓа на Претседателот на Републиката, кој се избира на четири години и има големи овластувања. Законодавната власт му припаѓа на Конгресот (Сенатот и Претставничкиот дом). Во Сенатот се избираат по двајца пратеници од секоја американска држава, а во Претставничкиот дом пратениците се избираат во зависност од бројот на населението во соодветната држава. Врховната судска власт му припаѓа на Врховниот суд. Робовите - Црнците и Индијанците немале граѓански права.

*Какво е државното уредување на САД?*

## ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО САД (1861-1865)

Стопанството во САД се повеќе се развивало, но не подеднакво и рамноправно во сите држави. Северните држави ја развивале индустријата и фармерското земјоделство, а во југот на државата се задржале робовладетелските односи. Речиси 4 милиони Црнци робови работеле на големите плантажи. Во втората половина на XIX век се појавило силно движење за ликвидација на ропството што во историјата е познато како Движење на аболиционизмот.

Кога за претседател на САД бил избран Абрахам Линколн, привранзик на аболиционизмот и за бесплатна поделба на слободното земјиште на Запад на сиромашните фармери, во 1861 година јужните држави решиле да се отцепат од САД и формирале нова држава со главен град Ричмонд. Истата година јужните

држави повеле војна против северните. Во текот на војната Абрахам Линколн преку Конгресот ги спровел Законот за бесплатно доделување земјиште на Запад и Законот за укинување на ропството. Тоа било повод голем број доброволци-фармери, работници и Црнци да влезат во редовите на војската од северните држави која извојувала неколку победи, поради што јужните држави биле принудени да капитулираат во 1865 година. Со тоа завршила Граѓанската војна во САД во полза на северните држави.

Последиците од Граѓанската војна биле од големо значење за понатамошниот развиток на САД. Било обновено политичкото единство. Било укинато ропството и Црнците добиле право на глас, но не добиле земја.

*Опиши го текот на Граѓанската војна во САД.*

## САД ПРЕРАСНУВААТ ВО ИМПЕРИЈАЛИСТИчКА СВЕТСКА СИЛА

По Граѓанската војна САД остварувале брз економски подем. Се граделе нови патишта и железнички линии, се развивало земјоделството, растело населението со нова европска емиграција. Во 1860 година САД имале само 30 милиони жители, а по Првата светска војна над 100 милиони луѓе. Особено се развива индустријата (челик), рударството, нафтената индустрија итн. Се формираат големи индустриски корпорации (Морган, Рокфелер). Во 1900 година САД имале најразвиена железничка мрежа во светот. Со големиот економски растеж САД кон крајот на XIX и почетокот на XX век станува прва економска сила во светот.

Во овој период САД почнала да води и глобална надворешна политика. Така САД го проширила своето влијание во Централна и Јужна Америка. По Американско-шпанската војна (1898) САД го проширила своето влијание на Филипините, на Куба, Порторико и на Хаваите. Меѓутоа, пацифичката ориентација на САД се судрила со империјалистичките интереси на Јапонија во овој регион.

*Какви последици имала Граѓанската војна за натамошниот општествено-економски развиток на САД?*



# СВЕТОТ ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

## ПОДЕМ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО ЕВРОПА

Со брзиот развој на општествено-економските односи, и зајакнувањето на граѓанството, предизвикале потреба од воведување на многу поголеми права и политички слободи во земјите во Европа. Процесот на демократизацијата кон крајот на XIX и почетокот на XX век се остварува преку парламентаризмот како систем на владеење и форма на политичко уредување на граѓанското општество. Најголем подем во почитувањето на граѓанските права и слободи бил остварен во Англија, со воведување на парламентаризмот како форма на владеење. Иако со доста отпори, парламентарното уредување пстепено се воведува и во другите држави како што се Франција, САД и др. Во парламентарните држави, парламентот е највисок орган на законодавната власт. Тој ги донесува законите, го усвојува буџетот на државата, ја избира владата и ја одредува внатрешната и надворешната политика.

Во работата на парламентот учествуваат пратеници избрани со мандати од 4 години, а политичкиот живот го диктираат политичките партии. Белег на овој систем на владеење е постоењето на повеќе политички партии, кои водат меѓусебна политичка борба за освојување на власта.

*Што претставува парламентаризмот како систем на владеење?*



*Процут на германската индустрија*

## БОРБАТА НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ ЗА ПРЕСТИЖ ВО ЕВРОПА, АЗИЈА И АФРИКА

Прашањето на колонијалните освојувања и повторната поделба на светот меѓу големите сили кон крајот на XIX и почетокот на XX се повеќе ги заострувале меѓународните политички односи. Првите војни за повторна поделба на светот имале локален карактер. Во почетокот на XX век во Кина, свои интересни сфери оствариле Англија, Франција, Русија и Германија. Во поделбата на Кина се замешала и Јапонија со освојувањето на островот Формоза-Тајван и Кореја, а по војната со Русија добила превласт и во Манџурија. По поразот на Шпанија, САД ги добиле шпанските колонии Филипини, Хаити, Гуам и се стекнале со доминација во Карипското Море и Мексиканскиот залив. Колонијална војна се водела и во Јужна Африка меѓу Англија и Бурите, чии држави Оранж и Трансвал станале англиски колонии.

Со обединувањето на Германија и Италија, Австро-Унгарија го загубила своето влијание во меѓународните политички односи. Но таа не се откажувала од своите освојувачки планови. Стратешките интереси на Австро-Унгарија биле насочени кон Балканот во што ја имала безрезервната поддршка на Германија. Остварувањето на ваквата политика не одела без тешкотии бидејќи таму дошла во судир со интересите на Русија, живо заинтересирана за проширувањето на своето влијание на Балканот.

*Зошто Кина претставувала најголем предизвик за остварување на своите интересни сфери на големите сили?*
*Кон која област била насочена Австро-Унгарија во остварувањето на освојувачките планови?*



*Изградба на железнички пруги во САД*

## СОЗДАВАЊЕ НА ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКИ БЛОКОВИ

Со оглед на тоа што младите капиталистички држави не биле задоволни со постојната поделба на светот, тие барале нова територијална поделба на светот. Незадоволството особено се чувствувало во Германија, која во 1879 година склучила сојуз со Австро-Унгарија. Кон овој сојуз во 1882 година пристапила и Италија. Така настанал таканаречениот Троен сојуз.

Создавањето на Тројниот сојуз во средна Европа, Франција го оценила како опасност за своите државни интереси. Затоа во 1893 година склучила сојуз со Русија. Кон сојузот, малку подоцна се приклучила и Англија откако оценила дека од Германија и се заканува опасност. Така настанал сојузот меѓу Франција, Англија и Русија, познат под името Антанта. Односите меѓу спротивставените блокови се повеќе се заостривале и тие отворено се подготвувале за војна.

*Размислете: Кои биле причините за создавање на Тројниот сојуз и Антантата?*



*Експлоатација на каучукови дрвја во Бразил*

## МЕЃУНАРОДНИ ВОЕНИ И ПОЛИТИЧКИ КРИЗИ И КОНФЛИКТИ



*Рускиот цар Николај II*

Настанувањето на блоковите во Европа предизвикало длабока криза во меѓународните односи. Уште пред започнувањето на Првата светска војна, во разни подрачја на светот дошло до судир на силите кои им припаѓале на спротивставените блокови. Судир на интересите меѓу Германија и Франција во Мароко ја предизвикал Првата (1905-1906) и Втората (1911) мароканска криза. Заострување на меѓународните односи се јавило и на Балканот со анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија (1908) и Балканските војни (1912-1913).

Сите овие судири претставувале потенцијална опасност за избувнување на светска војна. Трката за вооружување на големите сили продолжила. Индустријата на големите сили била преориентирана, главно, на воено производство. Се чекал само погоден момент за започнување на војна, која прераснала во светски размери.

*Наведете ги поголемите меѓународни кризи и конфликти кои можеле да ја предизвикаат Првата светска војна?*



Потпишувањето на Лондонскиот мировен договор (1913)

# НАУЧНИ И КУЛТУРНИ ДОСТИГНУВАЊА

## НАУКАТА И ТЕХНИКАТА И НИВНАТА ПРИМЕНА

Развојот на природните и техничките науки кон крајот на XIX и почетокот на XX век предизвикале појава на бројни технички изуми и иновации. Примената на електричната енергија како погонска енергија извршила револуционерни промени во производните сили.



*Луј Пастер*

Во 1870 година Сименс го конструирал електричниот трамвај, со што започнала неговата примена во сообраќајот во поголемите градови во светот. Со изградбата на првата хидроцентрала во светот во 1890 година во Германија биле создадени услови за искористување на хидроенергијата. Научникот Никола Тесла во САД конструирал машина на повеќефазна струја. Овој пронајдок овозможил пренесување на електричната енергија на големи растојанија. Во 1879 година американскиот научник Томас Едисон ја пронашол првата електрична светилка.



*Марија и Пјер Кири*

Со развојот на науката кон крајот на XIX век се развила и хемиската индустрија. Примената на моторите со внатрешно согорување го зголемила производството на нафта. Биле пронајдени вештачкото ѓубре, вештачките бои, амонијакот, бензинот и др. Пронајдоците во оваа област имале широка примена во производството, а посебно во земјоделството. Во развитокот на хемијата посебно место му припаѓа на научникот Иван Менделеев, кој го составил периодичниот систем на хемиските елементи. Алфред Нобел



*Роберт Кох*

во 1867 година го пронашол динамитот, а подоцна се усовршила изработката на бездимниот барут. Во 1868 година Пјер и Марија Кири го пронашле радиумот и ги проучиле неговите својства, со што биле поставени научните темели на радиоактивноста.

Со истражувањето на X - зраците, Германецот Рентген овозможил длабинско снимање на одделни човечки органи, кое и денес се применува во медицината. Францускиот научник Луј Пастер открил дека бактериите се предизвикувачи на болестите и на тој начин го отворил патот за спречување и лечење зарази. За развојот на науката од особено значење претставува името на Чарлс Дарвин кој во неговата книга *Потекло на видовите* ја развил теоријата на еволуцијата.

Значајно место во пронаоѓаштвото имале средствата за врски и кинематографијата. Така, американскиот физичар Морзе го усовршил телеграфот, Бел и Греј го пронашле, а Михајло Пупин го усовршил теелефонот. Врските се унапредиле со откривањето на безжичната телеграфија и радиото. Со пронаоѓањето на фотографијата се развила и кинематографијата

*Размислете: Како електричната енергија извршила револуционерни промени во производствените сили кон крајот на XIX и почетокот на XX век?*
*Направете проект: Живототи делото на научникот Михајло Пупин, чии корени потекнуваат од Македонија.*

## ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

Со развојот на економијата, науката и техниката кон крајот на XIX и почетокот на XX век, во многу европски земји и во Северна Америка биле воведени промени во образованието. Во основното образование се школувале поголем број ученици. Бројот на средните училишта бил зголемен, а се отвориле и стручни училишта во кои се добивале знаења од техниката, трговијата, земјоделството, медицината и др. Училиштата биле опремени и со лаборатории во кои се изведувале разновидни експерименти. Високото образование, исто така, бележи голем напредок. Бројот на универзитетите, а со тоа и на факултетите се зголемил.



*Достоевски*

Со развојот на образованието, се развиле и други културни институции кои овозможиле развој на културата. Со цел да се даде што поверодостојна слика за животот, во книжевноста и уметноста ќе се развие реализмот. Покрај реализмот се развиле и натурализмот и симболизмот. Најпознати претставници на литературата од тоа време се: Иполит Тен. Ги де Мопасан, Хенрих Ибзен, Емил Зола (натурализам), ЛавТолстој, Фјодор Достоевски, Марк Твен, Ромен Ролан, Џек Лондон, Бернард Шо, Максим Горки, Оноре де Балзак (реалисти).



*Лав Толстој*

Во сликарството се појавиле пове ќе правци: романтизмот, реализмот, натурализмот и импресионизмот. За разлика од реализмот во сликарството, импресионизмот повеќе се стремел да ја изрази средината онака како што ја доживувале уметниците а не како што навистина била. Најпознати сликари припадници на импресионизмот биле: Клод Моне, Алфред Сисле, Пол Сезан, Камиј Писаро, Огист Реноар, Едгар Дега и др.

Во овој период силен подем доживуваат и театарот и операта. Во музиката се појавиле повеќе правци: Класицизам (Брамс), неоромантизам (Чајковски, Григ), импресионизам (Дебиси), а на почетокот на XX век се појавиле композиторите, претходници

на современите струи во музиката: Рихард Штраус, Стравински, Бела Барток и други.

Балетот како дел од уметноста својa кулминација доживеал непосредно пред Првата светска војна со појавата на еден руски балет во француската престолнина Париз.

Големо внимание во овој период се посветувало на изгледот на европските градови. Во Лондон тогаш била обновена Вестминстерската палата, додека во Париз, кој бил наречен град на светлината била изградена Ајфеловата кула -симболот на модерна Франција. Во поголемите европски градови почнале да се прикажуваат и кинопретстави.

*Направете проект за изгледот на големите европски градови кон крајот на XIX и почетокот на XX век.*
*Откриј и осознај! Појавата на импресионизмот во сликарството во Европа.*



*Портрет на Жана Самари, Пјер Огист Реноар*



*Ајфелова кула*

# БАЛКАНОТ ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## СЛАБЕЕЊЕ НА ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА

Слабеењето на Османлиската држава продолжило и во XVIII и почетокот на XIX век.По многубројните неуспешни војни, Османлиската Империја губела делови од својата територија, со што се влошувала положбата на покорените немуслимански народи. Поробените народи ја користеле слабоста на државата и се повеќе го засилувале своето национално-ослободително движење.



*Султанот реформатор Селим III*

За да воведе внатрешен ред и да ја спаси државата од натамошно слабеење, султанот Селим III (1789-1807) спровел реформи. За да ја зацврсти централната власт, создал нова регуларна војска, а настојувал да ја подобри положбата на поробените народи. Неговите реформи наишле на силен отпор на реакционерните сили, по што султанот бил убиен, а реформите биле прекинати. Неговиот наследник Махмуд II ја укинал јаничарската војска и вовел редовна војска.



ХАТИШЕРИФЪ

*Гилханскиот Хатишериф од 1839 година*

Во 1839 година султанот Абдул Меџит го објавил Гилханскиот хатишериф. Со него, сите жители на Османлиската Империја, без разлика на религија и национална припадност биле изедначени пред законот. Почетокот на Кримската војна (1853-1856) го спречила спроведувањето на реформите.

Во 1856 година османлиската власт изда-

ла нов реформски акт, познат како Хатихумајун. Со него била прокламирана верска и национална рамноправност на сите народи во државата.

*Која била целта на спроведувањето на реформите во Османлиската држава?*

## НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ДВИЖЕЊА НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ

Францускатa буржоаска револуција од крајот на XVIII век имала силно влијание врз националното будење на балканските народи: Грци, Срби, Бугари, Македонци, Бугари, Албанци, Црногорци и др. Почетокот на XIX век за балканските народи означувал и почеток на борбата за ослободување од повеќевековната османлиска власт.

Националноослободителните борби најрано ги започнале српскиот и грчкиот народ. Српските востанија од 1804 и 1815 година биле предвесници на почетокот на борбата за национално ослободување на балканските народи. По српскиот народ во 1821 година ослободителната борба ја започнал и грчкиот народ. Благодарејќи на подобрата организација на востанието, Грците ќе бидат првиот народ на Балканот кои ќе добијат независна држава. Една година подоцна кон нив се придружил и македонскиот народ кој го кренал Негушкото востание, потоа во 1876 година Разловечкото и во 1878 година Кресненското востание. Во 1876 година во Бугарија избувнало големо антитурско востание познато во историјата како Априлско востание. Во борбите за ослободување од Османлиите активно учество зеле и Црногорците, кои уште пред да ја добијат независноста во поголемиот дел на Црна Гора имале внатрешна самоуправа. Во истиот период и во Албанија се засилило националноослободителното движење.



*Учесниците на Берлинскиот конгрес*

Големо значење во натамошниот развој на Балканот имало востанието во Босна и Херцеговина (1875) кое што ја предизвикало Големата источна криза кој го опфатила речиси целиот Балкан.

*Кои биле најголемите востанија на балканските народи против османлиската власт во XIX век ?*

## РУСКО-ТУРСКАТА ВОЈНА ВО 1877/78 ГОДИНА

По избувнувањето на востанието во Босна и Херцеговина, српската и црногорската влада настојувале да ја искористат ослабената положба на Османлиите за ослободување на своите земји кои се наоѓале под османлиска власт. Затоа, во 1876 година започнале војна против Османлиската Империја.

Востанието го привлекло вниманието и на големите сили. Откако Портата го одбила нивниот план за реформи, Русија, која била заинтересирана да го прошири своето влијание на Балканот, го искористила тоа и објавила војна на Турција во 1877 година. Руската војска помогната од романски, бугарски, српски и македонски доброволци, го преминала Дунав и навлегла во Северна Бугарија. По успешната офанзива таа стигнала пред Цариград. На 3 март 1878 година, Турција која била поразена, во Сан-Стефано потпишала мир со Русија.

Со одредбите на Сан-Стефанскиот мировен договор се предвидувало да се прогласат за независни: Србија, Црна Гора и Романија, а во Босна и Херцеговина да се воведат реформи. Се предвидувало и создавање на една нова вазална автономна бугарска држава. Во составот на т.н. Санстефанска Бугарија освен бугарските земји се предвидувало да влезат и цела Македонија (без Солун и Халкидик), делови од југоисточна Србија и делови од Албанија и Грција.

Големите сили сметале дека со т.н. Санстефанска Бугарија, која практично никогаш не се реализирала, многу се проширило руското влијание и затоа побарале ревизија. Во Берлин (13 јуни-13 јули 1878 г.) бил одржан конгрес на кој биле изменети решенијата од Сан-Стефано.

Берлинскиот конгрес ги изменил границите на балканските земји. Србија, Црна Гора и Романија биле прогласени за независни држави. Австро-Унгарија добила право да ја окупира Босна и Херцеговина. Од т.н. Санстефанска Бугарија останало само мало автономно кнежевство Бугарија со обврска да плаќа данок на Турција,



*Српски воен логор во Скопје (1913)*

а јужно од Стара Планина била создадена автономна област Источна Румелија, која останала под врховна власт на Турција. Според член 23 од договорот, за Македонија и другите балкански територии што останале под османлиска власт биле предвидени реформи.

*Кои биле решенијата на Сансшефанскиош договор?*
*Зошто се одржал Берлинскиош конгрес?*

## БАЛКАНСКИ ВОЈНИ




*Балканскиош Полуосшров*
*йо Балканскише војни*

Во почетокот на XX век Македонија, Косово, Одринско, Санџак и Албанија се уште се наоѓале под османлиска власт. Користејќи го незадоволството на населението од младотурскиот режим, соседните балкански држави пројавувале претензии за заземање на одделни територии од Османлиската држава. Во таквите настојувања ја имале поддршката од Русија, која била заинтересирана да го зацврсти своето влијание на Балканот.

Во 1912 година Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора склучиле четворен сојуз, познат како Балкански сојуз. По завршувањето на воените подготовки, а по одбивањето на Турција да изврши реформи во европскиот дел на земјата, на 9 октомври 1912 година, балканските држави и објавиле војна. Откако била поразена, Турција побарала мир. Мировната конференција се одржала во Лондон. Според мировниот договор склучен на 30 мај 1913 година Турција морала да ги отстапи речиси сите територии што ги држела на Балканот. Била создадена автономна држава Албанија, а Македонија била поделена меѓу Србија, Бугарија и Грција.

Бугарија која не била задоволна од решенијата на Лондонската конференција, на 29 јуни 1913 година им објавила војна на Србија, Грција и Црна Гора. Оваа војна е позната како Втора балканска војна. Во текот на војната, Бугарија од север била нападната од Романија, а од југ од Турција. Поразена од сите страни, Бугарија била принудена да бара мир. Мирот бил склучен на 10 август 1913 година во Букурешт. Со Букурешкиот мировен договор била потврдена поделбата на Македонија: вардарскиот дел и припаднал на Србија, егејскиот дел на Грција, а пиринскиот дел на Бугарија. Еден мал дел од југозападна Македонија останал под Албанија. Романија ја добила Јужна Добруџа, а Турција го повратила одринскиот крај. Со тоа биле исцртани нови граници на Балканот.

*Кои биле последициште од балканскише војни?*

# ТЕМА 5.
# НАЈНОВО ВРЕМЕ

# ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## ПРИЧИНИ, ПОВОД И ПОЧЕТОК НА ВОЈНАТА



*Апсењето на Гаврило Принцип*

Антагонизмот помеѓу Централните сили и Антантата кон крајот на XIX и почетокот на XX век се повеќе се зголемувал. Во тој период започнала засилена борба меѓу големите капиталистички држави за превласт во светот. Постарите капиталистички држави Англија, Франција и Русија завладеале со поголемиот дел од колониите, кои располагале со богати извори на суровини и големи пазари. Наспроти нив, помладите капиталистички - Германија, Австро-Унгарија и Италија, настојувале насилно да заграбат од богатите извори на суровини во колониите.

Несогласувањето меѓу двата сојуза станале толку големи што не можеле да се решат по мирен пат. Поради тоа и едните и другите интензивно се подготвувале за војна. Германија војнички се подготвила порано од своите противници и барала повод за почеток на војната.

Повод за започнување на Првата светска војна бил атентатот врз австроунгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд во Сараево на 28 јуни 1914 година. Атентатот го извршил Гаврило Принцип, член на тајната револуционерна организација Млада Босна. Австро-Унгарија ја обвинила Србија дека го организирала атентатот, и испратила ултиматум со неприфатливи барања. Австро-Унгарија со поддршка на Германија и објавила војна на Србија на 28 јули 1914 година. Војната веднаш прераснала во светска империјалистичка војна. Во текот на војната воените операции се воделе на повеќе фронтови: Западен, Источен, Кавкаски, Балкански и Македонски (Солунски) фронт.

*Кои биле причините за Првата светска војна?*




*Државите на Тројниот сојуз и Антантата*

## БАЛКАНСКИ ФРОНТ

Набрзо по објавувањето на војната, воените сили на Австро-Унгарија навлегле во Србија. Иако исцрпена од Балканските војни, српската војска во 1914 година извојувала неколку победи на планината Цер и на реката Колубара. Есента 1915 година Австро-Унгарија со помош на Германија извршила нова офанзива во Србија. Откако во октомври истата година на Србија и објавила војна и Бугарија, српската војска била принудена преку Албанија да се повлече на островот Крф. Тогаш војските на Тројниот сојуз ги окупирале Србија и Црна Гора.


*Германските војници во Скопје*

*Опишете го текот на операциите на Балканскиот фронт во 1914 и 1915 година?*

## ВОЈНАТА НА ЗАПАДНИОТ И ИСТОЧНИОТ ФРОНТ ВО 1914 И 1915 ГОДИНА

На Западниот фронт воените операции се воделе меѓу француските и германските војски. Во битката на реката Марна во 1914 година било запрено германското напредување во Франција. Војната на овој фронт долго време се водела во ровови, без некои поголеми промени.

Откако увидела дека не може да го оствари својот план на Западниот фронт, Германија ја засилила војната на Источниот фронт против Русија. Меѓутоа, и на овој фронт, германската и австро-унгарската војска биле принудени да водат долготрајна рововска војна.

По започнувањето на војната, и двата блока настојувале неутралните држави да ги придобијат на своја страна. Антантата успеала да ја придобие Италија - која била членка на Тројниот сојуз, ветувајќи и ги земјите по јадранското крајбрежје. Така во мај 1915 година Италија и објавила војна на својата поранешна сојузничка Австро-Унгарија.Во меѓувреме Тројниот сојуз ја придобил Бугарија со ветување дека по победата ќе и ја даде цела Македонија и Источна Србија.

*Зошто Италија преминала кон Антантата?*

## ТЕКОТ НА ВОЈНАТА ВО 1916 ГОДИНА

Во текот на 1916 година на Западниот фронт, германските војски биле запрени кај тврдината Верден. Германија гледајќи дека нема успеси на суво, се обидела да победи на море. Во мај 1916 година се одиграла најголемата поморска битка кај полуостровот Јутланд на Балтичко Море.

Војната добивала се пожестоки размери. За прв пат во историјата биле употребени тенкови, авиони и подморници, со што бројот на човечките жртви станувал се поголем.

Кон крајот на 1915 година, Антантата отворила нов фронт кај Солун познат како Солунски (Македонски) фронт кој поминувал низ средината на македонската територија. По еднонеделна борба англо-француската и српската војска ја разбиле бугарско-германската војска и ја освоиле Битола. Но натамошното напредување било запрено.

*Истражи и осознај! Солунскиот (Македонскиот) фронт.*

## КРАЈОТ НА ВОЈНАТА И ПОСЛЕДИЦИТЕ

Воените операции што ги водела Русија на Источниот фронт предизвикале масовни протести кај народот. Во 1917 година ова незадоволство прераснало во голема револуција. Новопрогласената Советска република на чело со В.И. Ленин склучила мир со Германија и излегла од Првата светска војна.

Во 1917 година САД влегле во војна на страната на Антантата. Војските на Антантата презеле офанзива на сите фронтови. На Солунскиот (Македонскиот) фронт, во септември 1918 година Антантата ја разбила бугарско-германската војска и го пробила фронтот. Бугарија била принудена да потпише капитулација, а по неа истото го сторила и Турција. На 3 ноември 1918 година капитулација потпишала и Австро-Унгарија.

И на Западниот фронт силите на Антантата незапирливо ја гонеле германската војска. На 11 ноември 1918 година Германија потпишала капитулација со што завршила Првата светска војна.

Првата светска војна имала империјалистички карактер. По своите размери таа ги надминала сите поранешни војни во историјата на човештвото. На бојното поле загинале над 10 милиони луѓе, а бројот на ранетите бил двојно поголем. Покрај тоа, за време и непосредно по војната, од глад и болести умреле уште 20 милиони луѓе во светот. Првата светска војна му нанела и огромни материјални штети на човештвото.

*Како завршила Првата светска војна?*
*Какви биле последиците од Првата светска војна?*

## ПАРИСКАТА МИРОВНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Мировната конференција започнала на 18 јануари 1919 година во Версај (близу Париз). Главна улога имале претставниците на големите држави од Антантата: Англија, Франција, САД, Италија и Јапонија. На Конференцијата поразените земји биле прогласени за виновни и биле казнети. Им биле одземени колонии и делови од нивните територии. Тие биле принудени да платат воена отштета - репарации на земјите победнички. Била прекроена картата на Европа и воспоставен нов систем во меѓународните односи познат како Версајски систем



*Потпишувањето на Парискиот мировен договор , 28 јуни 1919 г.*

*Истражи осознај! Кои нови држави се создале во Европа по Првата светска војна?*
*Изработете проект: Првата светска војна.*




*Европа по Парискатa мировна конференција*



*Парискатa мировна конференција*

# СВЕТОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

## СПРОТИВНОСТИ ВО СВЕТОТОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Со решенијата на мировната конференција во Версај не само што не биле разрешени спротивностите од пред војната, туку се создале и нови. Така, се продлабочиле спротивностите меѓу победените или ревизионистичките држави (Германија, Бугарија, Унгарија, Австрија и Турција) и победниците или антиревизионистичките држави (Англија, Франција и нивните сојузници). Ревизионистичките држави се стремеле да ги ревидираат Парискиte мировни договори а со тоа да ги вратат загубените територии, додека антиревизионистичките држави сакале по секоја цена да ги зачуваат териториите што ги добиле.

Во овој период до израз доаѓала се позасилената трка и борба за превласт и господство во светот. Во таа смисла големи спротивности постоеле меѓу Франција и Англија во однос на Германија и нејзините колонии. Франција која сакала да оствари хегемонија во Европа, била заинтересирана на Германија да не и се овозможи да се издигне во светска сила. На ваквата политика на Франција за европска хегемонија се спротивставила Англија, која сакала да ја задржи улогата на арбитер во Европа.

Слична спротивност постоела и помеѓу САД и Јапонија за доминација на Тихиот Океан (Пацификот). Заострувањето на односите меѓу овие две земји кулминирал со војна во периодот на Втората светска војна.

Единствен став, капиталистичките држави имале во однос на



*Франклин Делано Рузвелт*

Советскиот Сојуз. Тие се стремеле да ја урнат советската власт и да ги задушат револуционерните и националноослободителните движења во светот.

Со желба да го зачуваат духот на париските мировни договори, Англија и Франција се стремеле да создадат систем на сојузи за колективна европска безбедност, насочен главно кон Германија, Унгарија и Бугарија. Така, во 1921 година бил формиран француско-белгискиот сојуз, потоа во 1920-1921 година Чехословачка, Кралството СХС и Романија ја формирале Малата антанта, насочена главно кон Унгарија. Покрај тоа Франција ја формирала и Балтичката антанта (Полска, Летонија, Естонија и Финска), а во 1934 година се формирала Балканската антанта во која влегле Југославија, Романија и Турција. Во 1925 година, на иницијатива на Англија, во Локарно (Швајцарија) бил потпишан пакт за безбедност на границите.

Англија, Јапонија и други земји го потпишале Пактот Бријант-Келог. Со овој договор потписниците се обврзувале дека нема да користат воена сила како средство за решавање на спорните прашања.

*Кои биле спротивностите меѓу двете светски војни?*

## ДРУШТВО НА НАРОДИТЕ

За да се зачува мирот и стабилноста во светот на предлог од претседателот на САД Вудро Вилсон, во април 1919 година била создадена меѓународната организација Друштво на народите, со седиште во Женева. Главни органи на Друштвото на народите биле: Генерално собрание, во кое влегувале претставници од сите членки и Совет на Друштвото на народите кој бил составен од 15 члена од кои 5 биле постојани члена. Постоел и Секретаријат на чело со Генерален секретар.



*Седница на Друштвото на народите (1926)*

Друштвото на народите било примено со големи надежи за зачувување на светскиот мир. Но Друштвото не ги оправдало овие очекувања, бидејќи станало орудие на големите сили - победнички во Првата светска војна (Англија и Франција). Многу држави не членувале во Друштвото, а некои поради неефикасноста во решавањето на проблемите го напуштиле. Неефикасноста на оваа организација особено дошла до израз за време на фашистичките агресии. Неможејќи да ја спречи Втората светска војна, Друштвото престанало да постои.

*Зошто Друштвото на народите не успеало да ги оствари своите цели?*

# ГОЛЕМАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА



*Редица за бесплатно јадење во Чикаго (САД)*

Политичкиот живот на Европа и во светот по Првата светска војна се дестабилизирал со појавата на економски кризи што го зафатиле светот.

Првата економска криза од 1922-1923 година немала светски размери. За нејзината појава најмногу придонеле последиците од Првата светска војна, а главно ги зафатила земјите учеснички во војната: Германија, Италија, Јапонија, Бугарија и др. Во овие земји стопанството било разурнато а производството намалено.

Кон крајот на дваесеттите години, светот го потресла Големата економска криза која траела во периодот од 1929 до 1933 година. Кризата започнала во САД, и со молскавична брзина ги зафатила сите гранки на стопанството: земјоделството, индустријата, трговијата и финансиите. Производството паднало на половина во однос на 1928 година. Многу фабрики и банки престанале со работа. За да се одржат цените на задоволително ниво, биле уништувани огромни количества жито, месо, шеќер, кафе и др. Над 30 милиони работници останале без работа.Економската криза од САД брзо се проширила и во Европа Од кризата најмногу биле погодени САД и Германија.

Патиштата за излез од кризата биле различни. Со победата на претседателските избори во САД, Френклин Рузвелт изработил програма позната под името Њу Дил (Нов Курс). За да се намали безработицата, државата организирала јавни работи - изградба на канали, патишта, хидроцентрали и др. Биле донесени и социјални закони, синдикатите добиле поголеми права, а надниците на работниците биле зголемени. Во Германија, излезот од кризата бил решен со воведување на фашистичката диктатура и милитаризацијата на економијата.



*Децата во ред за бесплатен леб*

*На кој начин САД излегле од Големата економска криза?*

## ГРАЃАНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА

Во периодот меѓу двете светски војни светот бил зафатен од една сериозна политичка криза. Во некои земји, поради економската криза демократските системи, со нивните либерални идеологии влегле во длабока криза. Тоталитарните идеологии биле се поприсутни во европскиот политички живот. Судирот помеѓу тоталитаризмот и либерализмот бил една од основните кантрадикции во политичкиот живот во Европа меѓу двете светски војни. Првите класични тоталитарни режими се воведе во Италија и Германија.

Наспроти тоталитарната идеологија, во повеќето европски земји и САД продолжил развојот на демократијата. Функционирањето на парламентарната демократија се обезбедувало преку рамноправното учество во политичкиот живот на сите легални политички партии. Развојот на демократијата достигнал најголем подем во Франција и Швајцарија како држави со републиканско граѓанско уредување. Но и во одделни парламентарни монархии, како на пр. Англија исто така се гарантирале и проширувале граѓанските права и слободи. Во овие земји синдикатите имале голема улога во одбраната на правата и заштитата на работниците.

*Истражи и осознај! Каква е разликата меѓу тоталитарните режими и демократските системи?*




*Ред за работа (Њујорк 1931)*

# СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ ФАКТОР ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

## ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА

Со влегувањето во Првата светска војна Русија влегла во длабока економска и политичка криза. Сите социјални слоеви, освен царот и неговите соработници, барале прекинување на војната. Незадоволството на населението се претворило во големи народни демонстрации во главниот град на Русија Петроград. На 25 февруари 1917 година, демонстрациите прераснале во Февруарска револуција. Царот Николај II Романов бил принуден да абдицира.

По револуцијата во Русија власта била поделена помеѓу Привремената влада на чело со Александар Керенски и Советите на работниците и војниците. Тоа бил период на т.н. политички дуализам во историјата на Русија.

Наскоро на 24 октомври (6 ноември) 1917 година избувнала Октомвриската револуција на чело со Владимир Илич Ленин. Со заземањето на Зимскиот дворец во Петроград, каде што била сместена Привремената влада, власта ја презеле Советите и на тој начин се ставил крај на дуалистичката власт.

Ноќта на 25 октомври (7 ноември) 1917 година започнал со работа Вториот конгрес на Советите. Новата болшевичка (комунистичка) власт донела повеќе одлуки (декрети): Декрет за власта, според кој целата власт минала во рацете на советите, Декрет за мирот, според кој било предвидено склучување на мир и Декрет за земјата, според кој земјата била прогласена за општонародна и доделена на користење на селаните.

Исто така била донесена и Декларација за правата на народите на Русија, со која се признавало правото на самоопределување на народите



*В.И,Ленин говори пред народот*



*Царот Николај II Романов*

во државата. На крајот од својата работа Конгресот ја формирал првата советска влада на чело со В.И.Ленин.

*Објасни ги најважните одлуки донесени на Вториот конгрес на Советите?*

## ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА



*Јуриш на Зимскиот дворец*

Приврзаниците на стариот режим и големите капиталистички држави не можеле да се помират со новата советска власт. Затоа со поддршка од западните земји била формирана т.н. Бела Гарда на чело со Деникин, Јуденич и Колчак, која во летото 1919 година ја започнала крвавата Граѓанска војна. Истата година капиталистичките држави Франција, Англија, САД и Јапонија извршиле воена интервенција во Русија. Наспроти овие сили, Црвената армија организирана од Лав Троцки, во 1923 година, успеала да ги порази белогардистите и интервенционистичките сили и дефинитивно да ја ослободи земјата.

По завршувањето на Граѓанската војна, на 30 декември 1922 година, во Москва било извршено обединувањето на сите советски републики во една сојузна држава, наречена Сојуз на Советските Социјалистички републики (СССР). Набргу потоа била избрана и првата влада на чело со В.И. Ленин.

*Зошто избувнала Граѓанската војна во Русија?*

## СТОПАНСКИОТ РАЗВОЈ НА СССР

По победата на Октомвриската револуција, економската ситуација во Русија била крајно влошена. За да се поправи севкупната состојба во државата, властите уште во периодот на Граѓанската војна ја спровеле политиката на т.н. воен комунизам. Била воведена задолжителна работа за сите граѓани и воведен задолжителен откуп на земјоделски производи.

Меѓутоа политиката на воениот комунизам предизвикала големо незадоволство кај селаните. За да се поттикне народот да го зголеми производството, советската влада започнала да спроведува една Нова економска политика



Лав Троцки

(НЕП). Со неа, властите дозволиле враќање на некои елементи од пазарната економија, па вишокот на земјоделски производи можел слободно да се продава на пазарот.

Во 1928 година, во СССР бил донесен првиот петгодишен план (ПЕТОЛЕТКА) кој предвидувал индустријализација и електрификација, како и колективизација во земјоделството со формирање на задруги, наречени колхози и совхози.

*Зошто бил воведена Новата економска политика (НЕП)?*

## ДИКТАТУРАТА НА СТАЛИН



*Јосиф Висарионович Сталин*

Во 1924 година, по смртта на В.И.Ленин, власта ја презел Јосиф Висарионович Сталин. Тој успеал да ја отстрани и да ја ликвидира т.н. левица на чело со Лав Троцки и т.н. десница на чело со Николај Иванович Бухарин и да воведе лична диктатура со политика на бел терор. Како последица од оваа политика се појавиле деформации, ограничување на демократијата, појава на бирократизам и култ на личноста. Сите политички противници биле репресирани и испратени во сибирските логори (гулази).

Октомвриската револуција имала големо влијание во светот. Во Германија и Унгарија избувнале пролетерски револуции, кои брзо биле задушени. Во 1918 година во Москва била формирана Третата (комунистичка) интернационала - Коминтерната со цел да го раководи меѓународното комунистичко движење и да ја реализира идејата за светска пролетерска револуција.

Во 1939 година Сталин склучил пакт за ненапаѓање со Хитлер. На тој начин СССР сакал да ја одбегне војната со Германија која била се поизвесна.

*Какви биле последиците на Сталиновото владеење за СССР и пошироко?*

# ФАШИЗАМ И НАЦИОНАЛСОЦИЈАЛИЗАМ

## ПОЈАВА НА ФАШИЗМОТ

Непосредно по завршувањето на Првата светска војна во некои европски земји и во светот настапил период на заострување на економските, политичките и општествените односи. Во такви услови реакционерната буржоазија, плашејќи се од револуционерни промени, а за да ги зачува свите економски и политички интереси ја напуштила демократијата и парламентаризмот и го прифатила фашизмот, како најгруб вид на тоталитаризам. Во некои земји фашизмот се зацврстил како политички систем на власт, а во други земји се јавил како политичко движење.


*Бенито Мусолини - Дуче*

Фашистичката идеологија ширела национална омраза и расизам и се служела со празни ветувања дека ќе ги реши проблемите во општеството и ќ е ги извлече сиромашните од нивната тешка положба.

Фашизмот најпрвин се појавил во Италија а потоа и во други земји како на пр. Австрија, Шпанија, Португалија, Романија, Унгарија, а особено до израз дошол во Германија и Јапонија. Целта на фашизмот во надворешната политика била да оствари светска доминација, а во внатрешната политика да воведе диктаторска власт.Во овие системи државата и нејзиниот водач треба да бидат над се.

*Кои биле причините за појавата на фашизмот?*
*Во кои земји се појавил фашизмот?*

## ПОЈАВАТА НА ФАШИЗМОТ ВО ИТАЛИЈА

По Првата светска војна Италија била незадоволна од територијалните решенија на париските мировни договори и била зафатена од тешка економска криза, која предизвикала силно работничко движење особено во Северна Италија. Италијанските комунисти станале значајна сила во општеството. Во такви услови, се појавил фашизмот, на чело со Бенито Мусолини. Уште во 1919 година Мусолини формирал фашистички одреди фашо. Во 1922 година фашистите во Неапол го одржале својот конгрес од каде што со помош на своите истомисленици Мусолини го извел т.н. Марш на Рим и ја презел власта. Италијанскиот крал Емануел III му ја предал власта на Мусолини кој станал водач - дуче на италијанскиот народ по што вовел фашистичка диктатура. Мусолини создал фашистички одреди црни кошули, тајна полиција, а ги забранил работничките партии и здруженија.

На надворешен план Италија водела завојувачка политика кон Албанија, Грција и Југославија и претворање на Средоземното Море во Италијанско Море. Идејата на Мусолини била да ја претвори Италија во Империја, по примерот на некогашната Римска Империја.

*Објаснете ја појавата на фашизмот во Италија.*
*Истражи и осознај! Како бивш новинар, каков бил односот на Мусолини кон италијанскиот печат?*



*„Маршот на Рим“*

## НАЦИЗМОТ ВО ГЕРМАНИЈА

По Првата Светска војна Германија влегла во тешка национална, политичка и економска криза. Во вакви услови во 1919 година во Минхен се создала Национал-социјалистичка партија (нацистичка) на чело со Адолф Хитлер. Нејзините членови се нарекувале нацисти, а нејзината фашистичка идеологија - нацизам На парламентарните избори во 1932 година, национал-социјалистичката партија добила најголем број пратенички места во Рајстагот (парламентот). Во 1933 година, Хитлер го распуштил парламентот, ги укинал сите политички партии освен нацистичката, и се прогласил за водач - фирер на германскиот народ.

Главните карактеристики на нацизмот биле: национализам, антисемитизам, расизам, антикомунизам и експанзионизам. Веднаш по доаѓањето на власт на нацистите во Германија антисемитизмот станал државна официјална политика. Во 1935 година биле донесени т.н. Нирнбершки закони, со кои Евреите во Германија биле дискриминирани и не биле еднакви пред законот. Евреите биле прогласени како непријатели на германскиот народ, а нивните синагоги, продавници и гробишта биле уништувани.

Друга карактеристика на нацизмот бил расизмот. Според расистичката теорија се докажувало дека германската раса е супериорна и дека таа треба да владее со светот, а наводно инфериорните раси како што се Евреите, Словенците, Ромите, да бидат ликвидирани или претворени во робови.

Со антикомунистичката политика во Германија се настојувало да се забрани секаква комунистичка активност која била сметана како најголема опасност за нацистите. Затоа комунистите биле репресирани и испраќани во логори. Посебна улога во таа политика во Германија имала тајната германска полиција Гестапо.

Значајна карактеристика на нацизмот претставувал и експанзионизмот. Откако ја презел власта, А.Хитлер веднаш почнал да води активна политика за ревизија на Париските мировни договори.

*Објаснете ги основните карактеристики на нацизмот во Германија.*



*Средбата Хитлер и Мусолини (1938)*



*Адолф Хитлер на воена парада*

## ПРВИТЕ АГРЕСИИ НА ФАШИСТИЧКИТЕ ДРЖАВИ

Првата држава што тргнала во агресивна надворешна политика била фашистичка Италија. Во 1923 година таа го анектирала југословенскиот град Риека и грчкиот остров Крф. Во 1935 година Италија ја нападнала африканската држава Етиопија (Абисинија) и ја претворила во своја колонија. Користејќи го пасивниот однос на демократските држави, четири години подоцна, Италија ја окупирала Албанија.

Уште поагресивна од италијанската била политиката на нацистичка Германија. Таа во 1935 година ја присоединила Сарската област, а наредната година и Рајнската област што по Првата светска војна и биле одземени и присоединети на Франција. Во 1938 година го извршила таканаречениот аншлус - насилно присоединување на Австрија кон Германија. Охрабрена од ова, ги започнала подготовките за освојување на Чехословачка. Во истата година се потпишала Минхенската спогодба меѓу Хитлер, Мусолини, Чемберлен и Даладие. Со спогодбата и било овозможено на Германија да и се врати Судетската област населена со Германци, но во следната година Германија ја окупирала Чехословачка.

Во 1936 година Германија, Италија и Јапонија ја формирале оската Рим-Берлин-Токио со цел полесно да ги реализираат нивните освојувачки намери за наметнување на новиот поредок во светот.

За да се запре агресивната политика на фашистичките држави, демократските сили во светот пројавиле отпор против фашизмот. Мошне значајна улога одиграл Народниот фронт, создаден на иницијатива на Коминтерната на чело со генералниот секретар Георги Димитров. Силен отпор на фашистичката политика бил организиран во Шпанија, каде се водела Шпанската граѓанска војна во која националистичките сили, помогнати од Германија и Италија, успеале да ги поразат републиканските бранители во чии редови имало 35.000 доброволци дојдени од 69 земји од целиот свет.



*Георги Димитров*



*Олимпијадата во Берлин 1936*

# БАЛКАНОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

## КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ

По завршувањето на Првата светска војна на 1 декември 1918 година била формирана нова држава на Балканот - Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (СХС). Во државата биле признати националните права само на трите наведени народи, негирајќи го притоа правото на самоопределување и националната самобитност на другите народи (Македонците, Црногорците и др.). До 1929 година, државата била парламентарна монархија со голема улога на кралот во законодавната власт. На првите парламентарни избори во 1920 година, најмногу гласови добиле Југословенската демократска партија, Народната радикална партија и Комунистичката партија на Југославија.



*Кралот Александар I*

Етничката нетрпеливост во државата кулминирала во 1928 година, кога во Парламентот бил убиен лидерот на Хрватската селанска партија Стјепан Радиќ. Настојувајќи да ја стабилизира монархијата, да го зачува буржоаскиот поредок и хегемонизмот на српската буржоазија, кралот



*Атентатот над кралот Александар I Караѓорѓевиќ*

Александар Караѓорѓевиќ на 6 јануари 1929 година го укинал парламентаризмот и вовел диктатура. Државата ја поделил на 9 бановини, а името на државата го преименувал во Кралство Југославија.

Во 1934 година, во Марсеј во Франција бил убиен во атентатот кралот Александар I Караѓорѓевиќ од страна на Ванчомихајловистите. Поради се поголемиот притисок што доаѓал од Германија и Италија, српските политички фактори договориле компромисно решение со хрватското национално движење. При тоа, во 1939 година била потпишана спогодбата Цветковиќ-Мачек, според која била формирана посебна административно-територијална единица Бановина Хрватска. Но со тоа националното прашање во Југославија не било решено.

Фашизацијата на земјата продолжила и како врв на таа политика, на 25 март 1941 година во Виена било потпишано пripојувањето на Југославија кон Тројниот пакт.

*Каква била политичката положба во Кралството на СХС (Југославија)?*

## БУГАРИЈА ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА



*Александар Стамболиски*

Поразите на Бугарија во Балканските и во Првата светска војна предизвикале големо незадоволство во земјата и голема политичка нестабилност. Царот Фердинанд бил принуден да абдицира. Во корист на неговиот син Борис.

На парламентарните избори од 1919 година Земјоделската партија на чело со Александар Стамболиски извојувала победа. Новиот курс на бугарската надворешна и внатрешна политика предизвикал големо незадоволство кај крупната буржоазија. На 9 јуни 1923 година, десноориентираните политички кругови, на чело со Александар Цанков, извршиле државен удар. Во трагичните настани Загинал и А. Стамболиски.

Незадоволна од настаните, БКП на чело со Георги Димитров во септември 1923 година организирала востание, кое било крваво задушено, а БКП била забранета.

Во 1934 година, лидерот на организацијата Звено Кимон Георгиев извршил државен удар и ја презел власта во земјата. Новата влада ја забранила активноста на ВМРО на чело со Ванчо Михајлов, која негативно влијаела на односите на Балканот и го загрозувала и интегритетот на бугарската држава. По 1935 година, на надворешен план, Бугарија се ориентирала кон Германија и Италија и изразувала територијални претензии кон соседните земји.

*Каква била политичката состојба во Бугарија по Првата светска војна?*

## ГРЦИЈА ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА


*Метаксас*

По Првата светска војна Грција значително се проширила на сметка на Бугарија и Турција. Со оглед дека Турција не ги почитувала одредбите од Севрскиот мировен договор, во 1920 година Грција започнала војна против Турција. По поразот во војната, Грција била принудена да го потпише мировниот договор во Лозана.

Поразот во Грчко-турската војна во Грција бил доживеан како национална катастрофа. Кралот Константин бил принуден да абдицира, а во 1924 година Грција била прогласена за република. Една година подоцна генералот Теодорос Пангалос вовел диктатура во Грција но без да успее да ги намали политичките страсти во земјата меѓу најголемите политички партии Либералната и Народната партија.

На 4 август 1936 година, поради големата нестабилност во земјата, генералот Јоанис Метаксас, со благонаклоност на кралот вовел диктатура во Грција. Своето владеење Метаксас го започнал со палење на книгите на античките писатели, а посебна суровост покажал спрма левоориентираните политички сили и Македонците со кои биле преполнети грчките затвори и логори.

*Каков карактер имала диктатурата на Јоанис Метаксас?*

## СОЗДАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

По успешно завршената Грчко-турска војна, Кемал Мустафа успеал да ја спаси Турција од распад и да ги постави темелите на модерна национална граѓанска држава. Во 1923 година Кемал Мустафа наречен Ататурк - татко на Турција, ја прогласил државата за република.

Во периодот меѓу двете светски војни, Кемал Ататурк настојувал да го модернизира турското општество и да ја воведе Турција во европските цивилизациски текови. Благодарејќи на неговиот


*Мустафа Кемал Ататурк*

личен авторитет и цврстиот карактер, Ататурк успеал да ја оддели религијата од државата, да го реформира правниот систем на земјата по европски модел, била воведена латиницата, биле проширени правата на жените и била воведена европската мода во облекувањето. По смртта на Кемал Ататурк, на чело на Турција застанал Исмет Инени. Тој ја продолжил политиката на Кемал Ататурк.

*Какво значење имале реформите во Турција во модернизацијата на државата?*

## АЛБАНИЈА ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА



*Кралот Ахмет Зогу I*

Во периодот меѓу двете светски војни Албанија преживувала голема политичка нестабилност. Во политичкиот живот постоело ривалството помеѓу Прогресивната и Народната партија. Овие околности ги искористил полковникот Ахмет Зогу, и во 1921 година ја презел власта.

Во 1928 година, Ахмет Зогу и неговите приврзаници почнале да преземаат мерки за да го променат општествениот систем, во кралство за што била заинтересирана и Италија. Тогаш Албанија се прогласила за монархија а Ахмет Зогу за крал.

Во периодот од 1929-1935 година, Албанија како и целиот свет била опфатена со голема економска криза.

Во 1939 година Италија ја окупирала Албанија. Владата на Ахмет Зогу не организирала никаков отпор, туку ја напуштила земјата. По бомбардирањето од воздух и море италијанските трупи го зазеле Драч, Тирана и други градови, по што италијанските агресори ја зазеле цела Албанија.

*Каква била политичката состојба во Албанија меѓу двете светски војни?*

# ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## ПРИЧИНИ ЗА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Причините за Втората светска војна биле спротивностите меѓу развиените капиталистички земји. Тие биле предизвикани од нивниот нерамномерен развој. Појавата и јакнењето на фашизмот уште повеќе ги заострило тие противречности, а желбата на фашистичко-милитаристичките држави за повторна поделба на светот, довела до неминовен судир од светски размери. Парискиte мировни договори по Првата светска војна донеле решенија кои не им одговарале на Германија, Италија и Јапонија. Затоа во 1936 година Германија и Италија создале воен сојуз, а кон нив во 1940 година се приклучила и Јапонија. Така бил создаден блок на фашистички сили Рим-Берлин-Токио, кој е познат под името Троен пакт.

Победничките држави од Првата светска војна, пред се Англија и Франција, задоволни од поделбата не сакале промени, туку барале да се почитува Верса-




*Втората светска војна во Европа и Северна Африка 1939-1941*

јскиот систем. Овие две земји воделе попустлива, капитулантска политика кон фашистичка Германија, која кулминирала со потпишувањето на Минхенската спогодба од 1938 година. Нивната политика била и да го изолираат СССР и фашистичките земји да ги насочат против него.САД, поради недоразбирањето со европските партнери, постепено се повлекла во т.н. изолационистичка политика и не го гарантирала версајскиот систем.

*Објаснете ги причините за Втората светска војна.*

## ПОЧЕТОК НА ВОЈНАТА (1939-1941)




*Влегување на Германците во Полска*

Повод за почеток на Втората светска војна било германското барање градот Данциг (Гдањска) и тесниот полски коридор кој ја разединувал Источна Прусија од останата Германија да и бидат отстапени на Германија. Полска сметајќи на помошта од западните земји го одбила германското барање, а тоа било повод на 1 септември 1939 година Германија да ја нападне Полска. Така започнала Втората светска војна. Од исток Полска била нападната и од СССР, што било предвидено со германско-советската спогодба од 1939 година. И покрај храбриот отпор на полскиот народ, Полска за кратко време била окупирана.

По освојувањето на Полска, Германија продолжила со освојување на другите европски земји. Во април 1940 година ја нападнала и окупирала Данска а потоа ја нападнала и Норвешка. Норвешкиот народ, потпомогнат од сојузничките војски, давал силен отпор но, и покрај тоа Норвешка била окупирана по три месеци. За капитулацијата на Норвешка, особена улога одиграле домашните предавници под водството на министерот на војската Видкун Квислинг, чие име станало синоним за предавниците на својата земја во текот на Втората светска војна.

Во мај 1940 година, Германија ги нападнала и окупирала Белгија, Холандија и Луксембург. Истиот месец германските војски навлегле во Франција, заобиколувајќи ја француската одбранбена линија Мажино. Германските војски брзо напредувале, и кон крајот на јуни 1940 година Франција капитулирала. Војната потоа се пренесла во Северна Африка, каде биле заземени Тунис, Алжир и Мароко, а бил нападнат и Египет

По победата над Франција, Германија ја нападнала Велика Британија која била подложена на интензивни воздушни бомбардирања. Британскиот народ

храбро се борел и ги одбил германските напади. По неуспешниот напад на Британија, Германија ги започнала подготовките за напад на СССР.

Во овој период кон Тројниот пакт се приклучиле Унгарија, Романија и Бугарија. Откако претходно претходно ја окупирала Југославија, на 22 јуни 1941 година, Германија го нападнала СССР и покрај склучениот пакт за ненапаѓање. Користејќи ја неподготвеноста на советската војска, германската војска за кратко време длабоко навлегла на територијата на СССР со цел да ги освои градовите Москва и Ленинград.



*Германски војници пред Москва*

Кон крајот на 1941 година, војната се проширила и на Далечниот Исток. На 7 декември 1941 година, Јапонија ја нападнала американската база во Перл Харбур. САД потоа и објавила војна на Јапонија.

*Кои земји ги освоила Германија во текот на 1940 година?*

## ТЕКОТ НА ВОЈНАТА 1942-1943

Најголемите операции во текот на 1942 година се воделе на Источниот фронт. Во големата офанзива во СССР, германските сили стигнале до Сталинград и Кавказ. Големи борби се воделе кај реката Волга, а особено е значајна Сталинградската битка која траела од ноември 1942 до март 1943 година и во која учествувале околу 2 милиони војници од двете страни. Сталинградската битка завршила со голема победа на советската (Црвената) армија. Оваа битка означила пресвртница во Втората светска војна, во полза на Антифашистичката коалиција. Оттогаш германската војска била во постојано отстапување од Источниот фронт.

На Африканскиот фронт (1942-1943) се воделе големи борби помеѓу германско-италијанските и англо-американските војски. Со новата сојузничка офанзива пролетта 1943 година, германско-италијанските војски биле протерани од Африка. Во јули 1943 година, сојузничките војски извршиле инвазија на Сицилија, а малку подоцна и на Јужна Италија. Потоа, на 8 септември 1943 година Италија капитулирала.

На Пацифичкиот фронт, антифашистичката коалиција редела успеси и преминала во контраофанзива. Јапонските војски трпеле порази, а овие операции предизвикале пресврт во војната на Пацификот.

*Како се одвивале воените операции на Источниот фронт 1942-1943 година?*

## ТЕКОТ НА ВОЈНАТА ВО 1944 И 1945 ГОДИНА И КРАЈ НА ВОЈНАТА



*Потпишување капитулација на Јапонија*

Во почетокот на 1944 година, на Источниот фронт советската армија преминала во офанзива на целата линија на фронтот од Црното до Баренцовото Море. До крајот на септември 1944 година, ги протерала фашистичките војски од советската територија и навлегла во Полска и Чехословачка, а потоа и во Романија, Унгарија и Бугарија, каде биле соборени фашистичките режими и биле формирани антифашистички влади кои и објавиле војна на Германија.

На 6 јуни 1944 година западните сојузнички војски извршиле десант во Северна Франција во областа Нормандија. И го отвориле таканаречениот Западен фронт во Европа. Со помош на француското движење на отпорот, до септември 1944 година сојузничките војски ја ослободиле Франција, Белгија, Холандија и Луксембург и дошле до териториjата на Германија.

Во пролетта 1945 година сојузничките војски незапирливо навлегувале во Германија. На 30 април 1945 година соочен со поразот, Хитлер извршил самоубиство. На 9 мај Германија капитулирала. Со тоа завршила војната во Европа.Во меѓувреме, војната на Далечниот Исток против Јапонија продолжила. Во август 1945 година и СССР и објавил војна на Јапонија.Со цел да го забрзаат крајот на војната, Американците употребиле и атомски бомби на Хирошима и Нагасаки. Со капитулацијата на Јапонија на 2 септември 1945 година завршила Втората светска војна.



*Атомската бомба фрлена на Хирошима*

Втората светска војна имала тешки последици за човештвото. Повеќе од 50 милиони луѓе го загубиле животот, а околу 35 милиони биле ранети. Во текот на војната која се водела на територијата на 40 држави, биле направени непроценливи материјални штети. Втората светска војна имала антифашистички и ослободителен карактер.

# МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ

## СОЗДАВАЊЕТО НА АНТИФАШИСТИЧКАТА КОАЛИЦИЈА

Со започнувањето на Втората светска војна, големите сили во прв ред САД, СССР И Велика Британија, ги започнале преговорите за формирање сојуз со кој ќе му се спротивставаат на фашизмот, По германскиот напад на СССР на 22 јуни 1941 година, Велика Британија и СССР есента истата година го потпишале договорот за заемна соработка и економска помош, со што бил направен првиот чекор во создавањето на Антихитлеровската коалиција. Во нејзиното создавање голема улога одиграла средбата меѓу претседателот на САД Рузвелт и британскиот премиер Винстон Черчил на 14 август 1941 година при што била потпишана Атлантската повелба. Во Атлантската повелба биле истакнати политичките цели на војната, меѓу кои приоритет им бил даден да се порази фашизмот и на сите народи да им се даде право по војната слободно да го избираат своето државно уредување.

Антифашистичката коалиција официјално била формирана на 1 јануари 1942 година, кога 26 држави од светот ја потпишале во Вашингтон Декларацијата, со која се согласиле за заедничка борба до конечната победа против фашизмот.

*Како настанала Антифашистичката коалиција?*

## ТЕХЕРАНСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА

Големите победи на сојузниците во текот на 1943 година, ја наложиле потребата од одржување состанок на шефовите на трите антифашистички сили САД, Велика Британија и СССР. Така, од 28 ноември до 1 декември 1943 година се одржала Техеранската конференција на која учествувале Черчил, Рузвелт и Сталин. На Техеранската конференција се расправало за натамошните заеднички акции против Германија и Јапонија, а особено околу отворањето на нов Западен фронт. Освен овие прашања, учесниците на конференцијата го разгледувале и прашањето за ставот кон победените, за повоената безбедност и соработка, како и поделбата на сферите на влијание.



*Големата тројка на Техеранската конференција*

## КРИМСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА



*Големата тројка Черчил, Рузвелт и Сталин на Кримската конференција*

По големите успеси на сојузниците во борбите против Германија, од 4 до 12 февруари во Јалта на Кримскиот Полуостров, се одржал Вториот состанок на шефовите на трите големи сили САД, Велика Британија и СССР - Рузвелт, Черчил и Сталин.

Учесниците на конференцијата се договориле за безусловна капитулација, окупација и управување со Германија. Покрај тоа се предвидувала поделба на Германија на четири окупациони зони: британска, советска, американска и француска. Било предвидено да се уништат германските вооружени сили, репарациите да го опфатат целото германско национално богатство и да им се суди на воените злосторници.

На конференцијата во Јалта всушност Европа била поделена на сфери на влијанија меѓу големите сили САД, Велика Британија и СССР.

За обезбедување на светскиот мир, биле разработени планови за создавањето на Организацијата на Обединетите нации.

*Какво значење имала Кримската конференција за идниот развој на меѓународните односи?*

## ПОТСДАМСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА

По капитулацијата на Германија, на иницијатива на британскиот премиер Винстон Черчил била свикана конференција во Потсдам, близу Берлин, која се одржала во јули 1945 година. Покрај Черчил, на конференцијата учествувале и Хари Труман (наместо починатиот Рузвелт) и советскиот претседател Јосиф В. Сталин. Во текот на конференцијата по изборите во Велика Британија, Черчил бил заменет со новиот британски премиер Клемент Атли. На конференцијата во Потсдам големите сили решиле да се изврши целосно



*Нирнбершкиот процес*

разоружување и демилитаризација на Германија и да се забрани постоењето на Нациналсоцијалистичката партија. Покрај тоа биле донесени решенија за поделбата на Германија на окупациони зони, како и формирањето на меѓународен трибунал за судење на воените злосторници во Нинберг.

По завршувањето на Втората светска војна светот влегол во нови политички искушенија и ривалства.

*Кои решенија биле донесени на конференцијата во Потсдам?*

## МИРОВНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ПАРИЗ

Мировната конференција во Париз се одржала од јули до октомври 1946 година. На неа присуствувале претставници од 21 земја кои учествувале во војната против Германија и Италија. На париската мировна конференција имало несогласувања меѓу големите сили по одделни прашања. На 10 февруари 1947 година бил потпишан конечниот текст на мировните договори познат како Париски мировен договор.

Со решенијата на конференцијата на Италија и биле одземени сите колонии и подрачјата што ги окупирала на источниот брег од Јадранското Море. По војната Албанија повторно станала самостојна држава. Финска останала во границите од 1940 година. Романија и ја вратила на СССР, Бесарабија и Северна Буковина. Бугарија морала да ги врати одземените територии на Романија, Грција и Југославија. Австрија била поделена на четири окупациони зони. Германија на Франција и ги вратила Алзас и Лорен. Државите Белгија, Холандија, Луксембург, Данска и Норвешка повторно станале независни. На Полска и биле вратени териториите - дел од источна Прусија и источно од реките Одра - Ниса. Германија била поделена на четири окупациони зони: американска, советска, британска и француска. Со Германија не бил потпишан мировен договор. Дипломатските односи на САД со Германија биле воспоставени дури во 1951 година, а со СССР во 1955 година.

Во 1951 година била организирана Мировна конференција со Јапонија, без учество на СССР. Со решенијата на оваа конференција на Јапонија и се признала независноста и суверенитетот, а таа се обврзала да води miroљубива надворешна политика.

*Какво е историското значење на Париската мировна конференција?*



*Кинференцијата во Потсдам*

# БАЛКАНОТ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## ЈУГОСЛАВИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА



*Хитлер по нападот ја посетува Југославија*

Во периодот на големите успеси на Германија во текот на 1940 година, југословенската влада на Цветковиќ-Мачек за да ги зачува своите интереси и опстанокот на земјата, на 25 март 1941 година во Виена потпишала договор за пристапување кон Тројниот пакт. Договорот предизвикал масовни демонстрации во земјата и државен удар. Била формирана нова влада на чело со генералот Душан Симовиќ. Сметајќи дека државниот удар има антигермански карактер, Хитлер донел решение за напад на Југославија и Грција. На 6 април 1941 година, Италија и Германија ја нападнале Југославија. Кралот и владата по неколку дена пребегале во странство, а на 17 април југословенската армија капитулирала. По капитулацијата Југославија била распарчена и поделена меѓу Италија, Германија, Унгарија и Бугарија.



*Јосип Броз Тито*

Комунистичката партија на Југославија и другите антифашистички сили се спротивставиле на окупацијата и ги повеле народите на Југославија во борба против фашистичката окупација. По германскиот напад на СССР, во Југославија започнал антифашистичкиот отпор под раководство на КПЈ, на чело со Јосип Броз Тито.

Уште во 1941 година биле создадени првите слободни територии. Големи битки се воделе во 1943 година на реките Неретва и Сутјеска. На 25 мај 1944 година германските сили ја презеле оп-

ерацијата Коњички скок позната и како Десант на Дрвар, со цел да се фати водачот на антифашистичкото движење, Тито. По успешно завршените борби на Сремскиот фронт, во кои учествувал и XV македонски корпус, германските фашистички сили во Југославија биле поразени. На 15 мај 1945 година Југославија била ослободена од фашистичките окупатори.

Во текот на големите успеси на Народноослободителната војска на Југославија, на 29 и 30 ноември 1943 година во гратчето Јајце се одржало Второто заседание на АВНОЈ. На заседанието било одлучено повоена Југославија да биде уредена врз федеративни принципи, составена од 6 републики. На 7 март 1945 година била формирана привремена влада на Демократска Федеративна Југославија на чело со Јосип Броз Тито, која била призната од сојузничките држави.

*Како се развивала Народноослободителната борба во Југославија?*
*Истражи и осознај! За личноста и делото на Јосип Броз Тито.*

## ГРЦИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Фашистичка Италија, по окупацијата на Албанија, во 1940 година ја нападнала и Грција. По првите успеси на италијанската војска, грчката војска преминала во контраофанзива и италијанските војски биле принудени да се повлечат на територијата на Албанија.

За да го реши балканскиот проблем, на 6 април 1941 година Германија ја нападнала и Грција. По поразот Грција била поделена меѓу Германија, Италија и Бугарија, а кралот и владата заминале во странство.



*Партизани на ЕЛАС*

Во 1941 година започнал антифашистичкиот отпор. Отпорот го предводела КПГ, на чија иницијатива бил формиран ЕАМ (Грчки националноослободителен фронт) и ЕЛАС (Грчка народноослободиделна војска). Овие сили ја сочинувале грчката левица. Подоцна се формирале ЕДЕС (Грчка демократска и национална лига) и ЕККА (Грчки комитет за национално и социјално ослободување) кои ја претставувале грчката десница.

Во текот на 1942-1943 година недоразбирањата помеѓу ЕЛАС и ЕАМ, прераснале во вооружени судири. И покрај тоа, антифашистичкиот отпор се повеќе се развивал, опфаќајќи ги ја континентална Грција и островите. На територииите кои биле под контрола на ЕАМ-ЕЛАС биле организирани слободни територии.

За да се избегнат судирите помеѓу левицата и десницата, во мај 1944 година

во Либан била формирана Влада за национално единство, која била составена од претставници и на левицата и на десницата. По ослободувањеето на Грција, во декември 1944 година единиците на ЕЛАС се судриле со единиците на грчката влада помогнати од Англија. Во 1945 година меѓу КПГ-ЕЛАС и грчката влада бил потпишан договор во Варкиза, според кој биле разоружани единиците на ЕЛАС, а власта ја презеле грчките граѓански партии.

*Кои вооружени сили биле носители на антифашистичкиот отпор во Грција? Истражи и осознај! Зошто Македонците масовно се вклучиле во редовите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС?*

## БУГАРИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА



*Бугарски и германски војници во Драма*

Со желба да ги реализира своите територијални претензии кон соседните земји, на 1 март 1941 година Бугарија пристапила кон Тројниот пакт. По поразот на Југославија и Грција, Бугарија окупирала дел од териториите на овие држави.

По германскиот напад на СССР, БКП го повикала народот на антифашистички отпор, по што се формирале партизански одреди во Разлошко и Дупничко. По Сталинградската битка се формирале одредите: Чавдар, Антон Иванов, Христо Ботев, Рило-пиринскиот одред и др. Паралелно со вооруженииот отпор, БКП во 1943 година формирала и Национален комитет на Отечествениот фронт. Истата година бугарскиот цар Борис III умрел, а го наследил неговиот малолетен син Симеон II Сакскобурготски.

По навлегувањето на Црвената армија во Бугарија, на 9 септември 1944 година бил извршен државен удар и била формирана влада на чело со лидерот на организацијата *Звено* Кимон Георгиев. По државниот удар Бугарија се приклучила кон Антифашистичката коалиција. По војната власта ја презела Бугарската комунистичка партија (БКП) и Бугарија потпаднала под советско влијание.

*Како се развивало антифашистичкото движење во Бугарија?*

## АЛБАНИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Во 1939 година италијанските фашистички сили ја нападнале и окупирале Албанија. По капитулацијата на Југославија и Грција, под италијанска окупација потпаднал поголем дел од Косово, како и области во Црна Гора и делови од Македонија, со што била создадена т.н. Голема Албанија. На освоените територии албанските власти воделе политика на денационализација и асимилација на неалбанското население.

Антифашистичкото и националноослободителното движење во Албанија започнало во 1941 година, а негови иницијатори биле комунистите. По германскиот напад на СССР, со помош на Коминтерната и КПЈ , била организирана конференција со албанските комунистички групи, на која бил избран привремен Централен комитет на чело со Енвер Хоџа.

Во 1942 година биле формирани помали партизански единици - чети, а наредната година поголеми одреди и баталјони. Во 1942 година бил формиран Фронт за национално ослободување, а паралелно со него се формирала и националистичката албанска организација Бали Комбетар на чело со Митхат Фрашери што се борел за зачувување на Голема Албанија. По капитулацијата на Италија, германските нацистички сили ја окупирале Албанија. Кон крајот на 1944 година Албанија била ослободена, а во државата бил воспоставен комунистички режим и Албанија потпаднала под советската зона на влијание.

*Какви биле политичките прилики во Албанија по окупацијата на Италија?*



*Формирањето на КПА (8.ИЦ.1941)*

# ВРЕМЕ НА КРИЗИ, ПРОМЕНИ И СПРОТИВНОСТИ

## НОВ РАСПОРЕД НА СИЛИТЕ ВО СВЕТОТ

Завршувањето на Втората светска војна и победата над фашизмот биле силен поттик на прогресивните сили во светот да се зачува воспоставениот мир и да се унапредуваат меѓусебните односи и соработката. Но набргу по завршувањето на воените конфронтации на виделина излегле многубројните спротивности на интересите меѓу големите сили, пред се меѓу САД и СССР, како две најсилни држави во светот. Довчерашните сојузници се спореле по однос на повеќе прашања, како што се утврдувањето на границите, уредувањето на одделните земји, како и влијанието во светот. Особено доаѓале до израз разликите во однос на поразената Германија и нејзината иднина.

Благодарејќи на големите успеси во Втората светска војна, СССР, иако економски ослабнат, се афирмирал како голема светска сила и го проширил своето влијание во Источна Европа. Со помош на Црвената армија биле ослободени повеќе земји во Источна Европа како што се: Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, Источна Германија, Бугарија). Овие држави подоцна останале во советската сфера на влијание и под влијание на СССР било воспоставено социјалистичкото државно уредување.

Западноевропските земји и САД не биле задоволни од промените што се случувале во источноевропските земји, кои се стремеле кон социјалистичко и комунистичко уредување. САД и другите сили не биле задоволни поради военото јакнење и доминацијата во источна Европа. Тие настојувале да го спречат развојот на социјализмот бидејќи сметале тоа е недемократски систем во кој се негираат човековите права и слободи. Истовремено меѓу себе економски се зближувале. За таа цел од страна на САД бил направен Маршаловиот план, кој имал за цел да ја помогне борбата против комунизмот. Покрај тоа, во САД се појавила и т.н. Трумановa доктрина, според која им се обезбедувала помош на земјите *загрозени* од комунизмот.




*Поделената Европа со новите социјалистички земји*

Наспроти капиталистичките земји, и социјалистичките земји од

Источна Европа се организирале против капитализмот и империјализмот. Во 1947 година, комунистичките партии на овие земји основале Информационо биро (Информбиро), а со цел за меѓусебна помош и соработка.

Така светот влегол во фаза на студената војна со меѓусебни закани и економски блокади. Овој период траел неколку децении, во кој доминирала политиката на сила и притисок, и постојана трка во најсовремено вооружување. Студената војна започнала во во 1946 година со говорот на Винстон Черчил, одржан во Фултон (Мисури, САД), кога ги повикал западните земји заеднички да се борат против комунизмот и да се спречи неговото натамошно ширење.

Зошто бил донесен Маршаловиот план?
Со каква цел било формирано Информационото биро?

## БЛОКОВСКА ПОДЕЛБА

Во 1949 година била формирана Сојузна Република Германија (СРГ) со обединување на трите западни окупациони зони (американската, англиската и француската), а од советската зона била формирана Демократска Република Германија.

Истата година дванаесет западноевропски земји, предводени од САД го создале Северноатлантскиот пакт (НАТО). Тој требал да ги штити интересите на земјите од евентуална агресија на други земји. За извршувањето на задачите бил основан Совет на Атлантскиот пакт. Советот бил највисок орган и за воени



и за цивилни прашања.

Како одговор на формирањето на НАТО, социјалистичките земји формирале нови економски и воени организации. Во 1949 година тие го формирале Советот за заемна економска помош (СЕВ), а во 1955 година осум социјалистички земји (СССР, Полска, Чехословачка, Источна Германија, Романија, Бугарија, Унгарија и Албанија) го формирале Варшавскиот пакт. Тој бил замислен како договор за пријателство, но всушност бил воен сојуз. Во случај некоја од земјите да биде нападната, договорот предвидувал нејзе да и се даде секаква помош, вклучувајќ и ја и воената. Варшавскиот договор бил заклучен на 20 години. Потоа бил продолжен уште за десет. Меѓутоа, поради демократизацијата која настапила во СССР во периодот на Михаил Горбачов, во 1990 година овој блок престанал да постои. Подоцна во 1991 година се распадна и СССР и се претвори во Заедница на независни држави.

*Со каква цел биле формирани воените блокови по Втората светска војна?*

## ТРЕТ СВЕТ



*Насер, Тито и Нехру (1956 год.)*

По завршувањето на Втората светска војна многу народи од Африка, Азија и Јужна Америка добиле самостојност и независност. Меѓу нив најпознати се Индија, Пакистан, Бурма, Индонезија на Азискиот континент. Антиколонијалните борби подоцна се развиле и во Африка каде што независност стекнале околу четириесет држави поранешни колонии на повеќе западноевропски земји.

Со добивањето на независноста, поранешните колонии се нашле под притисок на едниот или другиот блок. Во настојувањето да го зачуваат својот самостоен развој надвор од блоковите, на конференцијата во Рангун, овие држави се договориле за формирање на т.н. трет свет, односно движење на неврзаните земји. Иницијатори на движењето на неврзаните биле Џавахарлал Нехру, претседател на Индија, Јосип Броз Тито, лидер на Југославија, и Гамал Абдел Насер, претседател на Египет. Земјите на третиот свет во 1961 година во Белград ја одржале основачката конференција на т.н. движење на неврзаните. Меѓу најзначајните одлуки донесени на конференцијата било прифаќањето на принципите на активна миролјубива коегзистенција.

Во 1964 година неврзаните и неразвиените земји ја формирале Групата на *77-те држави*, што се залагала за економски развиток на неразвиените

земји, ублажување на големите разлики што постоеле помеѓу богатите и сиромашните земји и простување на странските долгови за најсиромашните земји.

*Кои биле основните принципи на неврзаните земји?*



*Белградската конференција на неврзаните (1961)*

## БОГАТИ-СИРОМАШНИ И ПОЛИТИКА НА ПОПУШТАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

Со завршувањето на антиколонијалната борба, новоослободените и економски неразвиени земји се јавуваат како нов меѓународен фактор. Меѓутоа, поради сиромаштијата на овие земји тие не претставуваат позначаен економски фактор. Нивната слаба економска база и зависност од развиените земји претставуваа интерес за богатите и економски развиени земји.



*Последици од колонијализмот - глад во новоослободените земји*

По кулминирањето на студената војна во светот, постепено преовладуваше сознанието дека тоа штетно се одразува во меѓународните односи. Студената војна и блоковската поделба постепено му отстапуваа место на попуштањето на затегнатоста. Кон крајот на шеесетите и почетокот на седумдесетите години од XX век, односите меѓу водечките блокови се подобрија. Во овој период успешно завршиле преговорите за забрана на ширењето на нуклеарното оружје (САЛТ).

Затегнатоста попуштила и во однос на Сојузна Република Германија. Таа постепено се отвораше кон источноевропските земји, а почнала соработка и стопански односи со соседната Демократска Република Германија.

*Размисли! Зошто студената војна и блоковската поделба постепено му отстапуваа место на попуштањето на затегнатоста?*



*Потпишувањето на Варшавскиот договор*

# НОВИ ТЕНДЕНЦИИ ВО СВЕТОТ ЗА МИР И СОРАБОТКА

## ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ



*Зградата на Обединетите нации во Њујорк*

Во повоениот развој за односите меѓу државите во светот голема улога има создавањето на Организацијата на обединетите нации (ООН). Основите на оваа организација биле поставени уште во текот на Втората светска војна, со Атлантската повелба, во која се изложени принципите за повоеното уредување на светот. Оваа Повелба е увод во една поширока Декларација на здружените народи која ја прифатиле и ја потпишале во 1942 година 26 земји. На конференцијата во Сан Франциско на 26 јуни 1945 година, била усвоена Повелбата на ООН во присуство на делегати од 50 земји. Повелбата стапила во сила на 24 октомври 1945 година и затоа тој ден се слави во целиот свет како Ден на ООН.

ООН е светска организација која има за цел да го чува мирот во светот и да развива пријателски односи меѓу народите од целиот свет. Сите членки на ООН се должни да ја почитуваат Повелбата, да се борат за нејзините цели, почитувајќ и ја самостојноста и рамноправноста на сите држави и народи без мешање во внатрешните работи.

Главни органи на ООН се: Генералното собрание, Совет за безбедност, Економскиот и социјален совет, Старателскиот совет, Меѓународниот суд на правдата и Секретаријатот на ООН.

Највисок орган на ООН е Генералното собрание, кое го сочинуваат сите членки и секоја од нив има право на глас. Советот за безбедност е еден од најзначајните органи на ООН. Се состои од 15 земји членки. Постојани членови на Советот се: САД, СССР (од 1991 год. Русија), Кина, Велика Британија и Франција. Овие членки имаат право на вето, одн. без нивна согласност Советот не може да донесе одлука ако е спротивна на волјата на членката која поднела право на вето. Другите десет членки се повремени и тие се менуваат на секоја втора година. ООН има и свои специјални организации: УНЕСКО - Организација за наука и култура, УНИЦЕФ - Организација за заштита на правата

на децата, Меѓународна здравствена организација. УНКТАД - Конференција за трговија и развој, Организација за исхрана и земјоделство, Меѓународен монетарен фонд и др. Седиштето на ООН се наоѓа во Њујорк (САД).

Меѓу другите акти усвоени од ООН, посебно значење има Декларацијата за универзалните права на човекот што ја потпишале сите членки на Организацијата.

*Со каква цел е формирана ООН?*

## ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ

Честите војни и тешкото историско минато придонеле во Европа да се појави и прифати идејата за обединета Европа. Приврзаниците на оваа идеја биле истакнатите личности во политичкиот живот по Втората светска војна Роберт Шуман, Конрад Аденауер, Шарл де Гол и др.

Поттикнати од оваа идеја, во 1949 година, десет западноевропски земји во Стразбур го формирале Европскиот совет. Целта на основањето на Европскиот совет била да се обезбеди поблиска соработка на политички, економски, социјален и културен план меѓу европските земји.

Основните органи на Европскиот совет се: Советот на министри, Советодавно собрание и Секретаријат. Одлуките на Европскиот совет и неговите органи не ги обврзуваат земјите доколку нив не ги прифатат државните органи на тие земји.

Во досегашната работа Советот донел повеќе меѓународни конвенции од кои најзначајни се Конвенцијата за заштита на човековите права и Конвенцијата за мирно решавање на спроровите.

Република Македонија е примена во редовно членство на Европскиот совет во ноември 1995 година.

*Кои се основните цели на Европскиот совет?*



*Шарл де Гол*

# ЕВРОПСКА ЕКОНОМСКА ЗАЕДНИЦА



*Зградата на Европската економска заедница*

Во 1957 година во Рим била формирана Европската економска заедница (ЕЕЗ) со седиште во Брисел. Целта на оваа организација била економската интеграција на земјите членки, укинување на царините и слободно движење на стоката и капиталот. Органи на ЕЕЗ се: Советот на министри, Собранието и Судот на правдата. Нејзиното седиште и претседателството се менуваат на секои шест месеци од одделни земји - членки на заедницата.

Во 1991 година лидерите на владите на 12-те држави членки на ЕЕЗ во Мастрихт го потпишале договорот за формирање на Европска унија (ЕУ). Со тоа се создадени услови за зацврстување и продлабочување на меѓусебните врски на планот на стопанството, културата, правото, политиката итн.

Европската унија се залага за заедничка европска надворешна политика, за формирање заеднички европски сили, заедничка монета (евро), заедничко европско државјанство и европски устав. Европската унија има сопствено знаме, химна, а Денот на победата над фашизмот се прогласи за Ден на Европа (9 мај).

*Истражи и осознај! Кои поранешни социјалистички земји денес се членки на Европската унија?*



*Знамето на Европската унија*

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА



*Прослава на обединувањето на Германија (1990)*

Политиката на детантот кулминирала во 1975 година, кога со учество на 35 држави од Европа, во Хелсинки била одржана Конференцијата за европската безбедност и соработка (КЕБС). Со потпишувањето на Декларацијата за начелата на заемните односи за јакнење на довербата, безбедноста и разоружувањето, бил направен голем придонес за попуштање на затегнатоста во Европа и светот, како и јакнењето на безбедноста во Медитеранот. Значајно место во досегашните заседанија е дадено на заштитата и почитувањето на човековите права во одделни земји.

На Конференцијата во Будимпешта 1994 година било променето името во Организација за европска безбедност и соработка (ОБСЕ). Тогаш бил усвоен документ под наслов *Во пресрет на вистинското партнерство во новата ера*, со кој требало да се изнајде модел за безбедноста во Европа. Бројот на членките на ОБСЕ изнесува 52, а меѓу нив е и Република Македонија.

Во осумдесетите години на XX век, СССР покажува знаци на слабеење како на внатрешен, така и на надворешен план. Новото советско раководство на чело со Михаил Горбачов, со цел најде излез од кризата, во 1985 година најавило реформи т.н. Перестројка, со која започнал процесот на демократизацијата на земјата. Со тоа започна и процесот на демократизација на земјите во Источна Европа. Во 1989 година европските земји и СССР постигнуваат договор околу рушењето на Берлинскиот ѕид и обединувањето на двете германски држави во 1990 година. Меѓу американскиот претседател Џорџ Буш и советскиот претседател Михаил Горбачов биле најдени решенија за намалување на меѓународната затегнатост. Во намалувањето на затегнатоста и на блоковската поделба посебна улога одиграло и распуштањето на Варшавскиот пакт.



*Американскиот претседател Роналд Реган и советскиот лидер Михаил Горбачов*

# КРИЗАТА НА СОЦИЈАЛИЗМОТ И ПАЃАЊЕТО НА КОМУНИЗМОТ

## КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ СИСТЕМИ

По завршувањето на Втората светска војна светот зачекори во нова фаза на општествено-политички и економски односи. Поголем број земји во светот го задржале капиталистичкиот систем, но извесен број држави го прифатиле социјалистичкото уредување. Патот во градењето на социјалистичките односи бил различен. Така, во Југославија, Албанија и Кина истовремено со народноослободителните војни против окупаторите биле изведени и социјалистички револуции преку кои овие земји станале социјалистички. Благодарение на големата улога на СССР, што ја одиграл во победата над фашизмот, како и на помошта на Црвената армија во Бугарија, Романија, Полска, Чехословачка, Унгарија и Источна Германија, комунистите ја презеле власта и почнале да градат социјалистичко општество.



*Ј.Б.Тито и Н.С.Хрушчов (Белград 1955)*

Како прва социјалистичка држава во светот, СССР имал силно влијание на социјалистичките држави како на надворешно-политички план, така и во внатрешниот развој и политиката. Во сите социјалистички земји власта ја презеле комунистичките партии, кои воведе диктатура на пролетеријатот - еднопартиски систем. Со политичките и економските реформи во социјалистичките земји била укината приватната сопственост и пазарната економија, а биле воведени државната сопственост и планска економија. Наместо монархиите кои биле укинати, во сите овие држави било воспоставено републиканско уредување. Под влијание на советскиот модел на социјализмот, по 1945 година, во социјалистичките земји се спроведувала аграрна реформа, национализација на средствата за производство, колективизација и индустријализација и воведување на планска економија.

*Кои се основните карактеристики на социјалистичките системи?*

## ОДНОСИТЕ МЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ ДРЖАВИ

Во септември 1947 година во Варшава се одржало советување на европските комунистичките партии, на кое било формирано Информационо биро (Информбиро). Целта на основањето на Информбирото била размена на меѓусебните искуства како и придонес за подобра и рамноправна соработка меѓу земјите што се определиле за изградба на социјализам. Меѓутоа, во Информбирото Сталин гледал средство за целосно зацврстување на советската контрола врз работата на сите комунистички и работнички партии и земји. Меѓутоа, таквата практика не ја прифатила Југославија, чие партиско раководство барало рамноправни односи, гледајќи во рамноправноста гаранција за понатамошен развој на социјализмот. Поради овие ставови, Сталин преку Информбирото започнал отворена и жестока непријателска кампања против КП на Југославија, по што во 1948 година била објавена Резолуцијата на Информбирото, со која најостро била осудена политиката на Југославија.


*Фидел Кастро и Никита Хрушчов*

По прекинот на односите со СССР и со сите социјалистички земји, во Југославија било воведено социјалистичкото самоуправување, како еден нов модел во развојот на социјализмот. По смртта на Сталин, односно потпишувањето на Белградската (1955) и Московската декларација (1956), почнува нормализацијата на односите меѓу Југославија, Советскиот Сојуз и источноевропските земји. Реакциите на процесот на десталинизацијата, како и нерешените внатрешни проблеми и барањето сопствени патишта за развој довеле до одредени внатрешни немири  во сите земји на Источна Европа кои конечно ја укинале советската контрола и вовеле демократизација во внатрешното уредување.

*Какви биле односите меѓу социјалистичките земји по Втората светска војна?*

## КРИЗА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СИСТЕМ И НЕГОВО ПРОПАЃАЊЕ



*Лех Валенса*

Нараснатите процеси за демократизација на политичките системи, како и економските тешкотии, кон крајот на XX век довеле до криза на социјализмот која ќе предизвика сериозни политички промени во светот. Процесот на демократизацијата започнува во Советскиот Сојуз, а во 1990 година се воведува и повеќепартискиот систем.

Процесот на демократизацијата ги зафатил и другите социјалистички земји, како Полска, Источна Германија, Бугарија, Чехословачка, Албанија и Југославија. Политичката либерална опозиција во Полска била обединета околу синдикалната организација Солидарност на чело со Лех Валенса. На парламентарните избори во 1989 година опозицијата победила, при што била формирана првата некомунистичка влада на чело со Тадеуш Мазовјецки.

Во ноември 1989 година, Тодор Ж ивков бил отстранет од власта во Бугарија, а во декември истата година во Романија, Николае Чаушеску, за да го одбрани диктаторскиот систем, предизвикал крвопролевање на улиците на Букурешт и Темишвар, по што бил симнат од власта.

Во текот на ноември 1989 година, по само неколку дена, без пролевање крв, победила кадифената револуција, по што за претседател на Чешката Република бил избран писателот Вацлав Хавел.

Во октомври 1989 година, поради масовните демонстрации против комунистичкиот режим, претседателот Ерик Хонекер и членовите на Политбирото на КП морале да поднесат оставки. Берлинскиот ѕид, симболот на поделената Германија и поделена Европа, бил урнат. Во октомври 1990 година, со претходен договор на големите сили, било извршено обединувањето на Демократска Република Германија со Сојузна Германија.

По смртта на Енвер Хоџа, на чело на Албанија доаѓа Рамиз Алија, кој настојувал да го зачува истиот систем на уредување. Комунизмот во Албанија се распаѓа во 1992 година, кога биле одржани повеќепартиски избори на кои комунистите ја загубиле власта.



*Романка со знаме од кое е исечен комунистичкиот симбол*

Со процесите на демократизацијата се распаднале и неколку федерални социјалистички држави. СССР се распаднал на повеќе независни држави, со што на 31 декември 1991 година престанал да постои, по што била создадена Заедницата на независни држави. Чехословачка се распаднала мирно, и се формирале две независни држави: Република Чешка и Република Словачка. Кризата која настапила во Југославија по смртта на Јосип Броз Тито, кулминирала со крвава пресметка и распадот на Југословенската федерација, на чиј простор се формирале неколку независни држави.

Со преминот од социјалистички во капиталистички систем, настанале длабоки промени во политичкиот живот во источноевропските земји. Наместо еднопартиски систем, во сите овие држави биле формирани повеќе партии и спроведени повеќепартиски демократски избори. На парламентарните избори во овие држави, биле урнати комунистичките системи и била воведена повеќепартиска демократија. Со тоа започнува периодот на транзиција, во кој е воведена пазарна економија, извршена приватизација на државниот капитал и извршена е денационализација.

*Зошто дошло до криза на социјалистичкиот систем и до неговото распаѓање?*
*Направете проект: Распадот на социјализмот во земјите на Источна Европа.*



*Советските војници пред демонстранти (август 1991)*

# НАУКАТА И КУЛТУРАТА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

По завршувањето на Втората светска војна светот доживува брз економски развој. Сепак тој развој не беше рамномерен. Неразвиените земји остваруваа низок национален доход, а јазот меѓу нив и богатите постојано се продлабочуваше. За надминување на ваквите состојби, во рамките на ООН била организирана светска конференција за трговија и развој (УНКТАД). Иницијатива за нејзиното одржување дале неразвиените и неврзаните земји. Нејзината задача била да ја унапреди меѓународната трговија, а особено меѓу развиените и неразвиените земји. УНКТАД одржал повеќе заседанија на кои била разгледана економската соработка со неразвиените земји. Тоа дало извесни резултати, но поради привилегиите (протекционизмот) што го застапувале развиените земји, тие секогаш не давале резултати.

Со цел да се унапредат трговските односи, во 1948 година била склучена спогодбата за царините и трговијата  во рамките на ООН (ГААТ). Биле основани и други трговски, финансиски и други организации и здруженија кои имале за цел да се забрза економскиот развој. Сето тоа придонело за поумерен развој на светската економија, која постигнала дотогаш највисок подем.

*Каков економски развој се забележува по Втората светска војна?*

## АСТРОНАУТИКАТА И МАСОВНИТЕ КОМУНИКАЦИИ



*Јуриј Гагарин*

По Втората светска војна големите сили СССР и САД вложувале огромни средства во истражувањето и освојувањето на вселената. По лансирањето на советскиот  вештачки сателит Спутник и американскиот Експлорер, во 1961 година во вселената полета првиот човек, советскиот космонаут Јуриј Гагарин, кој за 108 минути ја обиколи земјата со вселенскиот брод Восток. Во 1963 година во вселената одлетала и првата жена од Советскиот Сојуз, Валентина Терешкова. Во 1969 година американските космонаути Нил Армстронг и Ед-

вин Олдрин, со вселенскиот брод Аполо 11 се спуштиле на месечината.

Во светот многу се развија средствата за масовно комуницирање. Со нивна помош истовремено се добиваат и испраќаат многубројни информации во целиот свет. Особено брз напредок бил остварен во развојот на телевизијата. Таа од обична се разви во сателитска телевизија со обезбедувањето на прием од сателитските летала. Се појави и кабловската телевизија која е наменета за определен број корисници.

Значаен напредок во изминативе години е постигнат во усовршувањето на телефонот, телеграфот, телефаксот, интернетот и многу други.

Денес речиси во сите области на општественото живеење навлезе автоматската обработка на податоци. Посебно место во современиот развој зазема сметачката (компјутерската) технологија. Со користењето на персоналните компјутери се автоматизира производството и контролата во многу сектори од производството и дејноста на луѓето.



*Валентина Терешкова*



*Нил Армстронг*

*Истражи и осознај! Слетувањето на Аполо 11 на Месечината во 1969 г.*

## НОВИ ТЕХНОЛОГИИ

Од педесетите години на XX век па наваму во светот се јавуваат нови технологии во производството. Напредокот на технологијата е изразен во појавата на нови материјали и нови суровини. За побрз развој на технологијата, во Европа се формира агенција за заеднички истражувачки програми и европска соработка на новите технологии наречена ЕУРЕКА. Неа ја формираа 12 развиени западноевропски земји, а со цел да се постави рамнотежа со технолошки развиените САД и Јапонија.

*Што претставува ЕУРЕКА?*

## НАПРЕДОК ВО МАТЕРИЈАЛНАТА И ДУХОВНАТА КУЛТУРА

По Втората светска војна светот доживува брз развој на материјалната и духовната култура.

Видлив напредок остварен е во областа на образованието. Така, покрај постојните универзитети како високообразовни институции, светот се збогати и со нови. Тие постигнаа високи резултати во научните истражувања во сите области и во создавањето на стручен кадар.

За унапредувањето на културата, во 1945 година е основана организацијата за просвета, наука и култура при ООН (УНЕСКО). Преку оваа организација се дава непроценлив придонес за зачувување на културното наследство. Во регистерот на културно-историските добра од Македонија е внесен градот Охрид и Охридското Езеро, за кого се грижи и УНЕСКО.


*Пабло Пикасо*

Видлив подем во светот забележа уметничкото творештво. Во областа на сликарството творат голем број истакнати сликари како што се Пабло Пикасо, Модилјани, Салвадор Дали и др.

Во прозата и поезијата значајно место заземаат имињата на Ернест Хемингвеј, Пабло Неруда, Михаил Солженицин, Алберт Ками, Жан-Пол Сартр и др.

Во областа на операта се јавиле

повеќе оперски имиња кои се прославиле во светот.

Во педесетите години на XX век во САД се појавил рокенролот како еден нов правец во музичкото творештво.

Преку творештвото на повеќе истакнати режисери и големите ѕвезди на филмското платно, силен развој достигнало и филмското творештво.

Современиот живот на човекот не би можел да се замисли без спортот како професионалниот, така и аматерскиот. Најдобри спортски резултати обично се постигнуваат на Олимписките игри, кои се одржуваат на секои четири години.

*Истражи и осознај! Музичкото творештво на легендарната рок група Битлси.*



*Битлси*



*Мерлин Монро*



*Патеката на славните - Холивуд*

# БАЛКАНОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## ГРЦИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА



*Сцена од Граѓанската војна во Грција*

По победата против фашизмот, како и со потпишувањето на договорот во Варкиза, ситуацијата во Грција не само што не се стабилизирала, туку се повеќе се усложнувала. Судирите меѓу левицата и десницата поддржувана од Велика Британија кулминирале со Граѓанската војна 1946-1949 година.

Во 1946 година во Грција бил спроведен референдум на кој мнозинството од населението се изјасниле за враќање на монархијата. Во октомври истата година КПГ ја формирала Демократската армија на Грција (ДАГ) под команда на генерал Маркос, која ги започнала вооружените операции против владините сили. Во оваа војна македонскиот народ масовно учествувал во составот на ДАГ и бил главен носител во таа борба. Од вкупно 35.000 војници на Демократската армија на Грција, 15.000 биле Македонци. Тешки и крвави борби се воделе на планините Вичо и Грамос. По поразот на ДАГ 1949 година, на власт во Грција дошле силите на крајната десница, кои започнале со терор и прогони на населението. Во борбите загинале 51.000 припадници на ДАГ, од кои 21.000 биле Македонци. Поради репресивната политика на грчката влада, околу 60.000 Македонци и Грци биле принудени да емигрираат во источноевропските земји: СССР, Чехословачка, Романија, Унгарија и Бугарија.



*Бегалци од Егејскиот дел на Македонија во Краков, Полска, 1949*

По Граѓанската војна во Грција во политичкиот живот на Грција доминирале влади составени од десно ориентираните политички партии. На парламентарните избори во 1963 година победила унијата на центарот на чело со Георгиос Папандреу. Судирот помеѓу центарот и десницата кулминирал во 1967 година, кога бил извршен државен удар, а власта ја презела војската. Воената диктатура (хунта) предизвикала

голема економска криза во државата. Под притисок на незадоволното население, во 1974 година хунтата била принудена да се повлече. На парламентарните избори истата година победила партијата на Општогрчкото социјалистичко движење (ПАСОК) на чело со Андреас Папандреу. Со изборот на новиот парламент, Грција станала парламентарна република.

Новата влада почнала да спроведува политика на *национално помирување*, дозволувајќи враќање во земјата на сите Грци кои по Граѓанската војна ја напуштиле Грција. Оваа политика не ги опфаќала Македонците, кон кои продолжила дискриминаторска политика.

На надворешно-политички план, Грција е ориентирана кон Запад. Членка е на НАТО а во 1981 година е примена во полноправно членство на Европската унија.

*Каква е политичката ситуација во Грција по Втората светска војна?*

## ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОМЕНИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ ДРЖАВИ НА БАЛКАНОТ


*Енвер Хоџ*

По Втората светска војна во Југославија, Бугарија, Романија и Албанија власта ја презеле комунистичките партии на овие земји, при што вовеле социјалистички систем. Како дел од советската сфера на влијание, овие држави го копирале советскиот модел на општествено - економскиот развој. Покрај индустријализацијата и електрификацијата, во овие земји била воведена и аграрна, одн. земјата била доделувана на сиромашните селани. По извршената аграрна реформа, во овие земји почнал процесот на присилна колективизација, одн. формирање на селски работни задруги. Средствата за производство биле национализирани, а акцент бил ставен на тешката индустрија.

По објавувањето на Резолуцијата на Информбирото (1948), биле нарушени пријателските односи помеѓу балканските социјалистички држави. Бугарската и албанската влада, приврзани кон СССР, покрај идеолошките напади врз Југославија, ги раскинале сите претходно склучени договори за пријателство и економска соработка.

Југославија по 1948 година, за да го зачува својот територијален интегритет, во 1953 година, потпишала договор за пријателство и соработка со Грција и Турција (т.н. Балкански пакт).

*Какви општествено-економски промени биле извршени во социјалистичките држави на Балканот по Втората светска војна?*

## КРИЗАТА НА СОЦИЈАЛИЗМОТ ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ



*Тодор Живков*

Брзата индустријализација, принудната колективизација, високата акумулација за проширена репродукција и увозот на странски капитал, придонесле социјалистичките земји на Балканот да влезат во длабока економска и политичка криза. Развитокот на стопанството почна да стагнира. Незаинтересираноста на селаните за производството, придонесе да се осиромаши пазарот. Недостигаа основните прехранбени артикли. Тоа предизвикуваше огромно незадоволство кај населението.

Настаните во Полска (*Солидарност*) и *перестројката* во СССР имаа силен одзив и на Балканот. Под силниот притисок на опозициските сили, во ноември 1989 година, по 35-годишно владеење, претседателот на Бугарија Тодор Живков беше отстранет од власта, со што се распадна тоталитарниот комунистички режим во оваа земја.

Во декември 1989 година, по крвавите настани во Букурешт и Темишвар, претседателот на Романија Николае Чаушеску беше принуден да замине од власта.

Во Албанија по смртта на Енвер Хоџа, новиот претседател Рамиз Алија настојуваше да го зачува постоечкиот социјалистички систем. Под притисок на народното незадоволство, во 1990 година беше воведен повеќепартиски систем. На парламентарните избори во 1992 година, мнозинство однела Демократската партија на чело со Сали Бериша, со што завршило владеењето на комунистите во Албанија.

Во услови на тешка стопанска и политичка криза, во 1989 година на чело на владата на Југославија доаѓа Анте Марковиќ. Неговиот обид да воведе реформи во државата наишол на силен отпор кај некои републички политички раководства. Во 1990 година во државата бил воспоставен повеќепартиски систем и одржани првите повеќепартиски избори. Судирот помеѓу српскиот хегемонизам и тенденциите за национално-политичка еманципација на несрпските народи го предизвика распадот на Авнојска југославија. Во одделни делови на Југославија дојде и до крвава граѓанска војна. Од некогашната југословенска федерација се формираа посебни држави: Р. Словенија, Р. Хрватска, Р. Македонија, Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора) и Р. Босна и Херцеговина (Хрватско-муслиманска федерација и Република Српска).

Поранешните социјалистички држави на Балканот се стремат кон европските интеграциони процеси и приемот во НАТО.

*Кои биле причините за кризата на земјите со социјалистичко општествено уредување и како се манифестирале?*

# СОДРЖИНА

## ТЕМА 1
## ПРЕДИСТОРИЈА

ЧОВЕКОТ ВО НАЈРАНИОТ ПЕРИОД, КАМЕНО И МЕТАЛНО ВРЕМЕ ............................ 5
ДУХОВНИ И КУЛТУРНИ ПОТРЕБИ НА ЛУЃЕТО ВО ПРВОБИТНАТА ЗАЕДНИЦА .... 9

## ТЕМА 2
## СТАР ВЕК

НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА СТАРИОТ ИСТОК ........................................................ 13
СТАРИОТ ЕГИПЕТ ................................................................................................................ 17
КУЛТУРНИТЕ И НАУЧНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА НА
НАРОДИТЕ ОД СТАРИОТ ИСТОК ..................................................................................... 21
СТАРА ХЕЛАДА ................................................................................................................... 25
СТАРИОТ РИМ ..................................................................................................................... 31
ХРИСТИЈАНСТВОТО - НОВА РЕЛИГИЈА ......................................................................... 36
ХЕЛЕНСКА И РИМСКА КУЛТУРА ..................................................................................... 39
БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК ........................................................................................... 44

## ТЕМА 3
## СРЕДЕН ВЕК

ПОЧЕТОЦИ НА ЕВРОПА - ДРЖАВАТА НА ФРАНКИТЕ ....................................................... 49
АРАБЈАНИТЕ И ИСЛАМОТ ................................................................................................. 52
ИСТОЧНО РИМСКО ЦАРСТВО (ВИЗАНТИЈА) ................................................................... 55
ИСТОЧНА ЕВРОПА ............................................................................................................. 59
КРСТОНОСНИ ПОХОДИ ..................................................................................................... 62
ХУМАНИЗАМ И РЕНЕСАНСА ............................................................................................ 66
ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА ............................................................................ 69
УЛОГАТА НА ЦРКВАТА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА ............................................................. 74
ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА ................................................................................................ 78
БАЛКАНОТ ВО СРЕДНИОТ ВЕК ........................................................................................ 81

## ТЕМА 4
## НОВ ВЕК

ЗАБРЗАН СТОПАНСКИ РАЗВИТОК ........ 87
ГОЛЕМАТА ФРАНЦУСКА БУРЖОАСКА РЕВОЛУЦИЈА ........ 90
НОВИ НАЦИОНАЛНИ ДРЖАВИ ВО ЕВРОПА ........ 94
СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ
НОВА СВЕТСКА СИЛА ........ 97
СВЕТОТ ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК ........ 100
НАУЧНИ И КУЛТУРНИ ДОСТИГНУВАЊА ........ 104
БАЛКАНОТ ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК
ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 108

## ТЕМА 5
## НАЈНОВО ВРЕМЕ

ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 113
СВЕТОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ ........ 117
СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ ФАКТОР
ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ........ 121
ФАШИЗАМ И НАЦИОНАЛСОЦИЈАЛИЗАМ ........ 124
БАЛКАНОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ ........ 128
ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 132
МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ ........ 136
БАЛКАНОТ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 139
ВРЕМЕ НА КРИЗИ, ПРОМЕНИ
И СПРОТИВНОСТИ ........ 143
НОВИ ТЕНДЕНЦИИ ВО СВЕТОТ
ЗА МИР И СОРАБОТКА ........ 147
КРИЗАТА НА СОЦИЈАЛИЗМОТ И
ПАЃАЊЕТО НА КОМУНИЗМОТ ........ 151
НАУКАТА И КУЛТУРАТА ПО
ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 155
БАЛКАНОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 159